# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 септември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, Сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците и претставниците на Владата да влезат во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Исмет Рамадани, Каролина Ристова, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Благој Голомеов, Ана Андова, Чедомир Краљевски, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Љубчо Горгиевски, Ѓорѓи Трендафилов, Петар Наумовски, Никола Груевски, Али Ахмети, Ванчо Георгиев, Ганка Самоиловска Цветанова, Хусеинџевад Хусеини, Мендух Тачи и Љубисав Иванов Ѕинго ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ова е седница е пратенички прашања.

Владата на Република Македонија, достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Цветанка Гашоска, Коце Трајановски, Ќенан Хасипи, Наташа Биковска, Иван Анастасовски, Есад Рахиќ, Јордан Михајловски, Ристана Лалчевска, Ружди Матоши и Благородна Мингова Крепиева.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Цветанка Гашоска, Слободан Даневски, Зоран Заев, Аднан Ќахил и Зоран Томиќ,

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Иван Анастасовски, Кенан Хасипи и Жарко Караџоски.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Марјан Ѓорчев и Талат Џафери.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Иван Анастасовски, Спиро Мавровски и Емилија Костадинова.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Драго Шајноски.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Зоран Заев.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ристо Пејовски.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ристо Пејовски.

Министерот за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Цветанка Гашовска.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Зоран Томиќ и Ѓорѓе Паљошковски.

Министерот за внатрешни работи достави одговор од доверлив карактер на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Талат Џафери.

Бидејќи одговорот на министерот за внатрешни работи на прашањето поставено од пратеникот Талат Џафери содржи податоци од доверлив карактер, го молам пратеникот Талат Џафери доколку сака да постави дополнително прашање тоа да го стори без изнесување на податоци од доверлив карактер.

Доколку при поставувањето на дополнителното прашање пратеникот има намера да изнесе податоци од доверлив карактер, претходно Собранието треба да одлучи да работи без присуство на јавноста.

Согласно Уставот на Република Македонија за исклучување на јавноста Собранието одлучува без претрес со двотретинско мнозинство на гласови, по предлог на претседателот на Собранието, Владта или најмалку 20 пратеници.

Го молам министерот за внатрешни работи ова да го има при давањето на одговор на дополнителното прашање.

Го молам пратеникот Талат Џафери да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Талат Џафери не е присутен во салата.

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Зоран Томиќ не е присутен во салата.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Ѓорѓе Паљошковски не е присутен во салата.

Го молам пратеникот Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Задоволна сум од одговорот и немам дополнително прашање, без разлика на тоа што нема претставник на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Коце Трајановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Коце Трајановски е отсутен.

Го молам пратеникот Кенан Хасипи да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Кенан Хасипи е отсутен.

Го молам пратеникот Наташа Биковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор госпоѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Јас благодарам на Владата за навреме доставениот одговор на моето пратеничко прашање.

Од содржината на одговорот сум задоволна, но со оглед на тоа што ни е незадоволителна ситуацијата во однос на стечаите јас би сакала пред да го поставам моето дополнително прашање да изнесам некои од аргументите што се дел од содржината на одговорот.

Имаме податок дека во тек се 2600 стечајни постапки, што сметам дека не е бројка за занемарувања.

Одговорни за стечајните постапки се стечајните совети составени од тројца судии на чело со претседател.

Во Република Македонија имаме 16 основни судови, значи 16 стечајни совети ги водат скромните 2600 стечајни постапки.

Сметам дека Републичкиот судски совет треба да го акцентира своето внимание и да се позанимава како функционира тандемот стечаен управник, стечаен судски совет, особено претседателите и за да не е во дилема би го посоветувала Републичкиот судски совет да отпочне со стечајниот совет во Кочани, но не сум сигурна дека ќе ја посети нашата веб страница и затоа ќе поставам пратеничко прашање во писмена форма до Републичкиот судски совет.

Управата за јавни приходи би требало да ги изротира овластувањата на инспекторите кои што се оптоварени било со пријателски, било со родбински врски со стечајните управници и како што милуваат да кажат “по документи си се чисти стечајните управници”, и по правило доставуваат позитивни извештаи до стечајните судски совети.

Понатаму, од последните измени во март 2004 година навистина и јас самата очекувам позитивни ефекти, но факт е дека од измените од јули 2000 година, пред 4 години, со кои меѓу другото беа пропишани потесните прописи за назначување на стечајните управници односно за нивно назначување Владата во одговорот самата констатира “според расположивите информации имаме одреден број на стечајни управници кои не се квалификувани односно немаат положено испит за овластен стечаен управник, а тоа се лица назначени пред стапувањето на одредбите од Законот за стечај со кој се бара положен стечаен испит”.

Моето дополнително прашање, бидејќи не е тука министерот за правда, можеби би може министерот за економија да одговори, заменикот е тука, или премиерот.

Дали сметате дека не се созреани условите со законска одредба во Законот за стечај да им се одземе правото на оние стечајни управници кои навистина не ги исполнуваат критериумите согласно Законот за стечај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Биковска.

Вие треба да знаете дека на дополнителното прашање имате право три минути по Деловникот. Вие си го потрошивте времето и затоа ова е толку колку што го кажавте сега.

Дали претставникот на Владата ќе одговори на ова дополнително прашање.

Има збор претставникот на Владата, заменик министерот за економија Куртали Саити.

КУРТАЛИ САИТИ:

Изборот на стечани управници е во надлежност на стечајниот суд, а на дополнителното прашање писмено ќе одговориме, од делот на наша надлежност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Се извинувам претседателе, но бидејќи јас имам повеќе одговори ако може да ги средам, бидејќи се работи за шест одговори, а четири се за стечајни управници па би можело тие четири да одат во едно, а две се од образование, така да не знам сега за кое се работи, за кој одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е до Владата, ве молам.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Тоа е за АД “Југ-турист” Куманово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, дали сте задоволни или имате дополнително прашање.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате дополнително прашање.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Намам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Есад Рахиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Есад Рахиќ не е присутен.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, почитуван премиер, претставници на Владата, колеги пратеници,

Моето прашање се однесуваше во врска со веќе донесената одлука на Владата на Република Македонија во смисла на подобрување на комуникациите, проток на луѓе и идеи да се отворат два гранични премини во североисточниот дел на Македонија односно Република Србија, општината Крива Паланка, општина Трговиште; Крива Паланка, општина Босилеград.

Одлуката е донесена, динамиката на работите не задоволува. Имам и дополнително сознание од еден меѓународен собир што се одржа со претставници на министерството и можев да слушнам од српската страна дека потешко одат работите во однос на граничниот премин со Босилеград, бидејќи од другата страна треба да се изгради асвалтен пат од 30-тина км, што за едно недогледно време е непоимливо.

Што се однесува до граничниот премин Трговиште инфраструктурата е изградена. Има снимање на теренот од Министерството за транспорт и врски и не гледам причини во еден догледен период овој  дневен граничен премин да не заживее.

Сакам да ја потсетам Владата на обврската дека има реални можности овој граничен премин што поскоро да го отвори. Во одговорот се вели дека го имаат ова во предвид, се планира, меѓутоа сакам да ја забрзаат динамиката.

Задоволен сум од одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи нема дополнително прашање.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Немам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Од одговорот воопшто не сум задоволна, иако јас во неколку наврати го поставувам прашањето кога ќе биде одредена заштитната зона околу владините објекти во комплексот Горица.

Секогаш Владата ми одговара што преземала и што има намера да преземе, меѓутоа ниту еднаш не добив одговор кога навистина ќе ја определи оваа заштитна зона и кога граѓаните конечно ќе можат да си го остварат своето со закон загарантирано право да си ги повратат имотите кои им биле одземени.

Наиме граѓаните кои имаат имоти во овој комплекст уште во 2000 година комплетна документација доставиле и точно 4 години очекуваат решение на овој проблем, а Владата презема некои дејствија, не можам да речам не, и од одговорот се гледа дека се преземени некои дејствија, биле на лице место итн, меѓутоа останува отворено прашањето кога овие луѓе конечно ќе можат да си ги остваруваат своите права и кога таквата зона ќе биде определена. Мислам дека периодот 4 години е навистина долг период кога можеше Владата да ја заврши работата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дополнително прашање нема.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Дополнителното прашае е кога Владата ќе ја определи заштитната зона. Јас никогаш не добив точен одговор на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали Владата има одговор на прашањето кога?

Вклучете го премиерот.

ХАРИ КОСТОВ:

Кога ќе се завршат потребните постапки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Ружди Матоши да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам господине претседател.

Јас прашањето го добив и направивме наши анализи каде констатиравме дека одговорот не е објективен бидејќи ние констатиравме дека се манипулира со бројките. Значи имаме разни манипулации со бројки и затоа би побарал од Владата делот на застапеноста кој го застапуваат албанците да ми го даде со име и презиме.

Значи би побарал, бидејќи не се многу албанците застапени во Владата, за образованието не би сакал воопшто, ниту од средните училишта, ниту од основните училишта не би го сакал бројот, но на јавните претпријатија и сите институции кои се во рамките на Владата.

Затоа како дополнително барање би било сите овие проценки или бројки со кои се застапени албанците во системот да ни ги дадат со име и презиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претпоставувам дека ова го барате во писмена форма.

Повелете господине премиер ако имате коментар.

ХАРИ КОСТОВ:

Коментарот ми е, бројките кои што се дадени се тие бројки кои што според евиденцијата Владата и службите одговараат за тие бројки што се дадени.

Немаме намера поединични желби да задоволуваме, по име и презиме и домашни адреси на некого заради хирови му доставуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Благородна Мингова Крепиева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Благородна Мингова Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе.

Јас сум задоволна од одговорот што го добив од Владата и немам дополнително прашање, но ќе ми дозволите една реченица за коментар.

Сакам да ги известам претставниците на Владата дека во меѓувреме од процесуирањето на прашањето до денешната седница државните службеници направија напор да ги информираат граѓаните до каде е постапката со впишување на нивниот имот добиен во процесот на денационализацијата.

Лично не сметам дека институтот пратенички прашања треба постојано да иницира прашање кое е во процес две години да се решава веднаш по поставувањето на пратеничкото прашање, а најмногу на министрите им останува задачата постојано да ги проверуваат државните службеници за нивната ажурност и ефикасност. Тоа секако ќе придонесе во оценката за работата на овие државни службеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дополнително прашање нема?

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Немам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Слободан Даневски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Слободан Даневски денеска не е присутен.

Го молам пратеникот Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Задоволна сум и немам дополнително прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Заев, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам пртседателе,

Јас сум задоволен од одговорот, но сакам само еден коментар.

Се работи за реализација на НЕАП програмата, проект што е од голема вредност. Конкретно се работи за пречистителната станица во Струмица што треба да биде донација од грчката Влада.

Прашањето се однесува до министерот транспорт и врски - имајќи предвид дека последните контакти на нашата Влада преку Канцеларијата за врски, е поставено во март 2004 година, но само замолница од моја страна нашата Влада и Министерството за транспорт и врски да бидат малку поупорни во барањето одговор до каде е стигната работата од страна на грчката Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Аднан Ќахил, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Аднан Ќахил не е во салата.

Го молам пратеникот Зоран Томиќ, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Задоволен сум од одговорот.

Останува во корелација со Министерството за транспорт и врски, се разбира и со другите надлежни министрства, веројатно и со локалната самоуправа да се проработи на клучниот проблем за патниот правец Тетово - Брвенци. Станува збор за клучката што претставува навистина една сериозна опасност по безбедноста на луѓето и возилата што се движат по тој патен правец. Таму е извонредо огромна фрекфенција на луѓе и возила, па можам да кажам дека дури и стока се превезува, така што е многу битно сите надлежни министрства и понатаму да работат на отстранување на овој проблем и се да биде ставено во најдобар можен ред, токму од аспект на безбедноста на сообраќајот на тој дел од патот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодрам претседателе,

Одговорот се однесуваше на Проектот за основање основно училиште по барање на Месната заедница "Бајрам Шабани", од Куманово. Бидејќи проектот ги исполнува сите услови, јас направив една средба со претставниците на месната заедница, а за мене е најбитно дека беа задоволни од одговорот. Го прифаќаат тоа што Министерството го носи како решение да одлуката ја донесе локалната самоуправа , бидедејќи основното образование согласно Законот, согласно законите за децентрализациите преминува во ингеренции на локалната самоуправа. Така што самите преставници на месната заедница се задоволни од одговорот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Ќенан Хасипи, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Ќенан Хасипи не е присутен во салава.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Ниту пратеникот Жарко Караџоски не е моментално присутен.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Ниту пратеникот Марјан Ѓорчев не е присутен.

Го молам пратеникот Талат Џафери, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Јас морам да Ве известам дека добив писмено известување од Министерството за финансии дека ниту министерот ниту заменикот се во земјата. Тие се на пат.

Но, г-дине Талат Џафери вие можете да се изјасните дали сте задоволни или не.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам, г-дине претседателе.

Од одговорот што го добив констатирам дека или не е добро разбрано прашањето што сум го поставил или нешто друго е во прашање. Во одговорот се даваат дефиниции на прашања што се во однос на денационализацијата. Прашањето беше со друга конотација и од таа причина во форма на дополнително прашање ќе го дефинирам прашањето, ќе го прецизирам прашањето за да можам да добијам одговор за тоа што беше суштината на основното прашање што се постави на претходната седница.

Прашањето е:

- Колку барања се дадени за денационализација на имот;

- Колку од нив се од физички лица.

- Колку барање се од Исламската заедница.

И, во оваа насока колку се одговорени и колку барања се наоѓаат пред Врховниот суд односно во судска постапка.

Во оваа форма прашањето е појансо и ќе се добие одговор за дополнителното прашање. Конкретно за овие прашања што ги постави како дополнителни прашања.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Од стенограмот ќе го извадиме прашањето и ќе го испратиме до Министерството за финансии. Се надеваме дека ќе бидете разбрани сега.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Претставник од Министерството мислам дека нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажете дали сте задоволни или не, барем тоа да го завршиме.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Бидејќи до Министерството за правда имам доставено 4 прашања, а всушност сите се однесуваат на една иста материја, тоа е за промена на стечајните управници во АД “Киро Фетак” Куманово, АД “Житомел” - Куманово, ТП “КУПРУМ” - Куманово, и за исхрана. Ќе тргнам по ред.

Претседателе, би сакал за сите три веднаш да кажам и со тоа што ова ќе стсигне до министерот за правда.

По однос на пршањето во врска со стечајниот управник АД “Киро Фетак”, тоа прашање е поставено пред година дена. Еднаш беше реагирано од стрна на Министерството и тој стечаен управник беше променет. Значи, тоа е веќе завршено.

Но, тоа што е интересно, вчера имав средба со стечајните работници, односно нивното Координативоно тело, а нивната бројка не е мала, околу 17 иљјади во Куманово, вчера имавме средба и разговаравме по однос на одговорите добиени од страна на Министерството за правда, во врска со АД “Киро Фетак” Куманово, АД “Житомел” - Куманово, ТП “КУПРУМ” - Куманово, и сега доаѓаме до една работа каде што конкретно во одговорот што се однесува до стечајниот управник на АД “Житомел” Куманово каде што министерството за правда кажува дека податоците ги има земено, односно се обратило до претседателот на Основниот суд во Куманово, јас не знам кој е тој пртседател на Основниот суд на Куманово, бидејќи сеуште за Куманово нема назначено претседател на Основниот суд. Сега, во понатамошната постапка и во самиот одговор се кажува дека Одборот на доверители има изгласано недоверба на стечајниот управник во АД “Житомел” Куманово.

Го почитувам тоа што Владата кажува дека нема ингеренции. Всушност, стечајните судски совети се тие што имаат директни ингеренции над стечајните управници, меѓутоа јас сум убеден дека Министерството за правда има ингеренции на ова што е дадено во членот 24, каде што се вели, ќе си земам за право да го прочитам членот 24 од Законот за стечајна постапка:

“На првото Собрание на доверители, по именувањето на стечајниот управдник доверителите можат наместо стечајниот управник кој е именуван од страна на Стечајниот совет, да именува друг стечаен упрвник.

Значи, ова доверителите го имаат направено. Овде треба само да се испочитува членот 24 под Законот за стечајна постапка. Тие имаат изгласано недоверба на постојниот стечаен управник.

Јас би молел, во писмена форма некако Министерството да одговори.

благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Тоа ќе го испратиме како дополнително прашање до Министертсвото за правда.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Повелете, г-дине Мавровски, иако немаме претставник.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не го гледам ни премиерот. Мислам, прашањето беше поставено до него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

До министерот за правда беше.

СПИРО МАВРОВСКИ:

До министерот за првда, прашањето беше поставено до Министерствата за внатрешни работи и до Министерството за правда на 29.05.2003 година, а одговорот е добиен на 7.09.2004 година. Се постави прашање во врска со наредбите на Основниот суд во Битола, за претрес во домовите на граѓаните, колку такви наредби за претрес се направени во периодот од поставувањето на новите началници од СДСМ во СВР Битола. И, колку предмети за покренување на кривично дело се пронајдени по тие наредби. И, последното прашање, коклу грѓани се повикани без уредни покани на распит во СВР Битола?

Одговорот од министерот за правда кажува дека е добиен одговор од Претседателот на Основниот суд во Битола, кажува дека наредби за претрес во домовите на граѓаните се издадени вкупно 154. Предмети за покренување на кривично дело се пронајдени 27, по 15 се покренати обвиненија.

Јас сега, кажував и тогаш, сега повторно ќе кажам, ако Судот така лесно издава, значи 154 наредби за претрес во домовите на граѓаните, а од нив имате 15

предмети за кривично тело, вели “покренато обвинение”, што не значи дека ќе биде покренато обвинение, тоа е г-дине министре 10%. Ако така судовите си земаат за право, тогаш имаше и по угенција на граѓаните дека едноставно, наместо за она што е даден налогот од Основниот суд, луѓето се испрашуваа директно за партијата ВМРО-ДПМНЕ, за нивното работење, кој каде, со кого се среќавал. Апсолутно тоа не држи. Мислам дека за ова треба некој да има одговорност, затоа што вака лесно издавање налози за претрес во домовите на граѓаните, а од тоа имате само 10%, мислам дека пријавата од Министерството за внатрешни треба да има некои сознанија или видувања дека тоа треба да се направи. Во овој случај е очигледно дека тоа не е така. Едноставно, за ова мора да се најде одговор и луѓето кои ги издавале овие налози, мислам дека треба да си ја сносат својата одговорност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Го молам пратеникот Емилија Костадинова, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова, повелете.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодрам претседателе.

Во врска со добиениот одговор на моето пратеничко прашање поставено до Министерството за правда, не барам дополнителен одговор. Единствено реагирам Деловнички затоа што не се почитува дадениот рок, од член 39 став 2, од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Имено прашањето е поставено на ден 5.11.2003 година, а одговорот од Министерството за првда до Собранието е доставен на ден 7.09.2004 година. Односно, после 10 месеци. Прашањето не е толку комплицирано за да е потребен толкав рок да се добие одговор.Сметам дека со тоа се девалвира институтот пратеничко прашање.

Оваа моја деловничка забелешка се однесува не само на ова прашање, на овој одговор и од ова Министерство, туку генерално на сите останати од каде одговори чекаме и повеќе од година дена.

Не знам колку брзо ќе одговориме на Прашалникот од ЕУ, што треба да го добиеме утре кога за едно пратеничко порашање чекаме толку долго на одговор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Драго Шајновски, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Драго Шајновски, повелете.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Благодрам.

Не сум задоволен, сакам да поставам дополнително прашање.

Според Законот за Народнот правобранител членот 33, стои дека Органот на управа или функционерот е должен ведна да постапи по укажувањето на Народниот правобранител, а во рок од три дена е должен да го извести Народниот правобранител дека постапил по укажувањето. Тоа е жленот 33 од Законот за Народен првобранител.  Според овој закон, нема можност Органот на управа или функционерот, сам да суди за некои постапки што сака да ги преземе. Едноставно, тој е должен да постапи по укажувањето на Народниот правобранител.

Прашувам, со кое право министерот не постапил по укажувањето на Народнот правобранител и го прекршил Законот за Народен правобранител, наместо како власт да ги почитува законите како пример за населението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот ќе одговори на дополнителното прашање.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Народниот правобранител не поставил барање до Министерството и до министерот, туку поставил барање до Првостепената  комисија  за хартии од вредност. Во рамките на своите овластувања и надлежности, таа била должна, ако сметала да постапи по барањето на Народниот правобранител.

Ова прашање како забелешка не би требало да биде упатено спрема мене, заради тоа што јас сум претседател на Второстепената комисија и во рамкит ена постапката што е пред Второстепената комисија сум постапил по закон, а образложението за тоа зошто сум решил така како што сме решиле како Второстепена комисија, стои таму.

Уште еднаш да повторам. До мене правобранителот нема поставено никакво прашање ниту можел такво да постави, односно барање и затоа не сум одговорил на

барање што не е псотавено, туку е поставено до Првостепената комисија. Па, го упатувам пратеникот барањето, односно прашањето за тоа зошто Првостепената комисија за хартии од вредност го решавала во прв степен прашањето и ја поништила трансакцијата, треба да одговори на прашањето зошто не постапила по укажувањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарм.

Го молам пратеникот Зоран Заев, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодрам претседателе,

Прашањето се однесува на тоа што прави и што во иднина треба да прави Владата и Министерството за надворешни работи за отворање на пазарите за нашите земјоделски производи во странство, односно околу укинувањето на економските бариери, односно царинските бариери во другите држави.

Јас можам само да се заблагодрам на Министерството за надворешни работи и да кажам дека целосно сум задоволен од одговорот, со поддршка да се продолжи во таа насока.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Го молам пратеникот Ристо Пејовски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Пејовски не е присутен тука.

Го молам пратеникот Ристо Пејовски, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Ристо Пејовски не е тука.

Го молам пратеникот Цветанка Гашовска, да се произнесе дали е здоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Цветанка Гашовска, пвоелете.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам претседателе,

Одговорот е јасен. Кажано е кога и како се направени измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и условите за истото.

Токму тоа, условите за пензионирање до 1993 година и од 1993 година наваму создадоа услови за дисбаланс односно за разлика во висината на пензиите. Пред некоклу дена добивме Допис, поточно Барање за измена и дополнување на Законто за пензиско и инвалидско осигурување од пензионерите на органите на управата надлежни за внатрешни работи.

Моето дополнително прашање нека биде дали е можно некакво ублажување на овие разлилки, па дури и со подзаконски акти.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали Заменикот ќе одговори на дополнителното прашање?

Повелете.

МАКСУД АЛИ:

Сега, засега, не се предвидени такви отстапувања. Сегашниот пензиски систем не дозволува поинакви услови за пензионирање на пензионерите. Тоа се однесува и за припадниците на МИнистерството за внатрешни рјаботи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Преминуваме на усно поставување пратенички прашања.

Г-дине Михајло Георгиевски, имате 10 минути, три прашања.079 - 00

МИХАЈЛО ЃОРЃИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата,

Дозволете да ги поставам моите три прашања.

Првото прашање е за министерот за економија.

Познато е дека странските инвестирори при купување на македонски фирми многу тешко доаѓаат во Република Македонија. Неодамна македонската јавност, а особено рударите со своите семејства од рудникот “Саса” од Македонска Каменица, беа пријатно изненадени дека после долго чекање, што доведе до гладување во целиот град, конечно се најде странски купувач кој што според правилата ги

задоволува сите барања и рудникот го купил, со тоа се спасил и градот од гладување, а тоа е словенечкиот стопанственик од македонско потекло господинот Блажо Тасев.

Јас како човек од тој крај, искрено ќе кажам многу се израдував, но по некој ден откога рудникот го купи господинот Тасев, во средствата за јавно информирање дознав дека тој човек, што се најде како спасител на многу души од тој крај, бил малтретиран на Скопскиот аеродром, од аеродромските полицајски органи, за неносење пасош, а потоа се пишуваше дека му се испитува потеклото на неговите пари, а тој е словенечки стопанственик, шести по ред по стопанска јачина во Република Словенија.

Прашањето гласи: Каква е правата вистина и кога рудникот конечно ќе проработи да се спасат граѓаните во Македонска Каменица, каде што единствен извор за егзистенција е рудникот.

Второто прашање се однесува до министерот за внатрешни работи. Деновиве бевме сведоци на нелегално влегување и престој во македонската држава група на странски граѓани, т.е. свештени лица од Грција, Бугарија и Србија, меѓу кои и владици од соодветните земји во придружба на расколникот од Македонската православна црква и осуденикот од Основниот суд во Битола, за ширење на верска омраза и криминал Зоран Вранишковски.

Според важечките закони државата Македонија, свештени лица во државата можат да влезат и престојуваат само по покана на соодветна верска заедница на Република Македонија  со знаење и дозвола на Државната комисија за односи со верските заедници, или свештени лица без свештени обележја, т.е. со облека и други соодветни верски обележја.

Свештените лица од Бугарија и Грција, меѓу кои и високи верски достоинственици, т.е. владици, слободно шетаа по македонската држава, без покана на соодветна верска државна институција, со верски обележја, без да реагира полицијата, која е повикана да го чува редот, мирот и законитоста од државата за која што е платена од даночните обврзници на Република Македонија. Со тоа ја загрози законитоста, редот и мирот во државата од една страна, а од друга страна и навреди верските чувства на припадниците на МПЦ што доведе до вербални судири кои што можат да прераснат и до судири со поголеми размери.

Прашањето гласи: Дали македонската полиција ќе реагираше и како, ако на територијата на Република Македонија  влезеа странски полицајци, или воени лица,

меѓу кои и генерали во полицијата, или Армијата, со соодветна службена облека, со наоружување и со обележја на странска држава, без покана и дозвола од полициски или армиски органи или други соодветни државни институции и истите контактираат и се шетаат со параполицајски, или паравоени формации во државата или осуденици од државните македонски судови.

Третото прашање е до министерот за надворешни работи.

Од поодамна, на македонската јавност и е познат со својот некоректен и арогантен однос, американскиот абасадор Лоренс Батлер во Република Македонија. Тој господин ги пречекорува своите амбасадорски овластувања, мешајќи се во внатрешните работи на Република Македонија. Познати се неговите мешања и навивачки однесувања за време на парламентарните претседателски избори, ставајќи се во улога на арбитар и протажер на една друга страна. Со тоа од позиција на една силна и голема држава ја узурпира демократската и правична улога на гласачите во Република Македонија.

Деновиве, истиот тој господин во своето интервју дадено во неделникот на албански јазик “Лоби” зборува за референдумот и за територијалната реорганизација на Република Македонија, што ќе се одржи на 7 ноември 2004 година. Меѓу другото пишува цитирам: “А по референдумот можни се секакви сценарија”. За какви сценарија зборува амбасадорот Батлер. Со кој мисли да ги прави и зошто да ги прави, кога уставно право е на граѓаните на Република Македонија слободно да се изјаснат дали го поддржуваат или го отфрлуваат референдумското прашање. Со кое право тој се меша во внатрешните работи на Република Македонија и го заплашува со некакви сценарија, што тој лично им ги подготвува на граѓаните на Република Македонија.

Ни на крај памет не ми иде помислата дека пријателска и демократска Америка, може да крои некакви сценарија, што не се во интерес на демократските процеси во Република Македонија.

Мислам дека тоа што го кажа господинот Батлер е само негово лично гледање и заплашување на граѓаните пред своето референдумско изјаснување, ставајќи се овој пат во улога на протажер на една страна. Со тоа ги пречекорува своите дипломатски овластувања и ја узурпира демократската волја на граѓаните на Република Македонија.

Прашањето гласи: Дали мислите на амбасадорот Лоренс Батлер да му врачите протесна нота, или негово објаснување на какви сценарија мисли и за

неговото мешање во внатрешните работи на Република Македонија пред референдумското изјаснување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е до Министерството за економија.

РАКИБ ДОЧИ:

Прашањето беше кога ќе почне со работа рудникот “Саса”. Нормално, рудникот ќе почне со работа согласно договорот кој треба да се потпише. Меѓутоа, договорот за купопродажба ќе треба да се потпише тогаш кога ќе се добие информација од Дирекцијата за испитување на потеклото на парите, бидејќи државата не сака да склучи купопродажни договори со пари чие што потекло не е сосема чисто.

Значи, од моментот кога ќе се добие информација од Дирекцијата за испитување на потеклото на парите, ќе се склучи договор, ќе се потпише договорот и согасно тој договор, наредните шест месеци треба да го рестартира рудникот тој што ќе го купи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Повелете господине Ѓорѓиевски.

МИХАЈЛО ЃОРЃИЕВСКИ:

Му благодарам на заменик министерот што го даде ова искажување кога тоа ќе се случи, но јас мислам дека тој си е словенечки бизнисмен и словенците треба да испитуваат од каде му се парите и какви му се парите. Што имаме ние со неговите пари. Тој може од некого да позајми, тоа е негова работа. По мое мислење работа за потеклото на неговите пари е државата каде што тој работи и каде што тие пари ги спечалува. Тоа е моето мислење. И доколку е можно тоа да се забрза, рудникот веќе еднаш да проработи, зашто навистина луѓето во Македонска Каменица се наоѓаат во страшна беда и мизерија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидеји тука нема ниеден претставник од Министерството за внатрешни работи, тој одговор на вашето второ прашање ќе го добиете писмено.

Третото прашање е до Министерството за надворешни работи.

Повелете господине Фуад Хасановиќ.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Благодарам господине претседателе.

Господинот Лоренс Батлер е амбасадор на САД во Република Македонија и една од неговите задачи е да ги искажува ставовите и позициите на САД во однос на прашањата за кои смета дека треба да се произнесе.

Амбасадорот Батлер во тој контекст, искажа длабока загриженост на САД, заради можните компликации со фактичкото спроведување на Рамковниот договор од таму даде јасно до знаење каков би бил ставот на САД. Своите ставови јасно ги искажа по овие прашања. Своите ставови јасно ги искажаа и другите фактори на Меѓународната заедница по однос на последиците за Република Македонија и нејзината интеграција во НАТО и ЕУ.

Не треба да се заборави и фактот дека овој став беше искажан и од Стејдепартментот. Повторувам, тоа е став на САД и во него не гледам дека со нешто се навредуваат чувствата, или пак основните интереси на земјата. Ние можеме да не се согласуваме со изреченото, или пак со начинот на кој се доведува до емоционална реакција на оние на кои тоа се однесува. Но сепак, во некои елементи на прогнозата на амбасадорот за последиците по евроатланската интеграција мораме да се согласиме, заради тоа што во еден случај од таков исход од референдумот, меѓународните фактори ќе дејствуваат токму онака како и сега навестуваат.

Всушност, амбасадорот даде на знаење што може да очекуваме од нив. Повторувам, во зависност од исходот на референдумот. Секако, Владата и Министерството за надворешни работи настојуваме и сакаме само суштинска расправа во демократска атмосфера пред референдумот на кој и со кој што ќе можеме до крај да ги објасниме причините за владините предлози, веќе обликувани во закони, но и причините за наше инсистирање на таквите решенија. А имајќи го предвид не само зацртувањето на мирот и стабилноста на земјата, туку и вкупниот развој на државата во периодот што следи, како и заокружување на стратешките интеграции.

Да не заборавиме дека локалната самоуправа е четврта власт во државата и ненадминлив предуслов за било каква интеграција во Република Македонија но и за изградба на современа држава. Да повторам, потребно е да развиеме демократска атмосфера во пресрет на референдумот и сметаме дека сите треба да дадеме свој контрибут во таа насока. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Повелете господине Ѓорѓиевски.

МИХАЈЛО ЃОРЃИЕВСКИ:

Не сум задоволен од одговорот, бидејќи амбасадорот нема право да се меша во демократските процеси на државата Македонија. Тој нема право да ги заплашува граѓаните на Република Македонија  за нивното изјаснување. То може да пренесе само мислење на Американската влада дека се согласува или не се согласува со одредена работа и дека се знае дека Американската влада и воопшто сите се за децентрализација, но не и за територијална поделба да ни решаваат тие. Се знае кој својот двор си го решава. Тоа државата Македонија и граѓаните на Македонија ќе си решат како нивниот двор ќе изгледа. Дали пошироко, или  потесно. Тоа не е ни во Рамковниот договор каде се пишува за децентрализација, но не и територијална поделба  онаква каква што  не ја сакаат граѓаните.

Според тоа, амбасадорот Батлер мислам и сите знаат дека ги пречекорил своите овластувања како странски претставник на една држава и со тоа негово заплашување фактички врши деструкција и врши дејанија и омаловажување и узурпирање на демократските процеси на Република Македонија, што не е во согласност со демократските принципи на американската држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот за поставување прашање е пратеникот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам претседателе,

Првото прашање го поставувам до Владата на Република Македонија, поточно до министерот за финансии, н о ќе го поставам иако не го гледам тука. Се однесува за слободните економски индустриски зони.

Согласно Законот за слободни економски зони 56 од 1999 година која ги дефинира слободните индустриски зони, како дел од царинската област на Република Македонија  која е посебно оградена и обележана како зона  од која економските активности се изведуваат под посебни услови.

Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање на Република Македонија ги препорачува како најперспективни локации во Македонија. Тоа се слободните економски зони во Бунарџик кај Скопје и Прдејци кај Гевгелија.

Имајќи предвид дека слободната економска и индустриска зона Бунарџик - Скопје веќе има свој основач и согласно со Владата на Република Македонија за формирање на слободна економска индустриска зона, сметам дека следни активности на Дирекцијата за слободни економски индустриски зони и Владата на Република Македонија треба да биде насочена кон формирање на таква зона на локацијата кај Гевгелија.

Предложената локација се наоѓа на 8 км. од границата со Грција, оддалечена околу 80 км. од два милионскиот Солун, односно близината на пристаништето и аеродромот и со лесен, патен и железнички пристап.

Според предложениот план кој ја регистрира основната инфраструктура за слободна економска и индустриска зона кај Гевгелија, јасно се гледа можноста, истата да биде поделена на два дела, а со тоа би се овозможило да се намали трошокот за развој кој е на товар на смиот инвеститор.

На сите ни е познато дека слободните економски и индустриски зони се прават заради привлекување на повеќе инвестиции, пред се, странски инвестиции и создавање на нови работни места. Се очекува со проектот да се отворат околу 1200 работни места од кои, 5000 во самата зона, а останатите 3200 ќе ја поддржуваат работата во зоната. За време на градењето предвидени во Физибилити студијата 2006-2007 година ќе бидат отворени околу 500 работни места.

Според меѓународното искуство, слободните економски и индустриски зони придонесуваат за инвестиции на земјите во развој и се важен двигател во економскиот и општествениот развој на самата земја домаќин. Сметам дека проектот слободна економска и индустриска зона Прдејци кај Гевгелија, заслужува внимание, поддршка и секако, шанса за реализација.

Прашањето гласи: Дали и кога Владата на Република Македонија планира да отпочне со реализација на проектот слободна економска и индустриска зона Прдејци кај Гевгелија или ќе се чека да се реализира Бунарџик, бидејќи знаеме дека времето во кое е предвидено е доста големо, односно широко. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува до министерот за транспорт и врски. Се однесува за алтернативниот пат Р-103, односно знаеме сите дека во тек е

изградбата на автопатот Е-75, односно делницата од Гевгелија до Смоквица во должина од околу 11,5км.

Бидејќи сегашната коловозна лента ќе биде во функција на новоизградениот автопат, ќе се појави голем проблем во локалната комуникација, затоа што, како што е сегашната состојба не постои алтернативен пат, односно ќе се јави проблем во движењето пред се, на онаа земјоделска механизација од село во село и од село кон градот Гевгелија.

Оспособувањето на регионалниот пат 103, има и пошироко значење, не е само за меѓусебната комуникација, бидејќи ќе дојде до развој на самите села, во смисла на отварање на угостителски објекти, отварање на механичарски работилници, бензински пумпи, а уште позначајно е, бидејќи овој алтернативен пат поминува покрај самата зона, односно тоа прашање што го поставив претходно.

Прашањето би гласело: Дали се планира реконструкција, односно оспособување за сообраќај дел од регионалниот пат 103, односно од Негорци до Смоквица, како алтернативен пат на магистралниот пат Е-75, бидејќи таква алтернатива засега не постои. Мислам дека и минатата година, од страна на Советот на општина Гевгелија беше упатено барање до Министерството и оваа година исто ќе се постави како барање , затоа што до година завршува изградбата на оваа делница.

Третото прашање исто така е до министерот за транспорт и врски, се однесува за автопатот Е-75, односно за делницата пред Неготино, кога се движиме во правец према Грција, кој е во должина од околу 4 км. Таа е единствената делница, што не е пуштена во сообраќај, а претставува црна точка, бидејќи секојдневно гледаме дека таму сообраќајот се одвива малку отежнато, пред се, заради тоа што сигнализацијата не е баш добра и на таа делница се направени повеќе сообраќајни несреќи, каде што има и жртви и према тоа што јас секојдневно го гледам, мислам дека тој дел од автопатот е завршен и би го поставил прашањето, кога се планира пуштање во сообраќај на оваа делница, при што би се ставил во функција комплетно од Скопје до Термоцентралата Неготино. Бидејќи доаѓа зимата, со неа доаѓаат и снегови, доаѓа и магла, при што, сигнализацијата нема да се гледа добро и затоа и тоа прашање е поставено. Сметам дека може да се пушти во сообраќај, затоа што веќе е во завршна фаза.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е до Владата на Република Македонија и ќе го добиете писмено, бидејќи премиерот не е тука.

Второто прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Значи во склоп на активностите за изградба на таканаречениот Коридор 10 и во склоп на работите што се одвиваат, планирано е да се обезбеди, како што е по сите стандарди, алтернативни патишта кои би овозможиле и поврзување на тие зони кон кои поминува автопатот.

Јас мислам дека оваа година во програмите што ќе ги имаме со Фондот за патишта во смисла на обезбедување на сите потребни услови за функционирање кога се пушти во употреба на самата делница на автопатот, да се забрзаат работите и за тоа јас лично ќе се ангажирам со Министерството и со Фондот, да се овозможи и надградба на регионалниот пат Р-103.

Што се однесува до второто прашање за тоа дополнително.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Буџаку, ако одговоривте на второто прашање, јас сакам да го прашам пратеникот дали е задоволен од одговорот. Така е деловнички.

Г-дине Апостолов дали сте задоволни од одговорот?

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Да, сосема сум задоволен и благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете сега министре, одговорете на третото прашање односно за вас второ.

АГРУН БУЏАКУ:

За второто порашање дополнително ќе одговориме писмено од страна на Министерството. Значи, ќе добие писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ружди Матоши имате ваши 10 минути да поставите три прашања.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Јас имам три прашања.

Едно прашање е до Министерството за локална самоуправа. Незнам дали има некој претставник од ова Министерство.

Второ прашање имам за Министерството за труд и социјална политика.

Третото прашање е во однос на Владата, посебно за Министерството за правда.

Што се однесува до прашањето што сакам да му го поставам на Министерството за локална самоуправа се однесува со одлуките кои ги носи локалната власт и кои одлуки, решенија одразуваат колку е унитарна Македонија и каде некаде се постапува поинаку во име на нешто друго или во некоја друга општина се одлучува поинаку за име на истото прашање.

Министерството за локална самоуправа со одлука број 2-354/1 од 13.02.2004 година носи одлука за спроведувањето на актот на општинскиот совет односно одлуката за утврдување на објектите на културата и за истиот покренува иницијатива Уставниот суд број 2-516 од 22.03.2004 година, за оценката на законитоста на одлуката на општинскиот совет. Бидејќи, требало да се одлучи со мнозинството, со Бадинтеровото мнозинство или требало да се одлучи со мнозинството на тие што се над 20% во општина Тетово. Врз основа на Законот за локална власт во членот 21 параграф 3, ова одлучување се употребува тогаш кога на дневен ред се нормите или прашања кои се однесуваат за културата, се однесуваат за употребата на јазикот, за употребата на знамето и грбот, а не со објектите или културните објекти. Бидејќи одлуките во Владата се донесени без Бадинтеровото мнозинство што се однесува до објектите на културата, токму беше ова што советниците и се спротивставија на оваа одлука на ист начин, бидејќи покрај тие овие културни објекти во Тетово, не постојат други културни објекти.

Би сакал да знам од Министерството за локална самоуправа, зошто ова Батинтерово мнозинство не се употребува во Куманово, Кичево,не се почитува во Струга каде албанците се над 20%, туку само се употребува во Тетово каде македонците се над 20% од вкупниот број на населението.

Би сакал еден одговор што се однесува до Министерството за локална самоуправа во однос на ова прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за труд и социјална политика, која од 2002 година и наваму на драстичен начин ги заобиколува интересите на албанците граѓани и одлуките доаѓаат токму во заобиколувањето на интересите на албанските граѓани каде можеме да констатираме со факти и драстични постапки

што ги зема ова Министерство, како во намалувањето на социјалната помош што не ги зема албанските граѓани, како што ги земале пред 2002 година.

Јас овде би кажал за една одлука која доаѓа од Секторот на пензискиот и инвалидскиот фонд од Тетово кој нема логика, значи која одлука нема здрава логика као постапка и овде не можеме да говориме дека е направен некој прекршок, некое нарушување на Охридскиот договор, на двојазичноста, на правичната застапеност, туку ова е едно решение, условно речено, расистичка одлука, решение. Зошто го велам ова? Ќе ви кажам, бидејќи по многу прашања кои сме ги отвориле ние овде по конфликтот од 2001 година, прашања кои треба да ја регулираат довербата помеѓу граѓаните, постапките ова Министерство што сеуште ги носи, постапки кои се драстични против албанците. Јас би го прецизирал ова со начинот како раководи овој сектор во Тетово. Покрај што не е почитувана двојазичноста, значи овде немаме ниту еден збор на албански јазик, ова е прв прекршок. Второиот прекршок е директорот на овој Сектор во Тетово е Петко Петрушевски кој раководи со доаѓањето на власт на СДСМ и ДУИ на власт. Референтот кој носи одлуки за прашањето на инвалидската помош е Никола Даниловски кој е исто така македонец. Контролорот е исто така Снежана Настовска од македонска припаднос, а странката е албанец. Вакви случаи, почитувани пратеници, сме имале само во Јјужна Африка каде велите биле во комисии, додека црните им подлегнале на тие комисии. Денес во тетово каде 85% или 80% од вкупниот број на граѓаните се албанци, имаме комисии етнички македонски чисти, што значи дека е надвор од се тоа што треба да се вгради во Македонија, за да создаде една доверба помеѓу граѓаните.

Затоа, би сакал од Министерството за труд и социјална политика кога ќе застанат со овие постапки и со вакви иницијативи кои се еднострани и се од полза само на еден етникум што значи дека не е од полза за Македонија.

Третото прашање е едно прашање кое сум го поставил и претходно во врска со водата во Тетово, значи проект за водоводот во Тетово, каде сите знаеме дека Владата оваа работа ја довери на претпријатието за да врши контрола на работите во планинските делови во Тетово. Тие ја извршија таа контрола и констатираа дека работите се завршени само 37 или 38% од соодветниот проект, додека парите се потрошени и немаме завршување на овие работи врз основа на проектот кој е предвиден.

Го поставувам прашањето, што ќе се направи со тие средства кои се злоупотребени каде општина Тетово на процедурален начин има покренато

обвинителен акт, една постапка до јавниот обвинител, до г-динот Прчевски. Значи имаме една покрената постапка од општина Тетово до јавниот обвинител за објаснување на овој предмет кој е од големо значење за граѓаните на Тетово.

Затоа, би побарал да се каже зошто Владата не активизира механизмите, јавниот обвинител да го направи што потранспарентно ова прашање и да го регулира што побрзо и да ги изнесе пред очите на правдата тие што ги имаат злоупотребено овие средства. Оваа актуелна Влада многу често говори дека е против корупцијата, дека е против криминалот, организираниот криминал, но во конретниов случај, ве молам почитувани присутни, зошто се крие ова прашање и не се гони кривично. Затоа, би побарал од г-дата од Владата да ни кажат во однос на ова прашање.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше до министерот за локална самоуправа. Заменик министерот за локална самоуправа е присутен.

Повелете, ве молам.

ЏЕВАТ АДЕМИ:

Благодарам.

Што се однесува до прашањето би го потсетил почитуваниот пратеник дека токму заради однесувањето на опозицијата ние сеуште не сме започнале со пренесувањето на надлежностите од централната во лоиалната власт. Не е започнат ниту делбениот биланс. Ние во Министерството имаме Инспекторат за локална самоуправа, конкретно за поставеното прашање писмено ќе му одговориме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема коментар на тоа, останува по писменото одговарање да се коментира дали е задоволен пратеникот.

Следното прашање беше до Министерството за труд и социјална политика.

Заменик министерот, г-дин Максуд, повелете.

МАКСУД АЛИ:

Ќе се обидам да му се одговори на пратеникот Ружди Матоши. Го разбирам пратеникот за загриженоста за економско социјалната состојба на албанците. Не го разбирам само за тешкото обвинени кон Министерството за труд и социјална политика. Факт е дека, зашто постави прашање во врска со корисниците на социјална помош. Со новата гарнитура ние имавме во Македонија корисници на

социјална помош од околу 82.000. Моментално во Македонија со последниот месец имаме 65.000 корисници на социјална поомош. Факт е и тоа дека во поголемите градови каде што има мнозинство албанско население, оваа бројка не е намалена. Во 2002 година, корисници на социјална помош, ќе наведам пример само во Тетово, имавме околу 8.800 корисници на социјална помош. Со полседниот месец август-септември 2004 година, имаме 8.700 корисници на социјална помош, а веројатно тука и поголемиот процент се албанци. Значи, не се работи за некаква разлика во тоа што Министерството за труд и социјална политика го води министерот Јован Манасиевски. Но, можеби боде во очи претходниот министер го користеше дискреционото право за еднократна парична помош, што нормално право беше на министерот, факт е и тоа дека нашиот министер до денес не го има искористено тоа дискреционо право за еднократна парична помош од најмногу две просечни плати. Можеби ова е таа разлика. Но, ве уверувам дека нема отстапки во корисниците на социјална помош и не е фер без анализирање на фактичките податоци, да се добие такво мнение.

Што се однесува до Фондот за инвалидско и пензиско осигурување на подрачната единица Тетово, можеби случајно се тие персонални решенија, но мислам дека ќе се разгледа и тоа прашање и не треба да се заборави претходниот период какви персонални решенија сме имале. Тоа треба да се укаже дека Министерството за труд и социјална политика во Програмата за соодветна и правична застапеност меѓу првите министерства успеа од тие 20 примени, меѓу тие 20 да имаме 16 новопримени албанци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине заменик министре.

Г-дине Ружди Матоши, дали сте задоволен од одговорот?

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас не сум задоволен од одговорот што ми го дава господинот од една причина дека не е јасен и не дава одговор на прашањето, не одговара соодветно. Кога говориме дека одлуките не се добри во однос на албанските граѓани од Министерството за труд и социјална политика, ние ова го аргументираме. Што се однесува до г-динот ќе му кажам уште еден пример. Во неколку канцеларии што се прави овде во Скопје, вие имате неколку канцеларии кои соработуваат со земјите на Европа за пензиите кои треба да ги земат албанските граѓани или граѓаните на Македонија кои работеле во разни Европски земји. Тука има околу 30 работници и

сите се македонци по потекло, кои соработуваат со канцелариите од Европа, додека тука немаме ниту еден албанец. Додека 90% од добитниците на пензиите кои ги земаат овие пнезии од Европа се албанци. Значи, овде не станува збор за навреди или за погрешни концепции, туку станува збор дека вие како Министерство не преземате иницијативи да ги регулирате овие прашања, иако пред Европа нон стоп констатирате и зборувате дека го почитуваме Охридскиот рамковен договор, ќе ја почитувате правичната застапеност и ќе има доверба меѓу граѓаните. Додека фактите зборуваат за спротивното. Токму тоа е оваа одлука, одлуката на решенијата, намалувањето на граѓаните кои не добиваат социјална помош итн. Затоа, јас сето ова што го говорам , го говорам со аргументи и факти.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со третото прашање.

Ако добро ве разбрав г-дине Матоши тоа беше упатено до Владата, со некаков осврт и за локалната самоуправа.

Дали може Министерството за локална самоуправа да одговори?

Не го гледам заменикот министер и ако е тука во близина го молам да дојде.

Господине Адеми повелете.

ЏЕВАТ АДЕМИ:

Министерството за локална самоуправа токму за ова прашање три пати има доставено одговор и незнам што друго веќеможе да се каже за овој проект. За дополнителни поединости и информации, повторно писмено ќе одговориме и уште еднаш ќе го повториме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, по писмениот одговор ќе има коментар, бидејќи не е вообичаено сега да се коментира кога нема на што.

Одиме понатаму со прашања. Сега прашање поставува г-динот Јусуф Ариуфи.

Повелете.

ЈУСУФ АРИФИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател, почитувани членови на Владата, почитувани колеги и колешки пратеници,

Имам три прашања и тоа до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, до министерот за транспорт и врски, како и до Владата воопшто.

Првото прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

После врнежите кои што се случија во мај, јини и јули земјоделците имаа штети од поплави и врнежи речиси во сите деловни на Македонија. Бидејќи, комисиите излегоа на терен и констатираа предизвикани штети од поплави прашањето е:

Колку средства досега стигнале до оштетените како оштета за тоа што е констатирано од страна на Комисијата.

Второто прашање до министерот за транспорт и врски. Железничките пруги во Македонија функционираат воопшто со големи потешкотии. Меѓутоа, железничката пруга Скопје - Кичево од 2001 година не функционира фоопшто. Имајќи го предвид значењето на функционирање на оваа железничка пруга и железнички пат како за транспорт на стоки, така и за транспорт на патници, посебно на ученици и студенти во двете насоки.

Прашувам, кои се активностите кој што ги презема Министерството за транспорт и врски за активирање на оваа железничка линија.

Третото прашање е до Владата. Во средното образование голем број на професори работат над пет, шест години со договор на дело. Секако истите се разочарани и демотивирани за една поголема активност во воспитно образовниот процес.

Прашањето е:

Дали Владата работи во насока да даде согласност за давање на договори за работа за тие вработени во образованието кои над три-четири години се во работен однос и ги исполнуваат условите според законот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме по ред, најпрвин до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Покрај средствата што се обезбедуваат и се слеваат и се слеаа во Фондот за солидарност врз основа на закон за отстранување на последиците од елементарни непогоди, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство почна своја акција за обезбедување на дополнителни средства надвор од тој фонд преку одредени скратувања од програмите и други извори кои врз основа на процедурата

што ја спроведе и овластувањата што ги имаше министерот односно Министерството, се собраа и се ставија на посебна сметка во Програмата во вкупен износ од 43 милиони денари.

По извршените проверки и пристигнувањето на податоците за оштетените и за висината на штетите и со компарација на вкупниот износ на штетата што е претрпена и собраните средства 43-те милиони денари во висина од околу 7% од вкупниот износ на штетата на сите индивидуални земјоделци и на дел од трговските друштва што беа најпогодени, интервентно се исплатени и постапката е завршена.

Министерството сметаше дека овој износ од 43 милиони денари не е доволен да ги ублажи последиците и да им помогне на земјоделците во обезбедувањето на средства што ќе им помогнат за новата сезона поради што направи дополнителни напори и на пат е да обезбеди нови 70 милиони денари од Фондот за солидарност кои се ветени дека ќе бидат врз основа на списоци што Министерството ги има како готови за дополнително исплаќање на земјоделците.

Очекуваме во наредните 15-тина дена кога ќе завршат подготовките и по доставата на списоците со веќе постојните податоци за претрпените штети и за субјектите што тоа го имаат и износите што се во нив дека ќе почне исплатата на вториот дел од помошта на земјоделците од поплавените подрачја во висина од 70-тина милиони денари.Мислам дека со тоа Министерството ќе заврши една работа која морално беше обврзано да ја заврши, а бидејќи се работи за ресор од кој луѓето со право очекуваат дел од средствата на Фондот за солидарност и од програмите да им бидат наменети поради елементарната непогода.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Господине Арифи дали сте задоволен од одговорот?

ЈУСУФ АРИФИ:

Благодарам, немам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање е до министерството за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Прашањето бара поширок одговор во смисла на целокупнта ситуација со железничкиот сообраќај во Република Македонија.

Јасно е дека во скоро сите европски земји и воневропски што се однесува до железничкиот сообраќај имаат потешкотии, тој сообраќај е субвенциониран од страна на државата. Тежок е проблемот во земјите во транзиција кои се членки на Европската унија или имаат статус на кандидат во смисла на финансирање и субвенционирање на железничкиот сообраќај, поготово патничкиот.

Нашата земја во оваа економско-финансиска ситуација и во транзицијата, морам да истакнам дека недоволно внимание е обратено на железничкиот сообраќај, но подолго време се работи на трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници во чиј склоп на трансформација е Законот кој е подготвен и во договор со Светската банка се предвидува преструктуирање и поделба на Македонски железници на два дела т.е. на патнички и товарен сообраќај или на сообраќај кој ќе биде приватизиран и на инфраструктурата која ќе остане во сопственост на државата.

Во однос на паѓање на прометот и недоволен прилив на средства, еден момент се субвенционирање од страна на државата имајќи ја во предвид ситуацијата дека не е доволно направено во овие години на транзиција и во тој момент е опаѓање на сообраќајот поготово на товарниот, конкуренцијата на патниот сообраќај или камионскиот превоз исто така и нафтоводот што ги намали средствата на железницата, така што железницата се наоѓа во една тешка состојба. Во тој склоп во минатото е направено стратување на некои линии кон Кичево и неодамна кон Кочани, но се надевам и сигурен сум дека во најскоро време ќе ја извршиме потребната информација која ќе заштеди средства и поекономична и поефикасна употреба на средства што ќе придонесе за воспоставување на тие линии што постоеја во минатото.

Еден од приоритетите на Министерството за транспорт и врски е доврaшување на трансформацијата на Македонски железници и во тој склоп, повторно зависи од развојот на збиднувањата во смисла на таа приватизција ќе се воспостават тие две линии кои се укинати моментално.

Значи, моментот на субвенции и помош на државата, трансформација во смисла на приватизација на дел од Јавното претпријатие што се однесува до транспортот, а исто така имајќи ги во предвид некои населени места кои почесто или единствено користеа железница, јас мислам дека ќе инситираме во најскоро време да се воспостават повторно тие линии што се укинати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благорадам господине министре.

Господине Арифи дали сте задоволен од одговорот?

ЈУСУФ АРИФИ:

Благодарам задоволен сум од одговорот, немам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до Владата, меѓутоа се однесуваше на образованието.

Доколку може заменик министерот Герамитчиоски да одговори.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Прашањето, како што ми беше пренесено, се однесува на статусот на наставниците на определено време. Кога се размислува да се трансферира нивниот работен статус од определено на неопределено работно време. За жал во мојот одговор на прашањето можам да констатирам дека е наш горлив проблем кој долг низ години се создавал и практично е невозможно преку ноќ да се реши.

Само во средното образование каде проблемот е поизразен имаме околу 600 извршители кои работат на определено време над три години. Ние би сакале, доколку е можно, бидејќи според постоечките наставни планови и програми реални се тие работни места, би било добро доколку нивниот статус се реши трајно на неопределено време, но тоа би претставувало голем удар во однос на политиката на зголемување на администрацијата и потребата од намалување на администрацијата за која и образованието се третира во овој момент, до Министерсството за финансии поднесовме барање за 274 наставници во средно образование кои имаат статус на определено време по 5,6,7,8 години, сметавме дека се ова екстремни случаи кои не можеле да го регулираат својот работен статус во подолг временски период.

Дали позитивно ќе биде одговорено на ова наше барање, ние искрено се надеваме, даваме свои аргументи во поглед на стабилноста на финансирањето во таа дејност и ќе видиме како тој проблем ќе се реши. Тој проблем е очигледен, ќе настојуваме етапно чекор по чекор да ја ублажиме таа состојба која долг низ години station наназад заради нерешавање на нивниот статус се пролонгирала. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине заменик министер.

Господине Арифи, дали сте задоволен од одговорот?

ЈУСУФ АРИФИ:

Благодарам, Министерството за образование, наука и спорт работи со голем интензитет во насока на зголемување на квалитетот на воспитно образовниот процес. Решавањето на овој проблем ќе влијае многу во мотивирањето на сите оние кои се значаен фактор во овој процес.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со прашањата.

На ред е госпоѓа Ристана Лалчевска, но не гледам дека е тука.

(На местото на госпоѓа Лалчевска, се јавува господинот Даневски.

Во ред, местото е на вашата партија, па доколку не влезе госпоѓа Лалчевска, и доколку сакате господине Даневски, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, дами и господа министри, колеги пратеници,

Јас би поставил едно пратеничко прашање со стара содржина кое е поставувано можеби десет до дваесет пати, а се однесува на водоснабдување на градот Свети Николе. Бидејќи не помогнаа никакви уверувања, не помогна ни она што го добивме како информација во пишана форма, неможеме да го усогласиме укажувањето од министерствата, посебно од Министерството за екологија дека водата е здрава за пиење, прашањето би било формулирано вака. Да не се надмудруваме прашањето би било децидно вака:

Кога и кој ќе потпише дека водата за пиење во градот Свети Николе е исправна? Слушаме разни кажувања, разни информации, дезинформации дека водата во Свети Николе е исправна и може да се употребува. Јас ја користам оваа прилика да го запознаам заменикот министер за екологија дека деновиве е дојдена анализа од САД, ја исфинансираа граѓани кои живеат во општина Свети Николе, однесени се примероци во САД и направена е сопфатна анализа.

За ваша информација можете да ја добиете, однеена е и до Јавното претпријатие каде децидно стои вака. Водата во градот Свети Николе која се користи од системот акумулација има 24 метали кои се штетни по здравјето на граѓаните на Свети Николе. Строго се забранува како вода од петта категорија за миење, за технолошка употреба. Строго се забранува за доенчиња и мали деца и за превривање. Значи може да биде штетна и за миење на заби, а не за користење на чиста вода  за пиење. Бидејќи во училиштата се користи соодветната вода иако

децата веќе пет години кога одат на училиште секое дете си носи по едно шише вода. Ја трошат водата и знаејќи пак се напиваат од оваа вода.

Ако Министерството за екологија и Министерството за здравство треба да потпишат дека водата е исправна, јас би им препорачал да се напијат затоа што ниеден во општина Свети Николе почнувајќи од функционерите не пијат вода од водоводот и немаат намера да пијат.

Ќе ви кажам дека ден денес градот се снабдува само со една цистерна на 15.000 жители, што е жално. Еве поминува втората година. Како и на кој начин ќе се реши. Да не навлегуваме во докажување на техниката и технологијата, тоа ќе го оставам на стручните кадри, но решението се знае иако се потрошени 400 или 500 илјади евра, иако не убедуваат дека постои нов озонер, во овие услови кога искористеноста на водата во Свети Николе е 25 литри во секунда и во дадениот момент и сега е некаде 20 милиграма органски материи на литар што значи во мрежата не се прави никакво подобрување и ден денес постои опасност со мешањето на хлорот и органските материи за создавање на трихлорометани.

Ова би било прашањето кое добро го познаваат и во министерствата, па би го скратил и би кажал, кога и кој ќе потпише дека водата на водоводот на Мавровица е исправна и може да се користи. Да видиме кој е тој што ќе потпише дека водата е исправна.

Второто прашање, замолен сум од поголема група граѓани од Куманово, се работи за фирмата "Купром" која не може да го реши својот статус, имаме разно разни информации, вработените бараат, ова е барање до Владата, да каже каков е статусот на фирмата "Купром" иако знаат дека е издвоена сама како таква приватизирана или не од времето на Анте Марковиќ, со удели, акции, никој од тие 420 што се на улица не знаат каков е статусот на фирмата.

Барам од Владата да одговори каков е статусот со фирмата "Купром" од Куманово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање е до Министрерството за екологија, тука е заменик министерот за екологија господинот Драгољуб Матовски.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Мислам дека пратеникот Деневски е во право за ова прашање, тоа на неколку наврати е поставувано и одговарано е. Точно го поставува прашањето за дециден одговор во делот кој и кога ќе потпише дека водата за пиење е исправна.

Да беше водата за пиење исправна немаше да се преземат оние активности кои беа преземени во наредниот период. Прашање е колкав е ефектот од тие активности и кои активности треба понатаму да се преземат за надминување на проблемот.

Бидејќи се работи во делот од здравството, кога говориме од овој аспект, не би сакал да го коментирам тој дел, но би сакал да укажам дека на овој проблем Министерството околу водоснабдувањето и здравата вода за пиење прави исклучително големи напори, така што деновиве беше предаден на владение, а потоа на употреба системот за водоснабдување во Прилеп каде имаше проблем со години, вие подобро го знаете тоа од мене, но тоа е само еден поттик и начин, можеби во начинот на решавање на натамошниот проблем за што говоревме дека буквално треба да има одредена акумулација, треба да се пречистува, сега кога би продолжил на оваа тема, непотребно ќе влеземе во дијалог со господинот Даневски, но ценам дека за овој проблем не би требало да бидеме упорни, туку да се седне и да се разговара, да се видат оние можни решенија во овој период кои ги нудат стручните експерти по оваа проблематика за да ги надминуваме.

Секако во решавањето на водоснабдувањето не е доволна една цистерна, би требало тоа да се зголеми и ако ништо друго да се најдат барем оперативните начини за ублажување на проблемот и создавање можности за смирено решавање на еден ваков горлив проблем на еден простор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот господине Даневски?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Размислуваме на иста референца што е добро и дефинитивно потврдуваме дека водата во општина Свети Николе е неисправна. Во еден период тврдевме дека водата е исправна. Сега сите стоиме на становиште дека дефинитивно водата во градот Свети Николе е неисправна. Тоа го докажувам пет, десет години и дефинитивно признавме дека водата е неисправна.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сакате господине Матовски да додадете нешто?

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

За дефинитивноста на одговорот следи испитување и анализа и врз која анализа ние како Министерство и Влада ќе се повинуваме затао што тоа е акт на

орган надлежен што треба да го каже. Со полно уважување за овие аргументи што претходно ги назначив.

Бидејќи исто ваква проблематика имавме и во изминатиов период за измислена радијација, а не постоеше, но не би сакал да ги поистоветувам овие две прашања, туку должни сме како Министерство за животна средина барем во едни вакви работи да ги дадеме точно правите состојби и да го најдеме лекот за надминување на истите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање би било најдобро упатено до Министерството за економија.

Тука е заменик министерот господинот Ракип Дочи.

РАКИП ДОЧИ:

На ова прашање писмено ќе подговориме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашање поставува г-динот Драган Георгиев.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Почитувана потпретседателке, членови на Влада, почитувани пратеници,

Моето прво прашање е упатено до минситерот за земјоделство, шумарство и водостоанство.

Овие денови беше извршена исплата во висина од 7% од пријавенит еи утврдени штети на лицата кои беа зафатени со поплавите што се случиј аоваа година. Овие временски непогоди имаа нанесено штети врз имотите на физичките и на правните лица. Исплатата која се врши од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, барем за Струмичкиот регион се однесуваше само за физичките лица, додека на правните лица не им беа исплатени соодветни финансиски средства. Ќе посочам само еден, можам слободно да кажам, интервентен пример на правно лице, а тоа е земјоделско сточарскиот комбинат од Сушица кој претставува најголем производител на млеко во Струмичкиот регион и пошироко, со повеќе од 40 вработени и со над 800 грла на крави, од кои над 300 грла се во сопственост на државата односно се стокови резерви.

Земјоделско сточарскиот комбинат имаше над 400 хектари поплавено, засејани земјоделски површини и вкупните пријавени штети и утврдени од страна на комисиите, при единиците на локалната самоуправа и од страна на подрачните единици на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство беа во

износ од над 400 илјади евра. Оваа фирма и другите правни лица не земаа ниту денар од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашањето е дали воопшто Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство има исплаќано финансиски средства на правни лица и до колку има такви примери кои се тие правни лица и зошто имало по кои критериуми исплата на едни правни лица, а на други не. Имено, доколку нема исплаќано на ниедно правно лице, зошто не се исплаќаат пари на правните лица и што воопшто во иднина се планира со нив.

Второто мое прашање е исто така до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се однесува на физичките лица односно на индивидуалните земјоделски производители кои беа засегнати од поплавите кои се случија оваа година. Имено, се однесува за оние индивидуални земјоделски производитерли кои уредно и навремндо ги имаат пријавенос воите штети и кои штети беа утврдени од страна на комисиите во единиците на локалната самоуправа и од страна на подрачните единици во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, а кои поради пропусти во комисиите при локалната самоуправа и во подрачните единици, значи не по вина на индивидуалните земјоделски производители, не беа влезени во списоците според кои се вршеше исплата од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство .

Прашањето е што со оние индивидуални земјоделски производители кои не по своја вина, не се влезени во списоците според кои  се вршеше исплата  на оштетените физички лица односно дали има дополнителни финансиски средства за тие лица, овие списоци да бидат дополнети со нив.

Третото прашање исто така се однесува до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се однесува на следното:

Што во овој период, од поплавите до денес, има преземено и завршено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во однос на чистењето и регулацијата на одводните и доводните канали и речните корита, посебно за регионите кои беа зафатени од поплавите, имајки предвид дека токму тие беа главните причини за огромните штети кои настанаа од полавите, имајки предвид дека само со нивно целосно чистење и регулирање, не би се нашле во иднина во иста ситуација, кога би имале слични обемни врнежи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почнуваме со првото прашање поставено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете г. Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

По однос на правните лица, проценката на штетите, незнам врз основа на што и врз основа на кои прописи, била препуштена исклучиво на нив.

Во текот на прибирањето на документацијата за штетите кај правните лица се соочивме дури со такви барања каде што правните лица поставуваа барање за уништен дивеч, од 2.600.000, што ќе рече дека не само проценките што ги правеле сами од око и како им одговарало, туку и целокупната постапка околу прибирањето на документација за постоењето на штетата, во што е опфатен фактот дали се трговски друштва Што се регистрирани по закон, дали се занимаваат со земјоделска дејнсот, дали имаат земјоделско земјиште на користење, врз основа на некои од основите на Законот за земјоделско земјиште, или по друг основ, не беа доставени податоци. Поради таквото недоставување на податоци за правните лица, процесот на обештетување на истите и висината на надоместокот што треба да се определи, беше запрен и од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство беа побарани докази за постоењето на штетите, за нивната висина, како и за правниот основ, да се бара помош за надоместок на штета. Тогаш кога и ако недостатоците бидат отстранети од трговските друштва во рокот што им беше оставен, за што подрачните служби имаат веќе допис од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство оние трговски друштва што ќе постапат според она што го бараме како основ за утврдување на висината и правото на надоместок, ќе бидат обештетени. Кај другите тоа нема да го направиме затоа што се работи за тргоски друштва односно правни лица кои се ставени на списоците, за тоа основ нема на кој начин се намалува обемот на висината на надоместоците што припаѓаат на оние кои навистина имаат  доставено уредно барања, потребна документациј аи се евидентирани во подрачните служби. До колку тој недостаток биде отстранет, пак ќе повторам, ќе пристапиме кон обештетување и на правните лица.

Само на две правни лица им е даден надоместок во висина од 1.300.000 денари. Тоа се оние кои беа посетени при поплавите и каде се работеШе за интервентни средства околу  детоксикација односно околу елиминација на

можностите од заразни болести на подрачјето на кое се појавија односно каде што беше извршена полавата. Тоа е во Богданци и во Гевгелија односно во Валандово, оранжериите. Меѓутоа, реков тука се рабои само за итна интервенција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Георгиев дали сте задоволен од одговорот на првото прашање.

ДРАГАН ГЕОГИЕВ:

Во првито дел сум задоволен од одговорот.

Меѓутоа во второто дел, таму каде беше изнесено дека има исплата на две правни лица за кои имало правен оснво и каде тие средства биле интервентни, затоа јас го посочив примерот со над 40 вработени и со над 800 грла на крави каде имаме на 4.500 декари полавени површини и неможноста да продолжи таа фирма понатаму, бидејки се однесува за недостаток на храна на тие 800 грла.

Апелирам до министерот да се разгледа тој случај и дали може што е можно побрзо да се реагира.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г. министре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Тоа го сметам како дополнително прашање.

Реков дека преостанатите правни лица односно трговски друштва што се занимаваат со земјоделство, во слуајот со сточарство, се предмет на анализа и прибирање на податоци. Таму каде ќе утврдиме дека постојат елементи за надоместок, сигурно дека тој надоместок ќе го исплатиме, можебине во процент кој се однсува за индивидуалните, поради причини за кои не можам овде да зборувам, меѓутоа, во секој случај тоа ќе го сториме.

Второто прашање беше за земјоделците што не се приајвиле во рокот.

Прашањето за надоместоци односно за примање на помош, во врска со претрпени штети од елементарни непогоди, е предвидено попроцедура што не е пропишана од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, туку постои во посебни законски и подзаконски акти и таа процедура мроа да се запази.

Во основот на барањата односно надоместоците односно помошта што се плаќа во случај на елементарни непогоди, лежи прво дискреционото право на оштетениот да поднесе такво барање и да побара проценка на својот имот, без оглед дали е информиран или не, врз основа на правилото дека секој мора да ги познава правата кои му се достапни и врз основа на прописи да се однесува така.

Не се сеќавам за случај во Министерството досега да дошла поплака од некој земјоделец кој поради не знаење или други причини, благовремено не го поднел барањето за надоместок на штета, поради што не се нашол на списокот на оштетени, туку се работи за случаи кои ги знае пратеникот и кој, сигурно до колку ги има ќе ги достави до Министерството.

Во поглед на тие барања што дополнително би се поставиле, прво треа да се постави основното прашање, дали е можно сега, после три месеци, ако такво барање сега се постави, да се процениизносот на штетата Што е претрпена, со оглед на тоа што трагите од штетата се утврдуваат и штетата се утврдува тогаш додека трагите постојат, додека постојат последиците од поплавата, додека на нивата постојат растенијата односно плодовите што се уништедни и додека може евидентно да се утврди, преку стручна анализа, која и каква штета е претрпена. Сега после три месеци, во врска со поставените барања, не значи дека нема да излеземе и нема да ги провериме, меѓутоа морам да кажам дека, со оглед на искуството што го имам во поглед на постапките за надоместоци што биле пред судови во изминатиот период, тешко да се процени дали постоела штета, од кој вид е штетата и за кои култури, ако сега после три месеци веќе трагите од полавата и трагите од штетата ги нема. Меѓутоа до колку такви барања има и до колку процениме дека од оправдани причини не биле поднесени, не значи дек анема да ги земеме и нема да работиме по нив.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. министре.

Господине Георгиев дали сте задовоелн од одговорот.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Господине министре, во врска со објаснувањето од ваша страна, целосно се согласувам, меѓутоа сосема не се разбравме во однос на второто прашање. Имено, тоа се однесуваше за индивидуални земјоделски производители кои на време и уредно ги имаат јавено своите штети, а пропустите за нивното не влегување во списоците, според кои се вршеше исплатата, е настанато од комисиите при локалната самоуправа или од подрачните единици. Значи станува збор за физички лица кои не по своја вина не се влезени во списоците, а има такви примери, барем од контактие што ги имам остварено со граѓаните во овој период. Што со нив?

СЛВКО ПЕТРОВ:

Ве верувам, тоа што го тврдите има оснво да го верувате, бидјеки во контакти со вашите извирачи сте го имале. Меѓутоа, до овој момент од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство воопшто не е пристигната писмена или билокаква претставка од некои од тие земјоделци дека поднел барање и дека некоја од подрачните единици, или комисиите на единиците на локалната самоуправа што ги проценуваа штетите, дека таквото барање не е земено предвид. Тогаш кога ќе има такво барање кое ќе биде поткрепено со докази, му ветувам на пратеникот дека против подрачниот раководител на службата кој евидентирал такво барање, а не го ставил во списокот што ни го доставуваат за надоместоци, ќе бидат преземени мерки на одговорност. Затоа молам, доколку такви барања има и до колку има такви претставки да бидат доставени до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство да можеме да ги разгледаме, да ја спроведеме потребната постапка и евентуално да ги отстраниме пропустите на одрачните служби односно на нивните раководители или екипажот кој постои таму и да ги обештетиме луѓето кои поднеле такво барање. До тој момент очекувам дека такви барања и такви претставки ќе стигнат до Министерството.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете министре ако можете и на третото прашање да одговорите.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Што и како презедовме во поглед на чистењето на речните корита и на каналите, со оглед на тоа што постоел податок дека тие биле главна причина за полавите.

Овој дел од прашањето го сметам за констатација што не е заснована на факти, со оглед на тоа што веднаш после полавите беше формирана Комисија во Управата за водостопанство и заедно со стручни лица беше излезена на терен каде беше констатирано дека причината за полавите не лежи во неисчистените или несоодветни речни корита, или во каналите за кои станува збор, туку по енеромниот износ односно количина на дождови паднати во еден период, што се работи за илјада годишни, а можеби и десет илјади годишни води, што ќе рече дека ниедно речно корито од реоните во кои беа поставени, кои имаат свои природни водотеци односно граници односно конфигурации, не беше во состојба да ги прими водите, како последица на што дојде до излевање. Во тој дел не се согласувам дека е тоа констатација која пратеникот ја изнесе, но пак велам дека има оправдана причина

да верува во тоа. Меѓутоа, без оглед а тоа колку и дали речните корита иканалите , такви какви што се, кои служат за одводнување, такви какви што се, во состојба во која биле, биле главната, делумната илинајмалата причин аили воопшто не биле причина, факт е дека прашањето е што сме преземале тие да се оспособат.

Прво, да кажам дека одржувањето на речните канали односно речните корита, посебно чистењето на каналите е во надлежност на друг орган. Нема да зборувам за прописи кои не не задолжуваат нас како Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во тој дел да работиме, бидјеки областа на водостопанството што ја покриваме, покрај тоа што имаме одредени оврски што сме ги исполниле не задира во тој дел. Без оглед на тоа, оперативното тело во Владата, со составено од министри и од други стручни служби, вклучувајки ги тие на Министерството, ја утврди состојбата и обезбеди односно се труди да обезбеди средства во поглед на регулацијата на речните корита, во врска со поплавите. Да потсетам дека веќе е готова изработката на проектот за регулацијата на коритото на реката Вардар кај Јегуновце, што ќе значи дека ќе се направат напори тој дел да се стави под контрола и да се спречи излевање на водите од коритото на реката Вардар.

Во поглед наканалот кај Моноспитово, постои проект и постои пресметка за износот на средствата што треба да се потрошат и тоа во фаза на обезбедување на средства, меѓутоа од други извори, не од програмата на Министерството, бидјеки такви пари тоа нема и  највероватно, во најскоро време ќе ја почне постапката за оспособување на тој канал.

По однос на речните корита, преземени се мерки, за што најмногу можат да никажат членовите на оперативното тело на Владата за отстранвуање на последиците, околу нивното чистење како што се коритото на Луда Мара и на други реки и мислам дека е преземено се речните корита од наносите и од оштетувањата што се нарпавени да се доведат во состојба да можат да примаат нормални или поголеми количинина води, во случај на повторување или приближно повторување на работите односно поплавите што се случија. Меѓутоа за секојслучај во Програмата за 2005 година, во делот за водостопанство каде стои унапредвување на водостопанството каде минатата година нибеа дадени само 50 милијони од кои 12 милиони потрошивме за плаќање на обврските на претпријатијата што престанаа  во водостопанството, ќе се потрудиме да издвоиме поголем дел и да се вклучиме во рамките на своите надлежности во финансиската помош околу отстранвуањето на последиците односно создавање на услови  во иднина приватни слични  се

надевамне поголеми, но слични поплави , да не ни се повтори она што оваа година го имавме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине минситре.

Господиен Георгиев дали сте задоволен од одговорот.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Задоволен сум од одговорот на министерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Прашање поставува пратеникот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, морам да констатирам, пред се односот на Владата кон овие наши месечни средби кој на извесен начин е некоректен. Сепак ние пратениците имаме само еднаш можност во месецот да поставиме дирекни прашања на Владата  и со чесен исклучок на одредени минситри кои не удостоија со нивното присуство, можам да констатирам дека Владата овде е десеткувана, а навистина има многу сериозни прашања кои сакат да ги постават до Владата.

До колку не се појави премиерот или неговите заменици, немам намера да поставувам прашања.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Костовски, само мислам дека третманот во вакви случаи е подеднаков, затоа што вонеможност да дојде министерот, доаѓа заменик министерот. Мислам дека тоа е сосема легитимно. До колку до некој министер имате прашање, има тука и министри.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Госпоѓо Поповска, овие состаноци се еднаш во месецот и тие се дефинирани. Секој во својот распоред може да си најде соодветно време и да биде присутен на овие состаноци.

Добро, го повлекувам моето прашање. Јас ќе ги поставам моите прашања.

Имам три прашања.

Првото прашање се однесува до премиерот или неговите помошници. Прашање на референдумот.

Дали Владата ќе води кампања за масовно излегување на граѓаните, или како што во медиумите веќе се навестува, ќе се води кампања како граѓаните да се повикаат да апстинираат, што дефакто некои партии тоа го навестија.

Морам да потцртам дека референдумот е највисоко деократско право и највисок демократски чин за секоја демократска зема.

Не гледам тука човек кој би можел да одговори.

Второ, лично сметам, би сакал да се осврнам за работата на актуелниот минситер за одбрана г-динот Бучковски.

Имам минимум 4 основи со кои како пратеник можам да побарам негова оставка.

Ќе почнам редоследно. Дали е тоа недостаток на култура или однесување, меѓутоа на последната седница што се одржа за доверба или недоверба на Владата, настапот спрема колегите од Парламентот беше недоличен, арогантен и навредувачки во поглед на одделни способности на некои колеги. Тоа не е дозволиво како чин на министер во Владата на Република Македонија.

Второ, аферата на Телевизија А-1, емисија “Чуму” во кое се фенгира јавното мнение преку користење на јавни институции, каде господинот министер има дирекно влијание.

Трето, мојот осет дали господинот има правилна оценка за одредени дејствија и начини. Случајот со Струга покажа дека господинот министер нема правилна проценка кога и што треба да се предвиди.

(Реакции)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Костовски, ве молам ако може во форма на прашање да биде.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Прашањето ќе биде на крај формулирано.

Имајќи предвид дека актуелниот министер беше министер за одбрана во 2001 година, прашањето е: кои беа тие оценки и проценки кои тогаш ги имаше и кои денес ќе ги има во едно идно можно дејствување во Македонија.

И четврто, во неговото ресорно Министерство се случи класичен пример на мито и корупција, каде денес се води судски спор. Етиката секаде во светот, па и

овде налага, првите луѓе во ресорните министерства да си дадат оставка. Да повторам, насекаде говориме за Влада, во Владата, во Парламентот, во институциите, судството, борба против организираниот криминал. Ред е, дефинитевно, луѓето кои се на челните позиции на тие ресорни министерства за дејанија кои се од оваа сфера да поднесат консеквенции, тоа значи оставки.

И трето прашање:

Дали Владата и Собранието за време од 7 октомври до 7 ноември има намера да работи или пак ќе направи пауза, како што тоа се практикуваше ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, дали прашањето е до Владата или Собранието?

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Владата и Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тоа се две прашања.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Тоа се прашања кои што се суштествени, бидејќи Собранието не може да работи без Владата, една без друга не можат да функционираат. Прашањето е дали има Владата односно Парламентот во моментот кога ќе се води кампањата да не делува. Доколку не делува, годината ќе ни биде многу розова.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Владата и премиерот. Дали некој претставник на Владата би одговорил на прашањето. Премиерот е тука.

Господине Хари Костов, повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Прво, утринава колку што ја гледав сликата, од оваа страна каде седат министрите, замениците и претставниците на Владата, имаше поголем број претставници отколку што имаше пратеници во Собранието кои денес треба да поставуваат пратенички прашања, а тоа не значи дека некој мора овде да седи, туку токму техничкото опремување на Собранието овозможи во салите лево и десно да има поставено телевизиски монитори на кои можеме да ги слушнеме, а потоа и да одговориме на пратеничките прашања кои ќе бидат поставени.

Многу е тешка состојбата околу прашањето на референдумот, да се одговара на прашања кога очигледно не се знаат надлежностите на институциите

задолжени за спроведување на референдумот и кога се бара одговор од Владата на некое прашање за кое воопшто Владата нема надлежност.

Владата преку нејзините министерства, главно Министерството за внатрешни работи, има основна обврска да обезбеди фер, безбедно демократско изјаснување на граѓаните на референдумот. Министерството за внатрешни работи, во согласност со законските прописи и овластувањата кои Министерството ги има, гарантира дека тоа ќе го спроведе на 7 ноември. Значи граѓаните ќе бидат во можност безбедно, фер и демократски да си го кажат своето мислење.

Второ, Владата преку Министерството за надворешни работи побара присуство од ОБСЕ односно од ОДИХИР на значителен дел меѓународни набљудувачи, кои ќе можат да го набљудуваат и краткорочно и долгорочно, од аспект на роковите кога се предвидени во тие меѓународни институции, самиот процес на спроведувањето на референдумот и Владата побара најмалку истиот износ на меѓународно набљудувачи, како што беше тоа на претседателските избори во 2004 година. И покрај тоа што ОДИХИР не набљудува референдуми, и покрај тоа што не беа обезбедени финансиски средства од земјите кои го финансираа ОБСЕ и ОДИХИР, во текот на изминатата недела во Виена се одржаа состаноци со претставникот на ОБСЕ во Република Македонија и со претставниците на ОДИХИР на кои и покрај почетниот став дека не се обезбедени средства, дека не се набљудуваат референдуми и дека нема доволно време и број да се испратат меѓународни набљудувачи, сепак во текот на вчерашниот или завчерашниот ден - се извинувам, не знам точно кога беше - добивте известување, македонската јавност беше запозната дека повеќе од 220 набљудувачи од ОДИХИР ќе бидат испратени во Република Македонија токму заради барањето кое Владата го имаше, за да се задоволи барањето на Владата за обезбедување на значаен број меѓународни набљудувачи.

Кампања околу излегувањето на референдум итн не ја води Владата. Државната изборна комисија ги спроведува сите други активности поврзани со референдумот. Со измените на законот знаете каква е положбата на Државната изборна комисија. Според тоа, единствено некој кој што може да води кампања околу излегувањето или неизлегувањто на референдумот или повикувањето на граѓаните, како што кажа г. Костовски, може да биде работа само на Државната изборна комисијата, а не Владата да води таква кампања.

За Владата во овој момент, едно од битните, можеби стратешки најбитните прашања е прашањето на процесот на асоцирање кон Европската унија и прашалникот кој во текот на утрешниот ден, од претседателот на Европската комисија г. Проди, ќе биде доставен до Владата на Република Македонија и Владата има намера да води и кампања, да го објаснува процесот на одговорите на прашалникот спрема Европската унија и да оди со присуство на министри, заменици министри и она што значат владини институции да го образложи и да го брани проектот околу територијалната организација и децентрализацијата, како една од последните работи од Рамковниот договор, кој е битен елемент во процесот на асоцирање на Република Македонија во евроатланските интеграции. Независно дали во Република Македонија или на некои координативни тела, движења итн им се допаѓаат или не им се допаѓаат пораките од меѓународните институции, можеби кај населението некогаш се создава ситуација: што има овие претставници на меѓународната заедница нам да ни се мешаат, ние сами ќе одлучуваме, тоа е сигурно дека граѓаните сами ќе одлучуваат. Меѓутоа, и пред тоа одлучување треба да се има предвид дека ниту Европската унија, ниту НАТО, ниту САД не сакаат да станат членка на Република Македонија, туку процесот е во обратна насока. Процесот е дека ние како Република Македонија сакаме да станеме членки на тие институции. Ако сакаме да станеме членки на тие институции, тогаш ќе треба да ги следиме и правилата, прописите и начините на однесување, кои се примерни за такви институции и асоцијации.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Костов.

Господине Костовски, дали сте задоволен од одговорот?

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Со сиот респект, но не сум задоволен од одговорот. Јас барав само официјално изјаснување на Владата дали ќе застане јавно да го повика народот на тоа демократско право да излезе да гласа. Со сите други останати работи се согласувам, прашалникот е многу битен и сите заеднички мора да работиме. Исто така и учеството на ОБСЕ и другите невладини организации околу организацијата, меѓутоа тоа се други работи. Но дали Владата ќе има став со кој ќе го повика граѓанството да излезе да гласа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г. Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас веќе одговорив и од аспект на надлежноста, мојот одговор во првито дел беше јасен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Костов.

Второто прашање беше до министерот за одбрана, господинот Бучковски. Прашањето беше малку покомплексно.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитуван господине Костовски,

Намерно излегов на говорницата за да можам од време на време да ве гледам во очи кога ќе одговарам на вашето барање, што јас го сватив како иницијатива за поднесување интерпелација за доверба на носител на јавна фјункција, во конкретниот случај на министерот за одбрана. Значи согласно членот 42 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, ако имате поддршка уште од 4 пратеници, јас сум подготвен на Парламентот да се одбранам од вашите квази обвинувања кои сега ги изрековте.

Како прво, ги запишав, ме обвинивте дека имам недостаток на култура и дека со моето однесување на последната седница кога се гласаше за недоверба на Владата сум навредил дел од пратениците. Јас господине Костовски не ве видов вас кога говорев и не чувствувам потреба на вас да ви се извинам, ако некого сум навредил. Но имам најмалку четворица сведоци од петмината споменати, со кои го прекинав пиењето кафе да дојдам да слушнам што ќе прашате, затоа што имав некои сигнали дека ќе поставите прашање на кое ќе треба да ви одговорам. Значи останаа во бифето, тука е Спире Мавровски со кој пиев кафе, Караџоски, Влаже Стојаноски и Марија Којзеклиска. Мојот однос и пред да учествувам во дебатата за доверба на Владата и сега останува крајно коректен и крајно објективен во поглед на она што се случува овде. Но ако тие побараат од мене да им се извинам, јас сум подготвен да им се извинам ако сум ги навредил. Вам не чувствувам потреба да ви се извинам затоа што со сите оние настапи во Парламентот покажувате дека веројатно имате некои други амбиции, визави господинот Бучковски или министерот Бучковски. На крајот ќе ви кажам сигналите што стигнаа што ми кажуваат и што ми се потврди кај третото обвинување, користејќи формулација на еден наш партиски колега, кој меѓу другото е ваш добар пријател и кој јавно на еден наш собир

пледираше вие да бидете кандидат за градоначалник на Скопје на Колацијата "За Македонија заедно". Ако некој овде честиташе коалиција во друг контекст јас тогаш ви благодарам што ми помогнавте да заклучам дека на дело и пред завршување на референдумското изјаснување ја имаме коалицијата на Трифун Костовски со еден наш проминентен член на СДСМ и тука нема ништо спорно, туку да си дефинираме кој на која страна е уште пред оваа битка за да биде поедноставно, многу поедноставно.

Второто прашање, околу злоупотребата на телефоните од Министерството за одбрана и емисијата "Чуму", крајно професионално од Министерството за одбара е истерана работата до крај, испратен е дописот до Комисијата за спречување на корупцијата и до Анкетната комисија во Парламентот. Само едно потсетување, министерот Бучковски во последен момент се појави во таа емисија, и да сакаше немаше време што да организира и да прави. Ако се сеќавате, ако сте ја гледале таа емисија, затоа што тогаш мислам дека не бевте овде, бевте на годишен одмор, беше најавено уште на почетокот: еве ја госпоѓицата Шеќеринска, се појави господинот Бучковски. Значи во последен момент министерот Бучковски, заради обврските кои излегоа на госпоѓицата Шеќеринска беше таму.

Третата причина според која вие сметате дека треба да се поведе интерпелација, односно јас да поднесам оставка бидејќи вие не зборувавте за интерпелација, се случувањата во Струга. Најави Анкетната комисија дека ќе разговараме за Струга и јас би сакал како пратеник да ве повикаме на таа расправа и да разговараме отворено, дури овде сум подготвен да разговараме отворено, како што велите вие за погрешните проценки на министерот за одбрана. Не грижете се господине Костовски, не беше Бучковски во Струга во својство на министер за одбрана и не требаше да прави проценка дали е Струга дел од Македонија или дел од Голема Албанија, туку имаше средба со нашето партиско раоквodство. За моите постапки во партијата, за моите вистински проценки, за моите погрешни проценки, на форумите кај нас ќе се расправа, ако за тоа има потреба.

Четвртото прашање: имало корупција во Министерството за одбрана и завршил државниот секретар пред суд каде што треба да ја докаже обвинителот вината, тој самиот да докаже дека е невин. Да, точно е, но за случај кој не е поврзан со Министерството за одбрана. Станува збор за обвинување дека е злоупотребена неговата службена функција во процесот на денационализација, каде дел од имотот на Министерството за одбрана кој бил дел од тој процес, не било решението на

Министерството за одбрана и евентуалната корупција не е за нешто што требало да направи министерот за одбрана, туку други институции, каде имало ветувања, но јас не сакам да прејудицирам, ја почитувам презункцијата на невиност, ќе треба поранешниот државен секретар да докаже дека бил невин, односно обвинителството и судијата да пресуди по слово на законот.

И на крај, господине Костовски, посебно ве ценам и ништо лошо нема да кажам за вас, но секогаш ќе го бранам своето достоинство, уште повеќе јавно ќе и кажувам на македонската јавност затоа што тоа треба да се знае дека овие ваши прашања не беа насочени против министерот за одбрана. Овие ваши прашања беа насочени против еден од потенцијалните кандидати за нов лидер на СДСМ. Владо Бучковски не мора да биде лидер на СДСМ, но вие вака како што сте тргнале никој пат нема да станете лидер на било која опозициона партија или било какво движење.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Господине Трифун Костовски, дали сте задоволен од одговорот.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Навистина е жалосно кога својот независен статус го бранам со се и сешто, да ме вмешувате во ваши меѓупартиски внатрешни односи. Тоа е срамно и бедно за партија која ја води оваа држава.

Втора работа, ако сте имале осет седејќи таму и пиејќи кафе дека нешто за вас подготвувам ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинвуам, но да не ги навредуваме чувствата на припадниците на ниедна партија.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Не, дозволете, јас сум прозван овде, јас ова прашање го потегнувам. Мора, етика и на крај навики да стекнеме дека сме ние навистина демократско општество, градиме демократија и одговараме за сето тоа што се случува во нашите ресорни министерства, посебно премиерот а вие посебно господине министер. Според тоа, доколку вие имате чувство на грижа на совест дека кај вас тоа се случило, говориме, се бориме против корупција и организиран криминал и утврдуваме дека тоа е речиси во највисоко тело во едно министерство, по логика на многу нешта оставката е првиот чин, кој што вие треба тоа да го понесете. Толку од

моја страна. Против вас лично немам ништо, говорам за принципиелен пристап и би ве молел, оставете ме на страна од вашите внатрепартиски односи. Со никого немам комуницирано, ниту некого протежирам. Јас си имам свои концепции, свои планови, свои движења кои ќе бидат насочени само во интересот на Република Македонија и посебно на граѓаните, а принципиелно ќе ги бранам своите ставови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за одбрана Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Во духот на демократијата, јас сум свесен дека ниту еден носител на јавна функција не може да биде имун на било какви барања за одговорност. Му повторувам на почитуваниот пратеник, ако смета дека кај мене недостасува било каква одговорност, дали е тоа пред се, заради тоа што говореше за морал, секој од нас бидејќи почитуваниот пратеник е носител на јавна функција, избран на листата на коалицијата “За Македонија заедно”, кога говориме за категоријата морал, да поразговараме поподробно за моралниот кредибилитет на еден пратеник избран од симпатизерите и членовите на коалицијата “За Македонија заедно”, на овој начин да сака политички да се пресметува со дел од своите соборци, со кои го избори мандатот да биде пратеник во Парламентот.

Кога говориме за моралот, кога говориме за одговорноста едно наше повикување на морал, ако не се согласува со политиката која е промовирана да речеме визави референдумот владеачката коалиција “За Македонија заедно”, го отвора прашањето за моралната димензија, зошто да се инсистира да се биде со овие луѓе кога не се согласувам за клучни прашања од кои може да зависи судбината, просперитетот, перспективите на оваа држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до Владата и до Собранието, дали ќе работат во периодот на кампањата за референдумот. Јас мислам на некој начин премиерот одговори. Дали евентуално би сакале нешто да дополните?

ХАРИ КОСТОВ:

Владата сигурно дека заради референдумот не може да застане од своето работење, ниту пак било кој од Законот за избор на пратеници, за локалните избори итн., не предвидува дури и во период кога се избори, дека во периодот на изборна кампања месец дена кога трае, дека Владата нема да работи.

Во делот на Собранието, јас не би сакал да се мешам. Меѓутоа, сакам само да укажам дека во овој период нема предвидено изборна кампања и молк како што е тоа за изборите. Работа е на Собранието да одлучи како во тој период ќе работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред да го консултирам пратеникот дали е задоволен од одговорот, само да го кажам тоа дека според она што јас го знам како член на Претседателството на Собранието, Собранието има закажано седница за 14 октомври на тема Буџет. Значи, во периодот на она што е кампања Собранието ќе работи преку оваа седница. Дали ќе има други активности во моментот не би можела да најавам. Но, ова е сигурно.

Го молам пратеникот Костовски да се изјасни дали е задоволен од одговорите?

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Секако дека сум задоволен од одговорот, за мене е голема радост бидејќи Владата и Парламентот ќе продолжат да работат со секојдневните проблеми, бидејќи референдумското прашање објективно не е најбитното прашање во Република Македонија. Имаме побитни работи кои што овде мораме да ги решаваме. Заради тоа апелирам максимално и Владата и Собранието да се користат со цел што побрзо да влеземе и да го фатиме патот таму каде што ни е местото.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Со поставување прашања збор има г-динот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам, почитувана потпретседателке,

Моето прво пратеничко прашање е упатено во зависност од ингеренциите и надлежности што ги имаат до Министерот за правда и до Републичкиот судски совет, бидејќи сметам дека од описот на поставеното прашање произлегуваат ингеренции како за министерот за правда, така и за членовите, односно за претседателот на РСС. Лично сум убеден дека со поставувањето на ова прашање и неговата реализација. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Тасев, Вие не најавивте да има  претставник од РСС.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Но, до министерот за правда е поставено. Значи, лично сум убеден дека со поставувањето на ова прашање и неговата актуелизација тоа не е од личен, или од субјективен интерес, туку со цел за разоткривањето на дефектите во правосудството и правосудниот систем и ќе иницираме и ќе дадеме конкретна помош во започнатиот процес на борба против она што значи мито и корупција во судовите и нивното разоткривање, борба против самоволието на поедини судии, борбата против партизацијата и донесувањето на одлуки по налог на партиски и политички структури, фамилијарноста во судовите и што е најзначајно можеби ова прашање ќе биде во насока на поттикнувњето на забрзувањето на реформите кои треба да се случат во нашето правосудство.

Накратко ќе дадам еден опис на еден судски предмет кој е започнат во првата половина на 2002 година а по кое излагање одговор на прашањата ќе треба да дадат министерот за правда и РСС согласно нивните ингеренции и надлежности. Се работи за еден кривичен предмет што е заведен во основниот суд Скопје 1 - Скопје, под број В Кривично дело 57202 за сторено кривично дело по член 172 став 3, од КЗ против А1 телевизија, а подоцна прецизирано кон главнот уредник на А1 телевизија г-динот Ацо Кабрамов. Упатена е покана за главна распава на 13.09.2002 година, но од телевизија А1 ја враќаат поканата со назнака дека не знаат на кого се однесува. Пратена е втора покана на 19.12.2002 година, тоа е еден краток опис со прецизирање на сторителот на кривично дело по што следи поднесок од страна на обвинетиот за месната надлежност поднесена од страна на главниот и одговорниот уредник. Предметот е препратен до надлежниот суд Скопје 2 - Скопје и е заведен под нов број И број 35003. На 25.06.2003 година, значи скоро година дена подоцна е закажана расправа и одложена заради неуредна достава, потенцирам, заради неуредна достава на поканата на обвинетиот. На 3.10.2003 година закажан е повторно претрес, повторно се одлага заради неуредна достава на покана на обвинетиот. На повратницита да потенцирам дека е напишано, поканата да се достави на домашна адреса што значи дека поканата е примена, но, бараат таа да биде доставена на домашна адреса. И повторно игри на обвинетиот и на Судот, или на судијата со цел за одолговлекување на постапката. На 7. 11. 2003 година повторно одложено под изговор за неуредна достава. На 17.12.2003 година е закажан претрес но со наредба од судијата на записник за стражарно приведување на обвинетиот. Претресот повторно е одложен заради неуредна достава, а од

стражарното приведување нема ништо. На 19.12.2003 година, Судот поканата за претрес ја упатува наместо на адреса Булевар Партизански Одреди број 95 стан 18, каде што е местото на живеење на обвинетиот, но наводно по грешка е доставено на улица Партизанска број 5, во населба Нерези. И конечно закажано рочиште н 25.03.2004 година на кое тужителот не може да присуствува за што го известува Судот со телеграма, значи уредно истиот ден, но судијата не ја прифаќа телеграмата и донесува решение со кое ја запира постапката против тужениот за сторено кривично дело, затоа што тужителот не бил присутен. Судијата како едвај да чекал да не дојде тужителот и да донесе такво решение какво што посакува и таа и тужениот. Поднесена е жалба до Апелациониот суд под број Кж.број 1275/04 но е донесено решение со кое жалбата се одбива со образложение дека телеграмата ја добил со задоцнување од еден час, односно ја добил во 13,30 часот, а распавата била закажана за 12, 00 часот. Не е земено во предвид дека телеграмата е пуштена во 7,30 часот, што значи 4,5 часа порано од закажаниот претрес. Од овде јасно се гледа спрегата на судијата во основниот суд со претседателот на кривичниот совет од Апелациониот суд во Скопје, да донесуваат одлуки кои се против правни и на штета на одредени субјекти во процесот, повластувајќи други во самиот процес. Значи, од тука и прашањето за Министерството за правда и РСС

Прво, дали се прават ревизии на работењето на судовите и колку често се прават тие ревизии.

Второто прашање, дали преземаат мерки против несовесните и нестручни судии, ако имаат , кои се и кои мерки ги имаат преземено со назначување поединечно за секој судија.

Трето, барам за конкретниот случај што го образложив да го испитаат и да утврдат дали има повреди во постапката  и доколку се утврди, кои мерки би ги презеле како за судијата во Основниот суд, така и за претседателот на Кривичниот совет во Апелациониот суд Скопје. Морам да потенцирам дека за овој предмет ја имам лично запознаено и г-ѓата Ленче Софрониевска претседател на РСС. За полесна ориентација на Министерството за правда и на РСС еве ги и броевите на предметите. Значи, основен суд Скопје, 2, Скопје И К.Бр.350/03, судија Љубинка Башевска и по жалба одлучувал Апелациониот Суд Скопје Кж.бр.1275/04 каде што одлучувал во Совет со претседателот на Советот Сибил Малинков. Значи, барам по ова прашање писмено да ми се одговори, биејќи се работи за предмет за кој што има

определени податоци кои што во овој момент сигурно министерот за правда ги нема. Барам да ми се одговори во писмена форма.

Второто пратеничко прашање е до Владата т.е. до ресорното Министерство за правда и до Министерството за внатрешни работи, веројатно нешто и до Министерството и за надворешни работи. Имено, како што знаеме во Собранието на Република Македонија на иницијатива на Семакедонскиот конгрес подржано од повеќе опозициони партии, Владини и невладини организации, од македонските грани и од МПЦ, како и од речиси сите стручни структури во Република Македонија поткрепени нормално со повеќе од 180 илјади потписи на грѓаните од Република Македонија, број кој е во согласност со највисокиот правен акт на Република Македонија т.е. Уставот, донесена е во Парламентот одлука за распишување на референдум на кој граѓаните на Република Македонија ќе треба да се произнесат по референдумското прашање врзано за Законот за територијалната организација на локална самоуправа во Република Македонија. Во врска со оваа иницијатива за сенародно изјаснување како највисоко демократско право на непосредно одлучување на граѓаните загарантирно со Уставот, Законот и другите позитивни прописи во Република Македонија присутни се се повеќе изјави, заплашување на граѓаните како од дел од актуелната власт, така и од дел од Европските меѓународни структури. Сведоци сме на се почести и бројни изјави на дипломатски претставници од дипломатскиот кор во Скопје, дека доколку референдумот за територијалната организација на локална самоуправа во Република Македонија успее, тоа ќе значи оддалечување на приемот на Република Македонија од Евроатланските интеграции и процеси што секако значи флагрантно мешање во внатрешните работи на Република Македонија и обид за попречување на реализацијата на најдемократското право, а тоа е правото на изјаснување на граѓаните кое е масовно практикувано особено во овие западно-европски земји.

Затоа прашањата би биле следните.

Прво, дали власта или поедини делови од власта, се мисли на полиција, обвинителство, судови па и новинарската фела, ќе продолжат со заплашувањето на граѓаните и други приврзеници на референдумот со нивните познати методи на поднесување на кривични пријави, определување на мерки на притвор, донесување на пресуди по терк на власта, а со цел да се изнудат решенија од референдумот кој ќе биде во посакуваната насока на власта, т.е. да се скрши волјата на народот и да се добијат решенија и резултати од референдумот, од референдумското

изјаснување спротивно на вистинската волја на народот. Што значи, со цел да се дефокусира јавноста од референдумот и нивното изјаснување, и насочување на нивните погледи во друг правец. Сметам во овој контекст дека не е ништо страшно доколку резултатите на референдумот бидат вакви, или такви, позитивни, или негативни.

Второто прашање, дали во ваквите случаи власта би реагирала и како, т.е. дали би презела мерки против оние кои ќе се обидат со вакви мерки да го попречат народот да се изјасни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа вашите 10 минути.

Малку димензионирајте ги вашите прашања. Деловнички имате 10 минути.

Значи првото прашање беше до министерот за правда Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

И покрај тоа што сметам дека одредбите од Деловникот се кристално јасни по однос на оваа институција уставна, пратенички прашања, дека прашањата се поставуваат исклучиво до функционери. Ние често пати доаѓаме до такви проблеми што не можеме одреден дел на прашања кои според мое мислење сметам дека и не се деловнички да им поставуваме на други институции за кои по Деловник немаме право тоа да го правиме. Но, и покрај тоа јас би сакал во оваа прилика почитуваниот пратеник да го информирам дека во однос на функционирањето на системот, односно правосудниот систем во Република Македонија како што и вие веќе знаете направени се огромен број на анализи и во подготовка е документот, стратегија како во иднина ќе го реформираме овој систем за да биде поефикасен, пофункционален, а се со цел правдата да не задоцнува и да се задоволуваат потребите на државата.

Еден од клучните пунктови што ги обработува овој документ се и судските постапки. Слабостите кои се уочени во судските постапки, а се однесуваат, повторувам, на постапките, со новите измени на законите кои се во тек, а одреден дел од нив поготово за оваа материја како што знаете се очекува брзо Собранието и да го донесе Законот за кривична постапка. Одреден дел на такви слабости што ги имаше системот сметаме дека со донесувањето на новиот пакет закони од оваа област ќе се бајпасираат, односно ќе се средат. Кога го кажувам ова, пред се мислам дека сегашниот систем има такви слабости што овозможува во одредена мера да се изигруваат прописите. Но, ве уверувам дека со новите измени Владата чини напори и сметаме дека навистина во огромен дел ваквите слабости на

системот, односно тоа што е Владина надлежност, а и надлежност на Собранието дека ќе бидат надминати со спроведувањето на тие реформи што сега ги зафаќаме.

По однос на конкретното прашање и за РСС што беше и за одредена постапка во суд и самиот пратеник кажа дека тешко е да се одговори усмено на денешната седница на Собранието. Ќе бараме податоците да ни се достават поготово по однос на тоа што значи надлежност на Министерството за правда, по однос на ажурноста и таквиот одговор, односно таквите податоци и одговор ќе добиете на писмено за тој дел.

Во однос на тоа какви мерки ќе се преземаат ако се уочат такви изигрувања, или проблеми во сите постапки, имаме систем, тоа е согласно законот за РСС. Советот е тој надлежен орган кој може да навлезе во тоа што значи квалитет на донесување на одлуки од страна на судиите. Најверојатно јас сум уверен дека ако постојат такви поплаки, или такви известувања до РСС по однос на одреден предмет, РСС е должен да влезе во предметот и да ја проучи, односно дали квалитетно и согласно законите се спроведени таквите постапки.

И на крај да завршам, на пратеникот писмено ќе му одговориме по однос на конкретното барање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Задоволен апсолутно, мислам дека министерот ќе опстои на ветувањето. Мислам дека во делот на она што значи реформи и на крај прашањето беше во функција на поттикнувањето на реформите во судството, мислам дека министерот тука беше дециден. Задоволен сум од одговорот и особено на вториот дел каде што министрот вети дека ќе добиеме писмен одговор на вториот дел од прашањето. Значи, задоволен сум во целост.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање е упатено до Владата на Република Македонија.

СИЛЈАН АВРАМОВСКИ:

Во врска со активностите кои што ги презема Министерството за внатрешни работи во врска со референдумот можам да истакнам дека МВР презема плански и организирани мерки и активносит со цел обезбедување на една поволна безбедносна состојба и услови за непречено одвивање на референдумскиот процес

и истовремено притоа да обезбеди фер и демократски услови за изјаснување на граѓаните.

Што се однесува до прашањето, доколку има некакво нарушување на тој процес во смисла на нарушување на јавниот ред и мир, или пак оневозможување на некои граѓани да се изјаснат, одоговрно тврдам МВР ќе преземе соодветни законски мерки за санкционирање на тие појави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Задоволен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник кој може во 10 минути да постави прашање е госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Првото прашање го упатувам до Владата на Република Македонија бидејќи не можам прецизно да ја лоцирам надлежноста помеѓу Министерството за економија, Министерството за финансии и можеби Министерството за труд и социјална политика.

Имено, прашањето потекнува од контактите со граѓани во рамките на работата на Канцеларијата за контакти со граѓани на општината Карпош, која што уште во самиот почеток на нејзиното функционирање ја имаат посетено повеќе граѓани, понекогаш вработени во претпријатието “Македонија Табак” кои што останаа без работа при трансформацијата на претпријатието, односно преносот на имотот од “Македонија Табак” на новото претпријатије “Македонија Табак 2000”.

Луѓето што тогаш останаа без работа бараат денеска работа и тоа е прилично вообичаено. Меѓутоа, она што ме поттикна да го поставам ова прашање денеска е неодамнешната посета на Канцеларијата од страна на еден тековно вработен во претпријатието “Македонија Табак 2000”, кое што се соочува со огромни проблеми.

Се работи за следното. Претпријатието веќе подолго време, со години вработените не примаат плата, придонесите не се уплаќаат, не се ниту здравствено, ниту пензиско осигурани. Во случајот се работи за самохран родител кој што покрај тоа е хронично болен уште од своето детство и месечно треба да купува редовно следување на лекови. Плус на сето тоа неодамна имал и хируршка интервенција. Во

Канцеларијата дојде да се обрати од очај и да праша што да прави, како да го надокнади лекувањето и престојот во болница.

Прашањето кое го упатувам до Владата е следното:

Бидејќи не е ова осамен случај, има повеќе вакви фирми кои што формално функционираат, меѓутоа вработените не примаат плата и не ги остваруваат правата од таквиот статус. Мислам дека и неодамнешните протести од фабриката “Треска” веројатно се однесуваа на слична ситуација. Прашањето е дали Владата во рамките на своите надлежности може да преземе нешто или дали има инструменти да преземе нешто да ја скрати агонијата на ваквите вработени во смисла на разрешување на статусот на претпријатијата кои што формално функционираат, а вработените во нив не остваруваат права ниту на вработени ниту на оние што се на Заводот за вработување. Тоа е првото прашање.

Второто прашање исто така потекнува од  праксата на Канцеларијата за контакти со граѓаните од општина Карпош, го поставуваат група на пензионери од населбата Тафталиџе кои што се соочуваат со проблемот на откуп на дворното место околу нивните бараки во таа населба.

Тие имаат право да го откупат дворното место согласно Законот за откуп на градежно земјиште. Сумата која што треба да ја уплатат за таа намена се движи од 100 до 180 илјади денари во зависност од големината на дворното место, меѓутоа со оглед на староста на оваа населба и структурата на луѓето кои што живеат таму се работи воглавно за пензионери кои што оваа сума не ја поседуваат, ниту пак можат да земат комерцијални кредити од комерцијалните банки, бидејќи доделувањето на средствата комерцијалните банки го ограничуваат со денот на одење во пензија. Пензионерите не можат да добијат кредити од комерицијалните банки.

Прашањето го упатувам до Министерството за транспорт и врски, мислам дека надлежноста е тука и прашањето е дали постои можност да се разберат проблемите на овие граѓани и да се одобри откуп на дворните места околу куќите на повеќе рати во одреден период од неколку години.

Третото прашање е од областа на проблематиката која што ја следам, од областа на мојот политички интерес, тоа е образованието и го упатувам до тука присутниот заменик министер за образование и наука, господинот Тале Герамитчиоски. Се однесува на темата која што не се симнува од насловите на весниците и медиумите воопшто во текот на цел месец септември. Тоа е прашањето на учебникарството.

Прашањето е, што се случува со учебникарството во Македонија, или како што пишува во еден од насловите во еден денешен весник “Дали заменикот министер за образование и наука чита”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Борозан.

Првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија.

Има збор премиерот.

Повелете господине Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Во одговор на прашањето околу тоа дали Владата може да преземе одредени активности во врска со претпријатијата кои што имаат проблеми со исплати на платите, придонесите за пензиско, инвалидско, здравство и тн. во одговорот морам да кажам дека мора да ги поделиме таквите фирми на два вида на фирми.

Значи едно е фирмите, компаниите, трговски друштва кои се основани односно кои сега имаат  доминантно приватен капитал, приватни фирми или приватно основани.

Второ е оние фирми, оние трговски друштва, акционерски друштва во кои сеуште е доминантен државниот капитал.

Во оние кои спаѓаат во првата група, приватни или веќе приватизирани фирми државата не може, ниту има намера да обезбедува дополнителни средства, дополнителни даночни зафаќања освен она што постои во буџетот, ниту пак имаат некаква надлежност околу тоа да им исплатува заостанати плати, придонеси и тн. Проблемите со кои тие се соочуваат се сигурно заради неизмирени обврски спрема други доверители и единствено решение за нив е поминување низ постапка на стечај во која што ќе се регулираат обврските со доверителите.

Истото решение, кое горе доле е како излесно е и за претпријатијата во кои што е доминантен државниот капитал, меѓутоа во оние претпријатија кои што имаат доминантен државен капитал државата како еден од основачите вонив, доколку не е исклучителна, ако е единствена само таа ја има обврската кај дел од тие да обезбеди евентуално покривање на дел на заостанати придонеси, покривање на неисплатени плати и тн., меѓутоа сепак на крај водејќи сметка дали такво претпријатие има или нема пазарна перспектива за вршење на својата функција, или дали пак е тоа институција која што можеби во моментот работи со загуба, меѓутоа заради јавниот интерес или интересот на граѓаните треба да продолжи во вршење

на соодветна дејност и сепак со излезно решение кое на крај значи дека мора да ги почитува пазарните законитости и на крај да се доведе во ситуација дека мора ако не профитабилно крајно да работи, тогаш да работи на некоја позитивна нула.

Меѓутоа доколку таквите обврски кај голем број, дури и кај државни претпријатија, акционерски друштва кои што имаат државен капитал, доколку и кај нив на крај се сведува дека нема пазарна перспектива со таква програма која што во тој момент ја имаат, дека имаат премногу остварени загуби, имаат премногу неизмирени обврски, премногу неисплатени плати сигурно дека и за таквите претпријатија е постапката на стечај, или пак ликвидација, а низ тоа и продажба, промена на производен пазарен програм и тн. и на крајот продажба на некој друг инвеститор.

Кај нас она што се случува е, впрочем примерот беше во последно време и со вработените од “Сувенир” кои што кажуваат дека немаат 17 месеци исплатено плата, придонесите не се регулирани толку и толку години, сакаат да работат ама нема работа.

Она што кај нас тешко се разбира, дури од кај вработените и во оние што значат претпријатија со државен капитал, да ги елиминира оние што се приватизирани претпријатија е дека постапката на стечај е постапка во која што треба да се изнајде регулирање и олеснување на товарот од дотогаш неисплатените плати и други обврски. Тоа значи низ постапка на стечај ако нема покрај новината што да се наплати, може да излезе претпријатие, теоретски зборувано на крај може да има обврски нула.

Меѓутоа она што во праксата кај нас ссе јавува како проблем е лошото искуство од долгорочните, долготрајните стечајни постапки. Тука не мешајте се повторно во надлежноста во она што значи судкса власт, она што значи стечаен судија, стечаен управник и тн. едно е од аспект на регулативата која што би можела да се забрза, евентуални измени во законските прописи кои што би можеле да ја забрзаат таа постапка и

Второто е околу на некој начин поголема ефикасност на судските постапки, работењето на стечајните судии и стечајните управници овие постапки што побрзо да завршуваат.

Имаме практични примери дури и во неколку посети што деновиве, неделава барем јас ги имав, фактички во Гостивар посетивме фирма од поранешна “Силика” сега “Силика доломит”, сега “Вардар доломит” која што токму низ стечајната

постапка се ослободи од обврски од 150 вработени во времето, 130 се веќе вратени на работа. Веднаш драстично се гледа разликата кај новиот инвеститор, новиот сопственик и она кое што е остаток од старата фабрика.

Проблемот што кај вработените тука се јавува е токму заради таа долгорочна, долготрајна постапка околу стечајот и она што се негативни искуства од досегашното работење на постапките во стечајот.

Според тоа, резимирано на крај, значи Владата само може во вакви случаи да постапува само во однос на оние каде што Владата е доминантен сопственик односно се јавува како доминантно во државна сопственост, а другото би било евентуално согледување на потребите од промени во регулативата за забрзување на стечајните постапки и нивно навремено одвивање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодарам. Задоволна сум од одговорот, одговорот беше навистина исцрпен, меѓутоа останува само едно мало дополнително прашање, дали државата со некоја законска интервенција може од приватна фирма да побара да поведе постапка на стечај. Се обраќам за случајот кога фирмата е приватна, меѓутоа сопственикот не исплаќа плати на вработените а и не сака да поведе стечајна постапка.

ХАРИ КОСТОВ:

Само доколку таа фирма има неизмирени обврски кои се однесуваат спрема државата, било да е тоа ДДВ, персонален данок во Министерството за финансии или придонеси за пензиско, кога Фондот би можел, значи некои од тие доверители спрема нив кога има неизмирени Кога тоа се однесуваат само на неисплатени плати, тогаш тоа се вработените тие кои можат да го иницираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следното прашање е до Министерството за транспорт и врски, во врска со дворните површини, повелете.

АГРОН БУЌАКУ:

Благодарам претседателе,

Прашањето почитувана пратеничке Борозан беше адресирано до Министерството за транспорт и врски, што до некоја мерка е во ред затоа што ние

менаџираме со градежното земјиште и со доофформување на изградени објекти на градежно земјиште и тн. но јас ценам дека што се однесува до начинот на плаќање на веќе постоечките критериуми кои што се одобрени од страна на Владата, значи од Министерството и Владата порано, не би можеле туку така да интервенираме затоа што тоа мора да се разлгеда и разговара на ниво на Влада или најмалку со министерот за финансии, затоа што тие средства се прилив на Буџетот на Република Македонија и имајќи го во предвид тоа, не би сакал да обеќам нешто што не е во моја надлежност, но јас можам да обеќам дека за да им помогнеме на тие пензионери кои би сакале да го имаат дворот, сопствената барака или куќа во своја сопственост, јас можам да обеќам дека за тоа ќе порасговарам со министерот за финансии, евентуално со премиерот за да можеме да најдеме некое решение или евентуално преку банките и тн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, дали сте задоволни од одговорот?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Сакам да прашам дали можам да го пренасочам прашањето до Владата и да добијам писмен одговор или ќе треба тоа да го направам формално, уште еднаш писмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вашето дополнително прашање ќе биде во форма на писмен одговор, до правата адреса, министерот за финансии.

Благодарам.

Третото прашање е до министерот за образование, повелете господине Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Благодарам.

Па прашањето за иучебникарството е веќе подолго време актуелно и мислам дека сите недоразбирања, некогаш неумесни квалификации кои што често можеме да ги сретнеме по медиумите, произлегуваат од еден временски вакум во кој што се наоѓаме на старата и новата легислатива која што ќе го уредува ова прашање.

Според стариот начин кој што го регулираше ова прашање, јас за јавноста би посочил која е процедурата за издавање на еден учебник. Бирото за развој на образованието е задолжено според Законот за носење на нормативи и стандарди и потребата за издавање на еден учебник. Тоа се препраќа до министерот, односно

педагошката служба и Советот за издаваштво кои што го припремаат конкурсот. Се разбира дека Министерството го објавува конкурсот за тој учебник во јавните информативни гласила и на конкурсот учествуваат изеавачи кои што имаат свои рецензенти. По мене ова е клучниот проблем кој што до сега предизвикуваше недоразбирања, меѓу другото и овие коментари кои што сега ги слушаме во јавноста.

Министерот исто така формира трочлена комисија, стручна комисија, која што за средното образование се состои најчесто од еден универзитетски професор и двајца професори од средното образование со подолгогодишна стручна пракса, додека за основното образование, еден универзитетски професор и двајца поискусни наставници од основното образование, кои што даваат стручно мислење по однос на доставените предлози за учебници до министерот. Тие мислења се доставуваат повторно до Советот за издаваштво при педагошката служба која што му дава соодветни препораки на министерот кој што потпишува две или повеќе решенија за тој учебник. Напоменувам дека министерот е политичко лице кое што не може да формира соодветно стручно мислење во моментот кога го потпишува актот за учебникот по однос на одредена проблематика. Тој мора да се потпира на мислењата на стручните институции кои што ги поминале тие филтри до тој период. Така да сите оние пропусти кои што постојат во учебниците се пред се одговорност на самите автори, на рецензентите и на издавачките куќи. Се разбира дека постои посебна и индивидуална одговорност и на Министерството за образование, но тоа е воочено како недостаток во постојната процедура која што се почитува и заради тие отстранувања на тие аномалии во завршна постапка е законот за учебници, односно учебникарство, кој што ќе се најде пред овој собраниски дом, во кој што постои посебна нова постапка во која што ќе се елиминираат овие субјективизми кои што доведуваат до навистина некогаш неквалитетни решенија во поглед на учебниците. Се надеваме за брзо време дека оваа проблематика и законски ќе биде регулирана, за која што впрочем и собранискиот дом ќе се произнесе.

Уште би потенцирал дека постојат одредени дилеми во јавноста во поглед на продажбата на учебниците.

Издавачките куќи со самиот начин и постапка на спроведување на ова кое што до сега го објаснив при решението кое што го потпишал министерот впрочем го стекнале своето право за издавање и продажба на тој учебник и формирање на таа цена на тој учебник. Тука Министерството нема влијание врз таа постапка.

Во новата законска легислатива, во која што ќе распишуваме конкурси за ракописи а да не можат издавачите да конкурираат директно, тогаш ќе може и со соодветни тендрски постапки да се влијае и на самата цена, односно на намалување на цената на учебниците.

Продажбата на учебниците исто така е горлива тема и јас ви тврдам дека до сите училишта е испратена писмена забрана за продажба на учебници во самите училишта. Доколку постојат сознанија дека оваа забрана се крши, но се разбира со соодветни валидни докази, оние кои што ја прекршуваат оваа наредба ќе си понесат соодветни санкции. Против нив ќе бидат поведени одредени постапки. Но таква забрана постои и таа забрана е со важност и за оваа учебна година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Задоволна сум.

Сакам само да напоменам, да се обратам до заменикот министер на Министерството, воопшто ако веќе имаат забелешки на содржината на учебниците треба да внимаваат на изборот на рецензентите кои ги прегледуваат учебниците.

Исто така драго ми е што слушам дека се подготвува закон за учебникарство и се надевам дека наскоро ќе го добиеме тука на разгледување.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Проблемот е што рецензентите се бираат од страна на издавачката куќа која што, тоа е аномалија во постапката која што ја утврдивме и таа ќе биде изменета во новиот Предлог на закон. Во досегашната процедура рецензентите си ги избираат издавачките куќи кои што конкурираат на конкурсот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Почитувани пратеници, бидејќи пет минути го надминавме времето, паузата е до 14,05 часот.

(Пауза од 13,05 часот).

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,07 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат и претставниците на Владата, министрите и премиерот.

Повелете г-ѓо Бонева имате право на три прашања, 10 минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ги нема министрите почитуван претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе кажете до кого се, за да ги повикаме министрите.

СИЛВАНА БОНЕВА:

До Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам премиерот да влезе во салата.

Ако е во можност да слушне го молам претседателот на Владата да влезе во салата.

Еве, премиерот е дојден.

Г-ѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани претставници на Владата,

Моето прво прашање е до вас, а се однесува за Хидросистемот за спас на Дојранското Езеро.

Хидросистемот, на 19.02.2002 година е основан со Одлука на Владата на Република Македонија за да продолжи функционирањето на Хидросистемот и опстанокот на Јавното претпријатие со една единствена цел да зачува Дојранското Езеро, да се обнови неговата флора и фауна и нормално, да заживее зелиот овој крај и економски и туризмот да заживее во Дојран. Навистина е потребно непречено да функционира Хидросистемот.

Токму од тие причини неколку пати до сега, до вас се обраќаат вработените на Хидросистемот за спас на Дојранското Езеро со надеж дека Владата одговорно ќе се однесува кон овој проект и дека ќе продолжи, навистина, непречено неговата работа. Најпрво, на 28.мај е доставено до Владата на Република Македонија во кое што јасно е укажано за неопходната потреба од финансиски средства за потрошена електрична енергија, за одржување на пумпите и цевоводот, набавка на резервни делови, исто така за плати и материјални трошоци за тековните работи.

Предочено ви е од вработените во Хидросистемот дека се повеќе и повеќе се намалува испумпувањето на вода, па така ако во периодот април-мај се испумпувало по 800 литри во секунда, во наредните месеци капацитетот постојано опаѓа на 500, па на 300, за да во овој момент се испумпува некаде околу 170 литри

вода во секунда. Се од причини што неможе непречено да функционира целиот Хидросистем, затоа што опремата не се одржува редовно, нема средства, најавени се дури и можности и од хаварии што можат да го загрозот животот на вработените во Хидросистемот. Вие имате вакво известување. Внатре е кажано зошто е неопходно да се постапи под итно, бидејќи кај сите шест пумпи се појавува греење на лежиштата, има непријатен звук при работа на електромоторите, што е утврдено од стручни лица, има оштетување на сите пумпи, појава на вибрации кај сите пумпи. Истовремено, од поплавите што беа, настанати се оштетувања на одредени насипи со што цевководот е доведен во прашање, односно можно е негово целосно уништување.

Моето прво прашање би било што презема Владата за да се задоволат стандардите за успешно работење на пумпите на Хидросистемот и за санирање на севкупната опрема за да се спречи хаваријата што може да се случи, а со тоа најпрво да се сочува здравјето и животот на вработените таму, а понатаму и непречено функционирање на Хидросистемот за остварување на самата цел за која што постои Хидросистеомт?

Понатаму, бидејќи имате одговорено на барањето на вработените, Владата има одговорено на 16 септември дека Министерството, Владата го разгледала барањето што е доставено за одржување на Хидросистемот за спас на Дојранското Езеро и заклучила дека Министерството за финансии, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да ја согледа можноста за обезбедување на средства за одржување на виталните функции на Хидросистеомт.

Па, што согледавте и што одлучивте, од каде ќе бидат обезбедени средства за одржување на виталните функции на Хидросистемот, кога ќе ги обезбедите и кога ќе ги дистрибуирате средствата, и тоа средства и за плати и надоместоци и средства за нормално функционирање на Хидросистемот за спас на Дојранското Езеро.

Понатаму, имате известие, посебно до министерот за животна средина и просторно планирање, во кое што директорот на Хидросистемот ве известува дека е направено алтернативно приклучување на Хидросистемот за спас на Дојранското Езеро од страна на ЈП Комунално претпријатие “Водовод” од Богданци и нивниот дефект во водоводот го решиле преку ноќ со прекопување на канали и поставување на цевки со што се носи вода до Богданци. И тоа, без да се води сметка за

исполнување на неопходните стандарди за доставување вода за пиење до населението. Ниту филтрирање на водата, ниту пак хлорирање и пуштена е ваква вода без да се води сметка за здравјето на граѓаните во овој крај. Бидејќи бесправно е направеон ваквото приклучување, а претходно напомнав каква е состојбата со целокупниот Хидросистем, што преземате, какви санкции ќе преземете за ваквото постапување и на крај за зачувување на здравјето на граѓаните од овој регион. Тоа е првото прашање

Второто прашање - што ќе превземете во врска со корупциската афера за купување соби во студенските домови, каде што се вмешани високи функционери од Младинската организациоа на СДСМ исто така и од Министерството за образование? Доколку сметате дека нема доволно дикази, подготвена сум да ви го доставам ид ЦД-то и трнаскриптот од кој што јасно се гледа колку се бара за една соба во “Стив”, во студенскиот дом, колку евра се бараат за луѓето кои тоа го овозможуваат и преку колку луѓе тоа оди, дали воопшто ваквото нешто ве загрижува и кои мерки се ги презедовте од моментот кога тоа беше обелоденето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Значи, тоа се две прашања.

Првото прашање во врска со Хидросистемот за полнење на Дојранското Езеро ќе одговори министерот за животна средина и просторно планирање. Повелете.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Благодарам, а благодарам и на г-ѓа Бонева што го постави ова прашање, бидејќи треба да знае некои работи и претходно и сега што презема Владата во врска со одржувањето на овој систем.

Прво, Министерството за животна средина и просторно планирање го има како инвестиција Хидросистемот спас за Дојранско Езеро. Во меѓувреме е формирано Јавното претпријатие за стопанисување со Системот Дојранско Езеро, меѓутоа пратеничката Бонева треба да знае дека јавните претпријатија се формираат за да даваат услуги, согласно Законот за јавни претпријатија и врз основа на тие услуги се добиваат средства и да го одржуваат систеомт.

Е, ова Јавно претпријатие не е формирано така, туку е формирано проформа, да постои јавно претпријатие, да врши една непрофитабилна работа, а за тоа да не наплаќа услуги и такво едно јавно претпријатие треба да го одржува системот.

Значи, работата со формирање на таквото јавно претпријатие од страна на претходната Влада е утната уште на почеток. Меѓутоа, ние системот го затекнавме, го завршивме и го ставивме во функција, со сите договорни обврски, со сите договори, со сите изведувачи.

Системот работеше и работи непрекинато во целиот овој период, двегодишен период и ја врши својата основна функција, односно полнење на Дојранското Езеро. Се разбира дека позитивните резултати од тоа се покажаа , туризмот пред се живее на Дојранското Езеро и определбата на оваа Влада е, имајќи го предви тоа и целокупните социоекономски ефекти од полнењето на Дојранското Езеро, стои цврсто на определбата да езерото се полни и да овој систем се одржи.

Од останатите штети при поплавата исфрлена е автоматиката и овде се покажаа слабостите на склучените договори од претходната Влада со фирмата “Инаенерго системи” на која што им е дадено целосно право да врши проектирање, изградба и одржување на автоматиката и веднаш по првото електрично празнење, по громовите, автоматиката беше исфрлена.

Влада презеде мерки, односно презеде обврска и определи средства за целосно санирање на оваа штета. Договорот е склучен и во рок од месец дена автоматиката повторно треба да проработи и системот автоматски да биде регулиран, односно испумпувањето на водата да биде автоматски регулирано. Значи, Владата одобри 2.000.000 денари за целосно враќање на автоматиката во употребна функција и вршење на својата намена.

Понатаму, изнесените констатации од пратеничката Бонева дека пумпите се неисправни, дека има вибрации, дека има чуден звук, јас би поставил едно прашање - тогаш што работело Јавното претпријатие и што работи Јавното претпријатие во одржувањето на тој систем, бидејќи има 19 вработени чија намена е исклучиво да вршат одржување на тој систем? Се разбира дека добила погрешни информации, тенденциозни информации и со јасна намера. Инаку, и за оваа работа Владата на Република Македонија презеде конкретни активности да целокупно потрошената енергија биде подмирена од страна на Владата на Република Македонија , значи за претходното работење. И тоа не е проблем, системот продолжи да работи и работи.

Во врска со функционирањето на Јавното претпријатие, како што реков тоа јавно претпријатие не е во согласност со Законот за јавни претпријатија, бидејќи не дава услуга и за извршената работа неможе да наплати и да го одржува системот. Значи, мора да се наоѓаат други решенија што ќе гарантираат сигурно работење на

системот, континуирано работење на системот што ќе овозможи постигнување на крајната цел, полнење на езерото.

Во врска со тоа, Владата ја разгледуваше Информацијата на претходните две седници и донесе заклучок што го цитираше г-ѓа Бонева. Средства се обезбедени од буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање и она што значи непрекинато работење од секаков аспект на јавното претпријатие, иако тоа не е обврска, ќе го презеде ова министерство заради непрекинато работење на Јавното претпријатие до крајот на годината. Во текот на овие месеци ќе се најдат нови решенија како функцијата полнење на езерото непрекинато да се одвива. Меѓутоа, неодржливо е јавно претпријатие што неможе да си ја врши својата функција, согласно на Законот.

Во однос на тоа што значи функција на системот за што е наменет, тој е наменет за повеќе функции. Така е замислен. Едната функција е да го полни езерото, целосно непрофитабилна дејност, понатаму, паралелно на тоа системот требало и треба да се доизгради и да врши функција на наводнување и трета функција, тоа е водоснабдувањето.

Во однос на прашањето дека извршен приклучок на системот и е искористена вода за снабдување на Богданци, тоа е направено во договор со Јавното претпријатие Дојранско Езеро и самата општина Богданци како преодно решение, односно бај пас на проблемот за водоснабдување на Богданци. Значи, не е тоа дека е диво направено, дека е бесправно направено. Тие, меѓу себе ги имаат регулирано односите бидејќи се два правни субјекти и врз основа на договорни услуги и услови тоа ќе го изрегулираат меѓу себе.

Понатаму, што значи тоа дали водата е исправна или не, се знае чија е надлежноста за квлаитетот на водата што се дистрибуира до населението. Општината Богданци ќе си го гарантира квалитетот на водата што ја доставува на употреба до граѓаните. А, се знаат институциите што вршат контрола на квлаитетот на водите, тоа е Републичкиот завод за здравствена заштита кој што преку своите испитувања гарантира за квлаитето на водата.

Еден генерален заклучок дека она што всушност ни остана како еден жежок костен во нашите раце, Владата на Република Македонија во овие две години, преку основната намена и основната функција на Хидросистемот Дојранско Езеро, успешно, со многу напори ја изврши својата задача, со гаранција дека ќе продолжи

полнењето на Дојранското Езеро, со крајна цел тоа што значи Дојранско Езеро од секаков аспект за овој крај, да си ја изврши својата функција.

Се разбира дека и г-ѓа Бонева може да биде мирна и сигурна дека фукцијата што ја има тој систем ќе ја заврши иако истиот создава огромни загуби и создава огромни обврски во однос на вршењето на својата функција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволни од одговорот г-ѓо Бонева?

Ако не, дали имате дополнително прашање?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Најпрво, почитуван министре, Јавното претпријатие е од посебен интерес за државата, посебно ЈП за спас на Дојранското Езеро, бидејќи интерес е на Република Македонија да го зачува Дојранското Езеро и го остави на наследство на идните генерации.

Тој жежок костен што рековте вие дека ви го оставил претходната Влада, беше уште пожежок кога умираше Дојранското Езеро  и кога немаше никакво јавно претпријатие. За среќа, се направи ова Јавно претпријатие, беше основано и покажа навистина добри резултати бидејќи нивото на водата континуирано се покачуваше до пред неколку месеци кога се гледа дека повторно паѓа нивото на водата во Дојранското Езеро, токму заради тоа што многу бавно како Влада реагирате бидејќи не доставивте врз основа на сите барања што се испратени до вас средства за нормално функционирање на Хидросистемот и за одржување. Вработените неможе да го одр1жуваат без пари. Не само што се согласни да работат без плата, меѓутоа неможат да се грижат за опремата, бидејќи опремата бара средства за одржување.

Понатаму, рековте дека се обезбедени 2.000.000 денари средства за спас на електрониката односно за поправка на електрониката на пумпите и одстранување на штетите од поплавите. Рековте дека во рок од еден месец ќе се пратат овие пари. Која ќе биде вашата одговорност ако во рок на овој еден месец или уште утре се случи хаварија, како што само пред неколку дена, кога по наредба на директорот, иако било забрането од страна на стручните работници да не се вклучуваат пумпите, тие се вклучени, па настанало загревање на истите и веднаш морале да ги исклучат.

Значи, што ќе се случи, доколку во рок од еден месец како што кажавте, додека да пристигнат тие пари се случи вистинска хаварија. Кој тогаш ќе ја носи одговорноста.

И уште нешто. Кажавте дека приклучокот не е направен на диво, со кој што водата од хидросистемот е донесена до Богданци. И дека има договор помеѓу локалната самоуправа на Богданци и комуналното претпријатие. Меѓутоа, повторно ќе ви повторам дека со извештајот до вас што е стигнат, значи ова е од Вашето министерство под број 02-205 од 14.09.2004 година, имате известие од директорот на јавното претпријатие, односно од директорот на хидросистемот, во кој што вели јасно: “Ве известуваме дека на 11 септември 2004 година, иако водоводот од Богданци, поради дефект на водоводот алтернативно ги извршиле..”

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева, изминаа вашите три минути за вашето дополнително прашање.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија исто така во врска со студентските легла.

Повелете господине Јанев имате една минута да одговорите.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Нивото на водата варира под различни причини. Ако знаете штотуку помина летниот период и тоа се планирани губитоци од испарување на водата.

Инаку, системот работи и без автоматика и тоа да знаете бидејќи четири пумпи во континуитет работеа цело време и тоа беше толку доволно според предвидената динамика да се полни езерото.

Понатаму средства за функционирање на јавното претпријатие од Министерството  за животна средина и просторно планирање потпиша налогот, ќе пристигнат сигурно во понеделник во износ од 500.000 денари, како што реков дека иако Министерството си ја заврши својата работа, а тоа требаше да ја направи инвестицијата, односно да ја затвори инвестицијата, а понатаму јавното претпријатие да го одржува системот согласно Законот за јавни претпријатија каде што јасно пишува дека јавните претпријатија егзистираат од давање на услуги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Второто прашање до заменик министерот за образование. Повелете.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Ние се договоривме со министерот за внатрешни работи дека заедно ќе го одговориме вториот дел на прашањето, ќе одговори тој.

Видете, ќе се обидам што пократно да одговорам.Да, нас во Министерството за образование и наука не вознемируваат сознанијата дека се продаваат креветите во сместувачките капацитети на Студентскиот центар во Скопје, иако презедовме најразлични мерки, Министерството директно да не биде инволвирано во процесот на распределба,очигледно е дека таа аномалија како што постоела и во минатото продолжила со несмален интензитет. Инаку, за Ваше сознание за разлика од порано откако оваа гарнитура е во Министерството за образование и наука, трочлената комисија з прв пат се вклучени двајца студенти, еден проректор од Универзитетот и двајца членови од Министерството. Задачата на оваа Комисија е да го надгледува процесот и да ги разгледува приговорите и жалбите по однос на процедурата на решавање за распределба на собите. Рангирањето после конкурсите го прават службите во центарот врз основа на поднесените документи. Навистина, во тој дел јас можам најодговорно да ви тврдам дека нема кадровски промени, истите луѓе се кои што биле и порано и истата работа ја работеле.

По однос на тоа што Министерството располага со 100 легла, дискреционо право задржавме да располагаме со 100 легла и тоа тие легла ги распределивме на владините стипендисти, кои што според некоја законска обврска е потребно да обезбеди стипендија и сместување во еден од постоечките капацитети. И еден дел на оние кои што по разни основи потребно да бидат сместени како што се деца на паднати борци и слично.

Што превзедовме? Кога ги добивме овие сознанија од Студентскиот центар, спроведоа внатрешна контрола и ги вклучија самите студенти. И тоа имаше јавен повик и тоа сите добро го знаат. Доколку некој студент е откриен кој е рангиран на листата во сместувачките капацитети е сместено нелегално друго лице, ако го пријави и ако се утврди дека тоа навистина постои, неговиот кревет го добива тоа лице кое е на ранг листата.

Внатрешна контрола спроведе и Студентскиот центар и веќе откри низа случаи и ако сакате можат документирано да ви дадат кои случаи ги откриле. Претстои уште контрола од страна на самото Министерство за образование и наука и евидентно е дека таа појава е намалена и е потребно долгорочно да се направат

некои интервенции во поглед на методологијата за распределба на средствата, се разбира, долгорочно и за зголемување на капацитетит за сместување на студентите, а впрочем, ние во еден краток период постигнавме задоволителни резултати, бидејќи во овие две години уште сместувачките капацитети во новиот студентски дом “Пелагонија”, обезбедија сместување на 1000 студенти.

За натамошните несакани девијантни појави за кои што МВР е вклучено, министерот ќе се вклучи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре за внатрешни работи.

СИЛЈАН АВРАМОВСКИ:

Јас само накратко ќе се надоврзам на излагањето на господинот Герамитчиоски. Ние како МВР, водиме конкретни истраги во врска со случаите за постоење на фалсификати за издавање на соби за студенти во студентските домови.

Имено, во тек се четири случаи за кои ние водиме конкретна истрага. Се работи на овие случаи и очекуваме овие денови да имаме конкретен епилог.

Меѓутоа, јас би ја замолил пратеничката Бонева таа да искаже спремност да ни го достави Ц-дето, да го имаме тоа Ц-де во посед, за да направиме анализа, кое што ќе ни послужи во интерес на спроведување на нашата истрага, во натамошните наши постапки. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева дали сте задоволни?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Се надевам дека Ц-дето и доказите кои се таму ќе придонесат конкретно да видиме разрешување барем на некоја афера во државата. Благодарам, ќе ви ги доставам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот на ред да постави пратеничко прашање е пратеникот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам претседателе, ќе се обидам максимално да ги искористам овие десет минути.

Моите три пратенички прашања се доставени. Првото е до Владата на Република Македонија, второто пратеничко прашање до министерот за внатрешни работи и третото пратеничко прашање до министерот за образование и наука.

Првото пратеничко прашање ќе биде упатено до Владата на Република Македонија.  Врз основа на тоа дека ромската етничка заедница во сите сегменти е најниско рангирана, особено економски и објективно и е потребен влез за интеграција во институциите на системот, бидејќи таа мала бројка на ромски образовен кадар, многу тешко наоѓа соодветно вработување во државните институции, каде процентуалната застапеност на ромите е минимална. Сега имаме основна обврска да ја промениме ваквата статус кво ситуација.

Прашањето гласи: Колкав е бројот на вработените претставници на ромската заедница во сите министерства и јавни претпријатија во надлежност на Владата на Република Македонија. И што конкретно Владата превзема за постигнување на првината застапеност на ромите во државните институции.

По однос на ова прашање барам да ми се даде приказ со бројки и проценти и молам на ова прашање да ми се одговори во најбрз временски рок во писмена форма.

Второто пратеничко прашање реков дека ќе го доставам до МВР.

Поднесен е елаборат од ОВР Чаир за потреба од отварање на полициска станица во општина Шуто Оризари. Елаборатот е одбиен со образложение дека нема финансии.

Причина за потреба за отварање на полициска станица во Шуто Оризари.

Образложение: Прво безбедноста е на незадоволително ниво, затоа што ја пренесувам загриженоста од влошување на безбедноста.

Второ, квалитативната и квантитативната големина на општината, бројот на населението, населените места бара потреба од ваков деташиран оддел во Шуто Оризари.

Трето, функционалниот и расположлив кадар со кој располага ОВР Чаир, не може да ги покрие сите потреби, бидејќи во својата надлежност има три единици на локална самоуправа: Шуто Оризари, Чучер Сандево и Чаир, каде што потребите и барањата се поголеми од она што ОВР Чаир го има со свои расположливи средства.

Четврто, оваа иницијатива на општината Шуто Оризари има поддршка од раководните структури на ОВР Чаир.

Општината Шуто Оризари е спремна материјално, т.е. просторно и функционално да го поддржи отворањето на овој деташиран оддел на ОВР Чаир, за кој е поднесен елаборат.

Во врска со овој случај следното прашање го упатувам до министерот за внатрешни работи.

Дали елборатот поднесен од ОВР Чаир и потребата од отворање на полиоциска станица во Шуто Оризари е основан и издржан.

И моето трето пратеничко прашање е до министерот за образование и наука. Во случајот заменик министерот.

Иницијатива за отворање на средно училиште во населбата Шуто Оризари е доставена до Министерството за образование и целосно е поддржана од сите релевантни субјекти. Од Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во рамки на Министерството за образование и наука, изготви информација, согледувања и предлози за образованието на ромите во Република Македонија, каде се вели дека Министерството и Управата се залагаат за отворање на средни училишта за роми по населби каде има потреба од тоа. Во случајот и мојот одговор вчера беше во врска со тоа.

Образложение: Обединетата партија за еманципација, има став и залагање за отварање на средно училиште во населбата Шуто Оризари. Има сериозни забелешки за образованието на ромите во Македонија. Комисијата со препорака да осмислат стратегија за ситуацијата на ромите и да ги детектират нивните проблеми. Меѓународните фондации, невладиние ромски организации поддржуваат и спроведуваат проекти за описменување на ромите. Европската унија и Советот на Европа ја поддржуваат потребата за образованието на ромите.

Прашањето гласи: Каков е ставот на Министерството за образование и наука за иницијативата на единицата на локалната самоуправа на Шуто Оризари, доставена до Министерството за образование и наука за изградба на средно училиште во Шуто Оризари. Дали во програмските определби на Министерството е предвидено отворање на средно училиште оваа година, а ако не, кога се планира да се реализира тој проект. Благодарам на вашето внимание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е до Владата, во врска со првината застапеност на граѓаните од ромската заедница.

Повелете господине премиер.

ХАРИ КОСТОВ:

Писмено бараше пратеникот, писмено ќе биде доставено, а бидејќи за денешната седница имавме два одговора по друга припадност на заедниците, најверојатно, ние ќе доставиме еден преглед со целокупната структура на вработените во државната администрација и со целокупната национална структура, за да не ни се повторуваат секоја седница исти прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Писмено ќе добиете.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи во врска со полициската станица во општина Шуто Оризари.

СИЛЈАН АВРАМОВСКИ:

Благодарам претседателе, јас ја поздравувам иницијативата на господинот Мустафа, во врска со искажаната потреба од отворање на нова полициска станица во Шуто Оризари. Навистина, сите овие елементи кој што ги спомна во неговото излагање значат безбедносни параметри кој што на некој начин ја прават потребата за постоење на полициска станица во Шуто Оризари.

Бидејќи постои изготвен елаборат, јас во оваа прилика само ќе истакнам дека тој елаборат ќе биде разгледан од стручните служби, ќе се сеогледаат финансиските импликации и после тоа ќе се донесе конечен и конкретен став по однос на оваа иницијатива.

Инаку сакам да напоменам во овој контекс дека полициската служба во Шуто Оризари се остварува сега преку полициски сектори, кои што работат на подрачјето на Шуто Оризари и на подрачјето на Визбегово, каде што на некој начин полицијата, преку своите редовни полициски активности позорни и патролни ја остварува својата функција. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Во исчекување на еден позитивен ангажман, лично на министерот, во очекување сум дека ова наше барање позитивно ќе се реализира. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е до Министерството за образование.

Повелете господине Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Министерството за образование и наука позитивно размислува по однос на иницијативата за отворање на средно училиште во населбата Шуто Оризари, во кое што ромската популација е во висок процент застапена и на тој начин би разрешиле и одредени проблеми во поглед на опфатот на децата од ромската популација во сите степени на образование. Се разбира дека ова е идеја која што е за поздравување и е потребно да се реализира на соодветен начин.

За да се реализира таа потребно е да се изготви соодветен елаборат, во кој што треба да бидат содржани низа податоци за бројот на учениците, структура на учениците, кадровските, инфраструктурните можности и финансиска пресметка, динамика на реализација на сите тие активности и се разбира дека треба да се најдат извори на средства за реализација на целокупната таа активност на тој проект.

Бидејќи кажав дека позитивно размислуваме, тогаш во текот на оваа година, веќе ќе започнеме заеднички да работиме на оваа проблематика. Значи да се започне на изготвување на тој елаборат и обезбедување на одредени финансиски средства за реализација на таа идеја. Работите малку ќе се усложнат во поглед на самиот процес на децентрализација во кој што и самата општина треба да се јави како основач во натамошниот временски период, па затоа и таа ќе биде вклучена во сите овие активности. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот господине Мустафа?

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Претпоставувам дека релацијата министерот и заменикот министер, во врска со елаборатот поднесена од општината Шуто Оризари не се во блиски меѓусебни информации.

Претпоставувам дека на ова прашање министерот, односно Министерството за образование ќе ми одговорат во писмена форма, бидејќи и елаборатот е подготвен и средства има, дури има и донаторски средства во писмена форма доставени до Министерството за образование и наука, што значи дека е во некоја финишна форма.

Во исчекување сум на моето пратеничко прашање да ми се одговори во писмена форма. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последниот пратеник кој што е на листата е господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитувани министри,

Јас ќе бидам краток бидејќи има само едно прашање кое прашање е посебно и мислам дека ќе имам разбирање од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. На 26 јули 2004 година, општина Долно Бањица имаше лошо време проследено со поројни дождови, каде што имаше поплави во ова поле на Долно Бањица. Поплавите ги покрија земјоделските култури во делот на полето во атарот на општина Вруток, Равен, Здуње и посебно големи штети се причинија во Бањица.

За направените штети, за количината и видот на штетата, како и карактерот на штетата, како и последиците од овие штети е изготвен еден елаборат од страна на Комисијата за проценка на штетите од елементарни непогоди формирана од Општинскиот совет на Долна Бањица.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Комисијата на теренот им излезе заедно со претставниците на подрачното Министерство за земјоделство и констатира дека имало големи штети. Колку за информација го информира министерот дека населението во оваа општина својата егзистенција ја обезбедува, главно,  од обработување на земјштето. Затоа, Министерството за кое зборувам треба да превземе мерки за да им помогне на овие селани, на овие земјоделци, за да ја презимат зимава, бидејќи истите оваа есен нема што да понудат на Гостиварскиот пазар и пошироко. Поради овој настан се информирани и другите пратеници од Гостивар, значи сите пратеници од Гостивар и сите се согласни кога говоревме  дека на овие селани треба да им се помогне. Исто така , учествуваме и на една седница кога не повика Комисијата, која ја процени штетата и се договоривме за начинот како да се информира Министерството, информиран е и Парламентот со еден допис од страна на двајцата пратеници од турската партија, така што очекувам од страна на минситерот да одговори на ова прашање. Прашањето гласи, што има преземено Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство  во врска со направените штети од поројните дождови или полавите, за да им се помогне на земјоделците на оваа општина. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Џелили.

Прашањето е упатено до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете минситре.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Постапката за утврдување на штети при елементарни непогоди е пропиШана со Правилникодносно со подзаконски акт врз основа на Закон. Се надевам дека ова што го тврди пратеникот дека таква постапка е спроведена и дека во врска со настанатите штети работеле комисији, утврдиле штети по барање на земјоделците дека постои документација, па препорачувам подрачната служба на Министерството тој примерок заедно со евентуалните барања да го проследи во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, затоа што дополнително се надеваме дека ќе обезбедиме уште средства по однос на штетите што се настанати од поплавите на 3 и 4 јуни, во поголем износ од оној што веќе досега го исплативме. Ќе постои можеби некаква можност оваа штета што е појавена на тој реон да се вклопи во сите други штети и да најдеме решение да им се помогне на земјоделците. Оценувам дека несреќа е што се појавила поплава и што се појавиле штети, меѓутоа, можеби во таа несреќа среќна околност е што тоа се поставува како барање во моментов кога такви средства можат да се обезбедат и заедно со другите да се обештетат, зашто поинаков пристап кога секој дел од државата ќе биде зафатен со невреме, во кое што има поплави, грмежи, гром, па и пожари и т.н., да плаќаме штети, бидјеки според Правилникот односно според Законот за поттикнување на земјоделството и програмите што ги носиме, во програмите и во Законот не се предвидени посебни средства за надоместоци на штети од вакви случајни односно елементарни појави, заради тоа што начинот на обештетување и осигурувањето на посевите се вршина прописи и на начин што досега нашите земјоделци не го практикувале. Меѓутоа, ќе се потрудиме да го решиме вооj проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволни од одговорот , господине?

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Да,  задоволен сум од одговорот на минситерот и го уверувам дека навистина Комисијата која ја направи проценката на штетите била мешана комисија од самите земјоделци и од страна на инспекторите на подрачното Министерство за земјоделство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Лилјана Ивановска имате десет минути за три прашања.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Првото прашање е до Министерството за економија и Министерството за финансии, меѓутоа, тука е премиерот и можеби тој ќе одговори,а ако не во писмена форма ќе барам одговор.

Последните акции на Пазаришната инспекција и инспекцијата на Управата за јавни приходи во општина Струмица наидоа на одобрување од граѓаните, меѓутоа наидоа и на револт кај трговските субјекти. Граѓаните го поздравуваат воведувањето на ред на плаќање на даноците, кои што во крајна линија се во интерес на сите граѓани и воведување ред во државата. Но, трговците реагираат заради нелојалната конкуренција за продажбата на диво по тротоарите што е случува во општина Струмица, што е непријатна глетка за сите граѓани.

Моето прашање се однесува на тоа што Владата ќе преземе за продажбата по тротоарите текстил, храна и разна галантерија која што е нелојална конкуренција на кои што им беа затворени дуќаните. Како размислување на тој контекст на моето прашање, дали Владата размислува да воведе враќање на дел од данокот на додадена вредност на потрошувачите, што ќе доведе до еден вид на контрола на граѓаните на трговците во делот на плаќањето и секако поголем прилив во Буџетот на Република Македонија. Ова сватете го како размислување и како иницијатива.

Второто прашање се однесува до Владата на Република Македонија. Со скандалозната продажба на Телеком од претходната Влада со 51% се создаде еден монопол, потежок од државните монополи, а тоа е приватниот монопол и сметките во фиксната телефонија за граѓаните претставуваат ноќна мора. Меѓутоа , нема да зборувам за тоа како беше продаден Телеком, многу зборувавме во изминатиот период.

Моето прашање се однесува до Владата, што превзема Владата во делот на ревизија на Програмата во реализација на средствата што беа добиени од

продажбата на Телеком. Со Програма на претходната Влада беа усвоени проекти кои што требаше да се реализираат, но не видовме како тие средства се користени или јас би река злоупотребени Неколку пати прашував за неколку такви проекти, меѓутоа, добив одговори, еве би рекла грубо бирократски.

Едното прашање се однесува за болничкиот  крак на Медицински центар, кое што е инвестиција беше објавена за 4 милиони тогашни германски марки или 2 миллиони евра, во кои што во денешна реална ситуација се изведени помалку од половината од тоа што е исплатено. Во мојот писмен одговор не добив колку се исплатени средства и дали навистина е извршена ревизија на тоа што е реализирано.

Расадникот на Македонски шуми кој што беше дле од комплексот на расадници во Република Македонија, за кој што јас сум информирана дека Заводот за судски вештачења има извршено ревизија на изведеното од исплатеното, така што тука веројатно постои основ за некаква одговорнсот.

Новиот дел од објектот на Заводот за рехабилитација Бања-Банско за лицата со посебни потреби, исто така е еден од проектите од продажбата на Телеком. Моето конкретно прашање или прецизно пред овие искажани работи што ги познавам од терен и кои што навистина се нанесена штета на самите инвестиции гласи, дали Владата ќе изведе реална ревизија на таа програм аод продажбата на Телеком, односно од реално изведеното, а не само ревизија на документацијата. Затоа што ревизијата на документацијата, одговорно ќе кажам, дека ја покриваат и одредени службеници во минситерствата кои се занимаваат со инвестиции кои нанесуваат штета на такви проекти. Затоа, мислам дека во интерес е на оваа Влада таа ревизија да ја изврши на еден стручен начин. Можеби,  Јавното претпријатие не одговори на својата задача која што му беше доверена, можеби од објективни причини, незнам, тоа вие го знаете, меѓутоа, верувам дека Заводот за судски вешачења или некои други консултантски куќи можат тоа да го направат. Би претпочитала Владата да изготви комплетен извештај за искористување на средствата од Телеком, особено за инвестициите каде што има можности за злоупотреба, особено тука се одговорни надзорот на вршење на работите, кој што потпишува дека работите се изведени, а претставници на инвеститорот односно претставници во име на Владата тоа се некакви стручни служби за водење на инвестиции во минситерствата или во јавните претпријатија и изведувачот. Знаете дека по Законот за изградба на инвестициони објекти постои материјална и кривична

одговорност за злоупотреби на ваквите потписи кои што се ставаат така лесно на ситуациите за изведени работи.

Третото прашање се однесува до Владата. Мислам дека тука министерот Владо Поповски го видов, беше одговорен за поплавите што се случија во Струмичкиот и во Валандовскито регион и би прашала докаде е постапката за санација на инфраструктурните објекти, пред се патишта, мостови, водоводи, канализации кои што се случија во поплавите коинанесоа голема штета, затоа што во тој период сметам дека требаше тие, сепак, едни капитални инвестиции, да се остварат, за кои се потребни повеќе средства. Министерот за земјоделство одговори за Моноспитскиот канал и би апелирала, затоа што тоа останува дел од Моноспитското блато, кое што не беше мелиолирано, не беше завршен тој простор на мелијорација, сепак, претставува еден проблем за кој што се потребни повеќе средства и едне од клучните проблеми во делот на решавање на одпадните води и претставуваат сериозни проблеми што бараат проголеми средства и мислам еден поголем ангажман за обезбедување на тие средства, кој што ќе го решат проблемот за некои евентуални идни поплави. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Владата, но вие рековте, колку што разбрав писмено го барате тоа. Госпоѓата вели дека може да одлучи премиерот.

Првото прашање не беше за земјоделство, тоа беше за економија, тоа е за фискализација, за даноци и за тие работи.

Дали г-дине министре за земјоделство ќе одговорите рвска со тоа?

По однос на ова прашање минситерот ќе даде писмен одговор.

Второто прашање е во врска со Телекомот.

На ова прашање ќе одговори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Во поглед на трошењето на средствата од Телекомот, Владата има донесено заклучок врз основа на кој што потребно е и се изврши соодветна проверка преку стручните служби на Јавното претпријатие на сите проекти средства потрошени од Телекомо, за штопостојат одредени соодветни записници. Меѓутоа, делот за кој што ќе зборувам јас и она за што го дотакна пратеникот, тоа е прашањето за Расадникот во Струмица. По преглед на Проектот по доаѓањето на функцијата министер констатирав дека во трошењето на средствата од Телекомот за подигнување на

расадниците во Свети Николе, Куманови и во Струмица, спроведено е вештачење од Заводот за судски вештачења врз основа на кое што по два основи проверивме колку и дали се потрошени средства и кој е износот на непокриените средства со се извршените работи во зависност од тоа колку е исплатено. Со добиениот Извештај од Заводот за судски вештачења констатирано е дека на подрачјето на тој дел на троењето на средствата за расадниците во Свети Николе, Куманови и  Струмица, ште во самиот тендер понудата ја добила фирма која што е за 220 до 240 илјади евра поскапа од прворангираната, што ќе рече дека во старт при изборот на фирмата, направен е груб превид и повреда на прописите со доделување на тендерот на фирма што била за 220 до 240 илјади  евра поскапа. Потоа е наредена контрола на извршените работи заради утврдување колку и дали од стредствата што се исплатеникако аванс односно однапред или по одредени ситуации е извршена работа на реренот и констатирано е дека не постои градежна книга и градежно-техничка документација, што ќе рече дека е работено на изградба на објекти без соодветна градежна, техничка документација или таква која што постоела меѓувреме е отстранета односно уништена. Врз основа на вистинските проверки на самиот терен по градежните норми на извршените  работи констатирано е дека уште 260 илјади евра се исплатени повеќе по однос на извршените работи на расадниците за шумски расади и дека вкупниот износ на штета од исплатените средства и извршените работи, вклучувајки го изворот на тендерот кој што билспротивен на закон, настапила штета од вкупен износ од 480 илјади евра.  Врз основа на тој податок соодветната документација со наодите доставени се до надлежните органи, а за тоа до каде е и каква постапка се води и како е завршена, не можам да дадам податоци. На евентуално барање на пратеникот, можеме да оставиме примерок од наодот на  Заводот за судски вештачења, во кој што се содржани податоци за кој станува збор.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Господо Ивановска, дали сте задоволни од одговорот?

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

За делот на одговорот за Расадникот сум задоволна, затоа што и претходно имав некакви информации кои стигнаа до мене, меѓутоа, сметам дека овие инвестиции заслужуваат поголемо внимание по делот на доставување извештај за извршена ревизија на сите инвестиции, затоа што во кракот на болницата на Медицински центар помалку од 50% е изведено, а по моја информација исплатено

100%.  Така што, реалната проверка на терен, а не на документацијата која што ја имаат службите во минситерствата не е соодветна и сепак граѓаните имаат чувство дека Владата не води доволно грижа за ревизија на овие инвестицииод тој период, кои што се изведени од претходната Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е упатено до минситерот Владо Поповски.

Повелете минситре.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Во одговор на поставеното прашање на пратеникот, во оваа прилика ќе изнесам една кратка информација со неколку факти.

Имено, во текот на идната недела, на крајот на идната недела поврзани со поплавените подрачја, имаме конкретна реализација на два важни проекти. Се работи за изградба на двата нови моста на делниците Раброво и Дојран и на делницата Негорци-Гевгелија, при што се работи за два уништени моста на овие регионални патишта со поплавите од 3 до 7 јуни оваа година, вкупно ќе бидат потрошени околу 31 милион. Работите со успех ги изведува АДГ “Пелагонија” 3 и 6 градилиште.

Второ, поврзано повторно со поплавените подрачја, во рамкит ена обезбедените средства, оние 70 милиони кои што Владата ги стави за оперативно располагање, во тесна соработка со единиците на локалната самоуправа и со градоначалниците на соодветнит еопштини зафатени со поплавите, од страна на Владата на Република Македонија одобрени се финансиски средства и тоа за санирање на пумпната станица на водоводот во селото Свидовица, санирање на пат кон  Депонијата и санирање на пат спрема зафатот на води во село Купи и сето тоа во општина Куклиш. Потоа, санирање на водоводната мрежа во село Бањско општина Муртино, изработка на главен проект на мостот на локалниот пат Хамзан и Дрвош во општината Босилево и за истата општина одобрени се средства за изработка на уште еден проект. Имено, се работи за изработка на главен проект за мостот нареката Турија на локалниот пат кај местото викано Сарај на патот Рсениково и Гечевлија. Во општината Василево и се одобрени средства за инвестиционо-техничка документација за изработка на главен проект на мостот на реката Турија кај селото Добрашинци, за санација на локални патишта,улици во општината Ново Село.

Исто така, Владата на Република Македонија разгледува уште неколку други значајни проекти поврзани со општините кои што беа зафатени со поплавите и наскоро и за нив ќе бид еодлучувано и ние се надеваме дека оваа тесна соработка со градоначалниците на општините односно со единиците на локалната самоуправа ќе продолжи и дека со успех ќе ги завршиме и овие проекти. Инаку, да кажам дека дел од овие проекти се веќе завршени и дел се во некоја поодмината фаза, а дел следува да бидат завршени.

Трето, како што е и познато веднаш по поплавите Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство формираше стручен тим составен од претставници на Министерството, од претставници на Заводот за водостопанство, Јавното водостопанско претпријатие и претставници на Градежниот факултет од Скопје, кој што имаше основна цел и задача да ги посети водостопанските објекти и речните корита, д аизврши таму увид и на Владата д аи предложи соодветен извештај со предлог мерки односно приоритети. Тргнувајки од тоа тој извештај беше во многу скоро време подготвен, Владата на Република Македонија го усвои, па во таа смисла на една од седнициа беа обезбедени соодветни финансиски средства преку Фондот за води за следните проекти. Имено, се работи за изработка на проект за санација Теискиот Ѕид на брегот на Сува Река кај Гевгелија. Потоа, изработка на проект за регулација и тоа 600 метри возводно и на 300 метри низводно на однесениот мост на Серменинска Мрзенска река, изработка на проект за регулација на Анска река во должина од 8 км., изработка на проект за санација на преливниот орган на Браната Паљурци,изработка на проект на документација на санација на браната Турија.Во оваа смисла треба да се спомнат уште два проекти, а за еден од нив зборуваше минситерот Петров, се работи за регулација на реката Вардар од Туденце до Ротинце и за регулација односно санација на дел од речното корито на реката Мазрача во Неготино Полошко. Во оваа смисла сакам да напоменам дека дел од овие проекти се завршени, дел се во фаза на завршување и ние се надеваме дека тоа ќе се случи во многу скоро време, па во таа смисла Владата на Република Македонија ќе ја одреди и динамиката и начинот на обезбедвуањето на финансиските средства. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволна од одговорот госпоѓо Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам на министерот за обемниот одговор, меѓутоа, би било добро ова описно излагање да го добиеме во писмена форма како би имале увид во тоа што е преземено во делот на инфраструктурата и се надевам дека мостовите ќе бидат изведени и ќе имаат ревизија затоа што голем дел од мостовите што паднаа беше резултат на темелењето на столбовите, мислам на средните столбови на мостовите што беше пропуст од претходната изградба повеќе отколку на силината на надојдените води, такви се моите информации што ги добив од терен.

Благодарам на одговорот и ако може да го добијам во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За тоа ќе одлучи министерот затоа што мислам дека даде исцрпен одговор и деловнички е негово право ако смета и писмено да го напише.

Повелете министре имате збор.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Се разбира во оваа прилика многу кратко се обидов да ги лоцирам активностите на Владата на Република Македонија и не случајно ја изразив таа тесна соработка на општо задоволство на сите нас со единиците на локалната самоуправа и со градоначалниците.

Меѓутоа, надвор од ова што сега го спомнав, Владата на Република Македонија заедно со кризните штабови на единиците на локалната самоуправа презеле и други мерки за превентивно санирање и стојам на располагање во наредна прилика на пратеникот да му биде доставена целосна информација за тоа што Владата на Република Македонија во соработка со другите јавни и државни институции го направи во соработка со единиците на локалната самоуправа.

Тоа наскоро ќе биде доставено во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Повелете господине Евтим Манев имате десет минути време за три прашања.

(Нешто не е во ред со техниката, па мора да се причека)

ЕФТИМ МАНЕВ:

Првото мое прашање е до Министерството за локална самоуправа.

Вчера, на 29.09.2004 година во дневниот весник “Време” беше објавен напис дека во локалната самоуправа на градот Тетово се одржал состанок во однос

на управување на одредени објекти од културен карактер кои објекти биле прогласени за национално богатство на Република Македонија и како такви биле заштитени.

При одлучувањето на управувањето со овие објекти не било дозволено на Советот на локалната самоуправа советниците кои претставуваат малцинство во локалната самоуправа да се изјаснат посебно по така нареченото Бадентерово мнозинство, гласале само советниците од албанска припадност.

Другите советници тоа не го прифатиле како реално и правилно гласање, па во тој дел, не знам, бидејќи тој дел го прочитав во весник, дали е известено Министерството за локална самоуправа или не за ваквиот начин на работење на локалната самоуправа и локалната самоуправа да не го почитува законот во тој дел каде се бара гласање и од малцинствата, ако прифати одлуката дали е важна или не, па од тоа барам, ако Министерството располага со такви податоци може и сега да ни одговори, да не запознае дали е така или не, а доколку не е, барам писмено да провери и да одговори на тоа дали Советот на локалната самоуправа во Тетово по тоа прашање постапило правилно или не. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е веројатно до Министерството за економија или финансии. Повеќе месеци station наназад можеби и цела 2004 година има еден расчекор помеѓу Државниот завод за статистика и Владата во однос на давање податоци од овој Државен завод кој за секој месец дадени податоци за движењето на показателите од стопанска гледна точка се разликуваат со тоа што го дава Државниот завод и тоа што мисли Владата, па во тој поглед би сакал надлежно министерство или Владата да изготви реален и правилен одговор дали нашиот Државен завод за статистика работи по методологија која кореспондира и е еднаква на Европската унија или работи по некој друг метод и што е тоа, какво е мислењето на Владата и Државниот завод за да во дадените податоци се разликуваат.

Третото прашање ќе биде исклучиво доставено до Владата во целина, бидејќи не можам да го лоцирам спрема ниедно министерство, туку се вклучени сите министерства.

Нашите цели и интенции на Република Македонија подолго време настојуваме како и сите политички партии да станеме членка на Европската унија, на НАТО за кое ни се потребни повеќе услови. Секојдневно расправаме по прописи и закони се со цел да ги усогласиме со Европската унија како би можеле да станеме поблиску до истата.

Но, најмалку расправаме, барем во овие две и пол години, а и уште повеќе, многу малку имаме направено на планот на стопанскиот развој на Република Македонија. Имајќи во предвид дека од година во година, што е неспорен факт за сите нас бројот на невработеноста се зголемува се повеќе и повеќе, стандардот на населението паѓа се повеќе, на стопански план немаме развој во ниеден поглед.

Би сакал Владата, бидејќи при последната реконструкција на Владата односно со изборот на Влада со премиер Хари Костов кој во своето експозе даде ветувања дека Македонија ќе тргне и ќе се развива на економски план, но истиот пред неколку недели кажа дека не е направено ништо на економски план, бидејќи сме се бавеле со други проблеми кои биле поважни или не така Република Македонија, ако сакаме да погледнеме реално во состојбите, било кои прописи да ги донесеме кои се од значење и усогласување на нашето законодавство со Европската унија без економски развој сметам дека тоа ќе биде така. Пишана хартија која ниту можеме да ја спроведеме ниту ќе бидеме во состојба да бидеме примени.

Од тие причини барам Владата на Република Македонија во рок од три месеци ова прашање да го одговори во вид на информација како размислува да ја застане ако не да ја намали невработеноста во текот на 2005 година, што ќе преземе стопанството да тргне напред во сите области, за кое нешто ќе имаме еден видик и ние како Собрание и ние како пратеници и граѓаните на Република Македонија дека сепак Република Македонија може да тргне напред. Да видат луѓето дека ќе имаат лична егзистенција дека ќе почнат постепено да се создаваат услови за работа, никогаш не би апелирал на тоа што се кажуваше дека од секое семејство ќе има вработен по еден, што е неможно, туку создавање услови луѓето да почнат да работат. Владата не смее да мисли понатаму дека нема да обезбедува работа, напротив Владата треба да создаде услови за работа на македонскиот граѓанин.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Манев.

Првото прашање е до Министерството за локална самоуправа.

Повелете заменик министре.

ЏЕВАТ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател.

Министерството за локална самоуправа нема овластување спрема локалната власт односно општинските совети и градоначалниците немаат законска обврска своите одлуки да ги доставуваат до Министерството за локална самоуправа.

Меѓутоа, во нашето Министерство е во фаза на формирање Инспекторат за локална самоуправа чие задолжение е да ги следи законитостите и уставноста на донесените одлуки.

За спомнатиот случај во Министерството немаме информација, меѓутоа, тоа ќе го провериме и на пратеникот ќе му доставиме писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

ЕФТИМ МАНЕВ:

За сега нема одговор, сметам дека со писмениот одговор ќе можам да се изјаснам дали Министерството постапило правилно или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следното прашање е до Министерството за економија или финансии во врска со статистичките показатели, тоа сепак ќе биде писмено, па дали сте задоволни господине Ефтим Манев тоа да биде во писмена форма, бидејќи не се присутни министрите.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Нема што друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото е до Владата на Република Македонија, бидејќи ова е всушност барање за информација.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Јас сум свесен дека тоа не може да се направи за ден два, туку до крајот на оваа година, што мисли Владата за 2005 година, во тој дел што зборував.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во таа форма ќе го извадиме од стенограмот тоа прашање, ќе го пропратиме до Владата во рок од три месеци да достави информација.

Следниот пратеник со три прашања во траење од 10 минути е пратеникот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател.

Ќе го искористам правото да поставам три прашања. Едното е до Министерството за правда преку кое прашање ќе треба да се оди до Врховниот суд.

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи.

Третото прашање е до Министерството за надворешни работи.

Во претходните прашања што сум ги поставувал на парламентарните седници неколку пати сум го покренал прашањето за државјанството. Од одговорите произлегува дека голем број од барањата во редовна постапка се наоѓаат во Врховниот суд и според моите податоци тие барања или тие претставки пред Врховниот суд долго време чекаат одговор или разрешување.

Ме интересира кој е севкупниот број на барања или на претставки до Врховниот суд кој чекаат разрешување заклучно со денешниот датум за да можеме да го видиме времетраењето на решавањето на овој проблем. Ме интересира кој е најстариот датум кој го носи последниот документ. Го поставувам прашањето, а одговорот го чекам во писмена форма, бидејќи се работи за бројки.

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи. Исто така го барам писмено затоа што се работи за податоци и бројки кои треба да се напишат односно врз основа на Законот за пријавување на живеалиште и престој на граѓаните на Република Македонија е предвидено граѓаните кои живеат надвор од државата подолго од три месеци се обврзуваат на соодветните органи го пријават нивниот престој подолг од три месеци и врз основа на ова со циркулирачко писмо на подрачните единици од 7 до 12 месец 2003 година им се сугерира дека констатацијата за сите граѓани на Република Македонија за кои се констатира дека престојуваат надвор од државата над три месеци, а оваа обврска не ја извршиле односно не го пријавиле престојот според законот што го спомнав, по автоматизам се трансферира во графата дијаспора, нешто што се случило до крајот на декември и еден дел јануари од 2004 година.

Оваа актуелна состојба сега не постои, меѓутоа, моето прашање е по однос на ова и вели: колку граѓани на Република Македонија врз основа на ова што го кажав добиле статус на граѓани во дијаспора, податоците ги барам според подрачните единици на Министерството за внатрешни работи.

Третото прашање е во однос на судбината на еден граѓанин на Република Македонија  или со неговата несреќа кој на 5 март 2004 година е учесник во една сообраќајна несреќа во Република Турција во близина на Анталија. Се работи за граѓанинот Менсур Јашари од село Горно Оризари Велешко кој 7 месеци по ред чека

заклучок од судските органи да се разреши неговата судбина и да се знае која е неговата судбина, па во оваа насока ме интересира дали Министерството за надворешни работи има сознанија за овој случај, што конкретно презема и која е можноста овој граѓанин да се трансферира во Република Македонија односно во земјава и да се суди и да ја издржи казната во Република Македонија.

И овој одговор поради податоците кои треба да се дадат го барам на писмен начин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако господинот Талат Џафери за сите три прашања бараше писмен одговор, но сепак некој од министрите или замени ако имаат можност ако сакаат можат и усно да одговорат. Така е деловнички.

Повелете заменик министре за надворешни работи, барем некоја почетна информација.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Во врска со прашањето кое се однесува на Министерството за надворешни работи во прашање е наш граѓанин кој е учесник во сообраќајна несреќа во Република Турција, Министерството за надворешни работи од првиот ден е во контакт со неговото семејство и на Амбасадата на Република Македонија во Анкара и на нашиот Генерален Конзулат во Истанбул дадени им се инструкции да бидат инволвирани онолку колку што дозволува дипломатската пракса во вакви случаеви, да бидат инволвирани во судскиот процес.

Бидејќи г-днот Менсур Јашаревиќ е учесник во сообраќајна несреќа која како последица има и човечки жртви, тој се наоѓа во притвор во еден град во близина на Анталија, градот Сандакли, и во тек е судскиот процес против него. На сите судски рочишта до сега имало присуство на наши дипломатски претставници за време на судската постапка и на судските рочишта. Се обидуваме, заедно во координација со адвокатот кој исто така е турски државјанин, да бараме и да му се овозможи на нашиот граѓанин да се брани од слобода. Меѓутоа, според оние информации што ги имаме и од Јавното обвинителство, од адвокатот, притисокот од семејствата на турските граѓани кои имаат загинати во сообраќајната несреќа е огромен и Судот се наоѓа како што реков, под силен притисок, не дозволуваат во овој момент нашиот граѓанин да се брани од слобода. Тоа е едната работа.

Втората работа, нашите дипломати се информирани дека се очекува судското вештачење кое се прави во Институтот за судска медицина во Истанбул, од кое вештачење ќе зависи, можеби и конечната пресуда што ќе ја донесе надлежниот суд.

Што се однесува до тоа дали има можност нашиот граѓанин да ја издржува казната во нашата земја, тоа во овој момент е неблагодарно да се прогнозира, бидејќи очекуваме да заврши судскиот процес. Има индиции, ова го зборувам неофицијално, според оние информации што ние ги имаме дека нашиот граѓнин не е виновен за случајот, но тоа ќе го оставиме на Судот да одлучи. Доколку одлучи дека е виновен, секако преку Министерството за правда и другите надлежни институции во државата ќе преземеме конкретни мерки за понатамошен негов третман.

Доколку тоа не е доволно, јас можам да подготвам писмена информација во која ќе ги наброиме сите наши активности како Министерство, во однос на граѓанинот Менсур Јашаревиќ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џафери дали сте задоволен од одговорот.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам претседателе,

Јас сум задоволен од одговорот, меѓутоа, стојам на тоа да имам и писмен одговор со најмалку тие податоци што ги дава Министерството. Тоа не е голем товар за нив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, со оглед на тоа што инсистирате, ќе го добиете и во писмена форма одговорот.

Повелете гопоѓа Лалчевска ги имате вашите 10 минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодрам, г-дине претседателе,

Едното прашање е за министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кој моментално не го гледаме во салата, па би ве молела да го повикате, доколку е сеуште во Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам министерот за земјоделие ако е во салата на Владата гледа пренос преку ТВ, да влезе во салата.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Како и министерот за одбрана, ако е сеуште во Собранието, бидејќи јас незнам на кого ќе ги насочам прашањата кога овде ги нема министерот.

Еве министерот за земјоделие е тука и ќе почнам прво со прашањето кое го насочувам према него.

Прашањето се однесува околу хидро системот Злетовица.

Изградбата на хидросистемот Злетовица, сите веќе знаеме дека доцни, поради што јапонскаста банка за меѓународна соработка која го одобри кредитот од 82,5 милиони долари испрати предупредување дека рокот за искористување на заемот ќе истече пред објектот да биде готов.

Овде би сакала да напоменам дека овој хидросистем ќе се користи за водоснабдување на повеќе од 110 иљјади жители и ќе го користат некаде 7 општини од Источниот дел на Македонија. Тоа го кажувам со цел да посочам колку е значаен овој систем за државата, а колку пак Владата и ресорниот министер, за жал, многу лежарно и многу неодговорно се однесуваат околу состојбите со доцнењето на изградбата на системот.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, требаше до аплрил 2004 година, дали тоа ќе биде Комисија, мислам дека е Комисија која веќе е во министерството, да избере консултантска куќа за изградба на хидросистемот. Од април до сега се поминати 6 месеци и сеуште нема избрана консултантска куќа. За ваквиот застој вие г-дине министер не сте ја информирале јапонската банка за меѓународна соработка, ниту пак за причините за одлагањето околу изборот на консултантската куќа, иако ви е познато за таквата обврска, а притоа сигурно ви е познато и за постоење на така виканата САПИ мисија која Јапонската банка, користејќи сопствени средства ја обезбеди за да му помогне на нашиот персонал во постапката на консултантот. Тоа е таа специјална помош за имплементација на проектот.

Пред околу една година се побара да се дадат понуди за избор на консултант од јапонската страна, што е и направено и некаде во април требаше да биде избран консултантот. Спротивно од очекувањата на Јапонсксата банка, по техничката проценка која е направена по понудите на консултанти вие не контактиравте со јапонската банка во врска со заклучокот за прворангираниот консултант. Тука ценам е главниот проблем. Вие сакате да изберете консултант кој е по ваша мерка и по мерка на некои ваши за кои вие тврдите дека одредени пратеници и бизнис групи ви

вршат притисок. Меѓутоа, според некои мои сознанија прворангиран е така викана ПИСИ ПАЦИФИ консалтинг, спротивно на онаа компанија која што околу 8 години работеше на сондирањето на сите работи околу системот, значи доволно добро ја познава работата. Меѓутоа не е прворангирана. Со тоа вие, вашата Комисија во Министерството работи спротивно од упатството на Јапонската банка.

Сега да напоменам дека во оваа Комисија за избор на консултантот која брои пет члена, 4 се од Министерството за земјоделие и едне член е од ЈП “Злетовица” а тоа е генералниот директор, претпоставувам сега е веќе многу избраниот генерален директор, бидејќи неодамна, колку што барем јас се информирав од медиумите, беше сменет досегашниот генерален директор и на негово место е дојден друг. Меѓутоа, тоа и не е току битно. Сега со учеството на еден член од ЈП Злетовица во Комисијата за избор на консултант ЈП, според мене е ставено во маргинализирана состојба односно дадена му е само улога на посматрач, а би требало, според работите на нештата и според упатството на Јапонската банка, ингеренциите да се префрлат на ова претпријатие кое постои токму и заради изградба на овој систем.

Јас министерот би го прашала кои се причините за ваквото доцнење во работите околу изградбата на хидросистемот Злетовица, уште во самиот старт на нештата и дали ќе им се случи, со едно вакво неодговорно однесување, да го загубиме кредитот од Јапонската банка.

Тоа е прашањето до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Министерот за одбрана не го гледам тука. Јас ќе го поставам прашањето и се надевам, ако е тука ќе дојде, ако не е тука, ќе ни одговори писмено.

Неодамна од Министерството за одбрана имаше соопштение дека Министерството се ослободува од објектите кои не се потребни односно врши замена и продажба на дел од објекти кои не и се потребни на Армијата. Тоа се пред се домови на Армија и некои дрдуги објекти, врши и замена пред се таму каде што има можности и услови за станови кои ќе ги употреби за доделување на офицерите и на вработените во Министерството за одбрана.

Сега, таму некаде се спомна бројка од околу, досега обезбедени, стотина станови од потребната бојка која е некаде околу 2500 станови. Значи тоа е многу далеку од бројот за да се задоволат потребите со станови на ова Министерство.

Јас тука би сакала министерот пред се да го потсетам на една категорија наши старешини кои останаа, за жал, без станови за кои ни дебатиравме во една прилика со министерот. Тоа е онаа категорија на старешини кои на повик на нашата

држава се вратија од бившите југословенски републики, во Македонија и уште од првиот ден учествуваа во основањето на АРМ и кои уредно ги предадоа своите станови, онаму каде што имаа, во бившите републики на Југославија и кои донесоа документција дека тоа го сториле. Им беше ветено дек ќе бидат вработени и станбено обезбедени. За жал тие офицери не беа станбено обезбедени.

Сега би сакала да ми одговори министерот, дали при поделбата при доделувањето на овие сега станови, има предвид Министерството дека во своите редови има една категорија на граѓани кои беа ставени во енда незавидна positionположба односно не им беше исполнето ветеното и не добија станови така како што им беше ветено, а она што Министерството го побара од нив, тие го исполнија. Тоа би било второто прашање.

Третото прашање го упатувам до Влада а се однесува околу случувањата со Сувенир.

Сувенир, колку што јас знам 97% е во државна сопственост и Владата им понуди на вработените во Сувенир, кои се некаде околу 700 луѓе социјален пакет а тоа се 4 плати и отпремнина. Значи иако Сувенир доминантно е во сопственост на државата и добро е познато дека Сувенир има производство кое е строго наменето за Армијата и за вооружените сили, значи прави такви производи и се наоѓа во еден крај, Самоков и претставува единствен стопански субјект во овој регион, а со негово згаснување овие луѓе ќе останат без работа.

Дали Владата размислува за потрајно решавање на овие 700 вработени во Сувенир?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-ѓо Лалчевска.

Првото прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Благодарам, г-дине претседателе, а на вас пратеничке многу ви благодарам што ми дадовте шанса јавноста да ја слушне вистината за Злетовица. Имате еднострани информации и знам од каде доаѓаат.

Прво, апсолутно не е точно дека проектот доцни, а најмалку е точна констатацијата на пратеникот дека поради тоа ќе го загубиме кредитот.

Во програмата на Владата и во заклучокот точно стои дека во мај месец треба да се врши изборот на консултант. Спорот околу прашањето да се врши и да се

изврши е голем, и ние заклучивме дека во прашање е почеток на изборот на консултанти за овој проект.

На 25 мај 2004 година, врз основа на претходно бодирање извршено со помош на САП Мисијата, како инструктор на банката за обука на нашите стручњаци околу системот на бодирањето за избор на консултатн, донесено е решение што го потпишав, врз основа на кое прво рангираниот е ПСИ компанијата која требаше прво да ја достави понудата. По добивањето на решението доставен им е рок до 30 јуни 2004 гоидна, двете компании откако донесовме решение за испраќање на понуда да ги достават понудите односно прворангираната да ја достави понудата и таа тоа го направи.

Во моментот на донесувањето на решението со кое сме должни да ја известиме Јапонската банка и во моментот на испраќањето на понудата, прво рангираната да достави финансиска и техничка понуда, примероци од решението, односно од нашите решенија за уплата се испраќаат и до јапонскаста бнака која ниту преку својата САП мисија, ниту директно не стави апсолутно никаков приговор дека решението е задоцнето и дека понудата е задоцнета.

Врз основа на доставената финансиска и техничка понуда од прворангираната фирма ПСИ ПАСИФИК консалтинг компанија, се пристапи кон оценка и усогласување на техничкиот и на финансискиот дел. До 20 јули беше усогласен техничкиот дел околу обемот на трехничките услови што прворангираниот треба да ги пружи и почнаа преговорите окколу финансискиот дел што според процентите во Министерството беше апсолутно превисок за таков кредит.

Да информирам дека понудата на прворнгираната компанија беше преку 9 милиони долари што е над 10% од износот на вкупно одобрениот заем кој изнесува околу 82 милиони долари.

Откако констатирав дека врз основа на постапката што е водено од стручните служби, од Комисијата се направени одредени пропусти, односно дека Комисијата е доведувана во ситуација да смета и да постапува така што само јапонските фирми ќе бидат тие на кои ќе треба да се испратат понудите, според правилата на ОДА заемите, им го соопштив тоа на Јапонската банка и на прворангираниот консултант и изразив загриженост за начинот на постапувањето, притоа воопшто не доведувајќи го во прашање преговорите. Преговорите продолжија. Техничкиот дел беше усогласен. Запнавме кај финансискиот дел и во тој момент се појави нервоза и кај прворангираната фирма и кај јапонската Влада што сметам дека не требаше да

изрази загриуженост заради тоа што кредитот беше одобрен, финансиските услови и начинот на плаќање и каматат беа одобрени и само известувањето на банката и нејзината согласност за одредени дејствија беа во прашање. Од каде и зошто се појави таа загриженост на банкат, нема да коментирам овде, меѓутоа преговорите продолжија.

Пред три дена стигнаа и финансиското образложение на понудата во која особено симптоматично е тоа што се избрани и понудени голем број на домашни и стручни консултанти со хонорарот од 2600 долари по човек, иако сите тие се вработени и примаат плата. Кога ги видовме износите што се понудени и изнесуваат преку три милиони долари од вкупната цена од 9 милиони, веднаш се појави дилемата дали еден министер има право да си даде за слобода да прифати таква понуда, да го потпише договорот и да го стави во функција само затоа што, наводно, се доцни, или е потребно да ги заштити интересите на државата во поглед на кредитот и да се обиде финансискиот дел па и техничкиот да го смали во разумна мерка и она што е превисоко за наши прилики да го сведе на разумна мерка како не би овозможил да се одлејат големи средства од кредитот за консултантски услуги кои не се толку и не вредат толу како што пишува. Преговорите овие денови продолжуваат и заедно со Министерството за финансии ја разгледуваме финансиската понуда и се обидуваме во овој дел каде проценуваме дека апсолутно е превисока, да ја сведеме на пониско ниво. Тоа е во поглед на тој дел.

Го делам вашето мислење дека во постапката околу изборот на консултантите се замешаа различни лоби групи и дека во изборот и рангирањето на консултантите работите на некој начин побегнаа од контрола во таа смисла што имаше одредени притисоци и од банката, одредени сугестии и од банките и од другите, да се избере овој или оној на првата листа. Меѓутоа, мислам дека изборот на првиот консултант и прворангираниот, апсолутно нема да се доведе во прашање да се постигне договор со консултантите затоа што, ако не успееме да се согласиме и ако прворангираниот консултант не ги прифати нашите технички и нашите финансиски услови што сметам дека се оправдани како приговори, тогаш преговорите продолжуваат со второрангираниот, а тоа е МИПОН, колку да знае пратеничката со кој би ги продолжиле преговорите, велам би ги продолжиле, а не ќе ги продолжиме, откако пртходно ќе утврдиме дали и колку ќе успееме да ја симнеме финансиската и техничката понуда на прворангираниот консултант. Јас се надевам дека сепак ќе најдеме решение и решението овие денови ќе биде објавено. Значи, преговорите

траат, изборот е во тек, а правата што ги користиме како Влада на Република Македонија мислам дека ќе ги искористиме до крај.

Вториот дел од прашањето, или во коментарот стои дека ЈП Злетовица наводно е елиминирана од таа постапка, бидејќи има само еден претставник во таа Комисија. Да потсетам дека во Комисијата има еден претставник во Злетовица, од еден друг многу важен проект, директорот на Проектот за рехабилитација на наводнувањето, на Светската банка и тројца претставници од Министерството, а Злетовица има своја функција што е утврдена во договорот за кредитирање во кој стои дека извршна агенција е Министерството. Нема опасност да се загуби кредитот, нема опасост кредитот да се откаже затоа што во договорот што го имаме, а што може пратеничката да го добие, ако сака да го погледа, никаде не стои дека поради некое задоцнување од месец или два, мислам дека и такво нема, дека може некој да го откаже кредитот вреден 82 милиони долари, туку напротив интересот на сите страни, и на банката и на консултантите и на државата, а и на Владата е тој проект да се реализира, да се реализира што е мошно побрзо, меѓутоа, преговорите околу прашањето за финансискиот дел мораме да ги водиме внимателно и да ги заштитиме интересите на оние кои постојат тука.

Во врска со смената на директорот на Јавното пртпријатие, одговорно тврдам дека ниту кога беше именуван, ниту кога е разрешуван, Владата не е должна да даде образложение за заслугите или квалитетите што ги поседува директорот да биде избран, а уште помалку дадоа објаснување зошто е сменет.

Тоа се работи што во текот на проектот, врз основа на вршење на задачите ги оценуваме од случај во случај и во зависност од тоа донесуваме соодветна одлука. Новоназначениот директор ќе ја прими должноста и ќе продолжи да работи таму каде што претходниот застана, се разбира врз основа на програма што ќе ја понуди и за која ќе разговараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Госпоѓо Лалчевска, дали сте задоволни од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ќе почнам од последното излагање на министерот, па station наназад.

Прво, околу изборот на директорот јас само констатирав дека таму е променет директорот. Ниту кажав кој бил ни зошто бил, ниту пак барав да ми одговори министерот зошто е сменет. Само мојата констатација беше претпоставката дека

сега избраниот директор претпоставувам дека е член на комисијата, значи воопшто не навлегував во други дебати околу смената на директорот и не знам зошто министерот навлегуваше. Тоа е една работа.

А господине министре, дека проектот доцни е многу јасно од дописите кои стигнуваат од Јапонската банка.

Прво, од вас е побарано од претставник од Јапонската банка средба во септември за десети месец, која вие многу вешто сте ја избегнале.

Понатаму, во вториот допис во завршната реченица се вели: “Имајќи ја предвид сериозноста на ситуацијата, барам од вас цврста инвестиција за да се разреши сегашниот застој. Ние се надеваме дека ние и вашиот персонал ќе преземе итно дејство за да го вратиме проектот на вистинскиот пат”. Ова господине министре не е моја констатација, ова е извадок од дописот на претставник на Јапонската банка, што мене ми кажува дека навистина проектот доцни, а доцни затоа што вие велите дека од мај месец се започна изборот на консултантот. Требаше во април да заврши изборот на консултантот, а не од мај да започне. Значи ние доцниме некаде шест месеци. Единствено се согласувам со вас дека второрангирана, барем така ве разбрав, тоа е “Нипон Коел” компанијата, можеби е најсоодветна за избор. Нема да ви сугерирам, колку што мене ми е познато, таа околу осум години учествуваше во сондирањето и натамошното развивање на проектот на тој систем, значи многу добро ги познава состојбите околу изградбата на овој хидросистем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прашањето за тоа дали се доцни е спор меѓу нас и Јапонската банка и ако Јапонската банка има право да тврди дека проектот доцни, јас категорично тврдам дека не доцни. Ако Јапонската банка смета дека со тоа то ќе ни предочува дека проектот доцни месец, два или три, четири месеци, ќе не натера да прифатиме финансиска понуда на прворангираниот што е неповолна за Република Македонија, одговорно тврдам дека нема да потпишам договор за кој нема да проценам, во согласност со премиерот и другите министри кои ќе оцениме дека е соодветен, да може да оди во процедура, бидејќи интересот на Република Македонија и на граѓаните што го враќаат кредитот е кредитот, односно понудата да бидат финансиски соодветни. Ако  заради тоа се задоцни два или три месеци, подготвен

сум уште три месеци, и да стигнеме до 2010 година кога проектот треба да биде завршен, ама само да обезбедиме финансиска понуда која ќе биде поволна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање е упатено до Министерството за одбрана. Беше спомнато писмено да одговори, но бидејќи е тука министерот за одбрана, ако го знае прашањето, може да одговори.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Ќе доставиме писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе добиете одговор во писмена форма.

Процедурално, има збор госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Имам процедурална интервенција. Според Деловникот министерот треба да ми одговори усно, само ако ми се потребни дополнителни консултации тогаш може да одговори и писмено. Јас не знам какви консултации му се потребни во врска со ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Според Деловникот министерот и Владата одлучуваат дали ќе одговорат писмено или усмено. Погледнете го Деловникот. Можеби неколку пати тука сум погрешил, но сега знам дека сигурно е така.

Повелете господине Бучковски, имате збор.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Сакав да бидам до крај чесен бидејќи не го слушнав прашањето, за да не трпи расправата, реков дека ќе одговорам писмено. Инаку сум подготвен ако го повтори пратеничката прашањето, да одговорам и усно. Повелете, повторете го прашањето, не го слушнав прашањето, тоа беше проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, писмено ќе добиете одговор. Прашањето ќе го извадиме од стенограмот и писмено ќе го добиете одговорот, бидејќи според Деловникот тоа може да го направи министерот. Правила нема да кршиме сега овде, си има Деловник.

Третото прашање е упатено до Владата на Република Македонија во врска со “Сувенир”.

ХАРИ КОСТОВ:

Нормално е на вакви седници да се поставуваат прашања кои на некој начин може да се однесуваат на луѓе вработени и нивни семејства, тоа носи политички поени, кога некој наводно покажува грижа за нив, иако подолго време не е решавано прашањето. Меѓутоа, барем кога се поставува прашањето, треба да се употребуваат точни бројки, а не со бројки за 700 вработени затоа што “Сувенир” ниту во најдобри времиња кога работел немал 700 вработени, ниту пак денес кога се покренвуа друга соодветна постапка, односно бројот е нешто помалку од 500 вработени.

Меѓутоа, сакам да го кажам следното. Причината зошто државата која е сопственик над 97% од акциите се одлучува на постапка која ќе значи покренување на постапка на стечај и ликвидација на претпријатието, е заради економските бројки и заради ориентацијата на оваа Влада дека само пазарните услови, пазарната конкуренција и способноста на претпријатијата да остане на пазарот со профитабилно работење или со нула добивка, се претпријатија кои можат да опстанат и да работат на пазарот. “Сувенир” има над 20 милиони евра веќе искажани загуби, “Сувенир” има над 660 милиони денари неизмирени обврски. Само Министерството за одбрана има повеќе од 400 милиони денари побарувања од “Сувенир” за наводни договори, значи не од оваа или претходната година, туку од целото досегашно работење, 400 милиони денари побарувања за наводно аванси уплатени за добивање на определена муниција која ниту ќе биде некогаш изработена ниту ќе ја добие Министерството, затоа што тоа се тие бројки низ загубите. Според тоа, очигледно е јасно дека “Сувенир” нема никаква економска можност со ваква организација и ваков број вработени да опстане и да работи профитабилно, да не создава загуби, затоа што тие загуби или неподмирени обврски некој треба да ги подмирува. Ако е пратеничката или пратеничката група, од која се покренува прашањето на загриженоста за иднината на “Сувенир”, ако е тоа грижата и ако предложат дека државата има утврден буџет кој што ова Собрание го донесе, во него не се содржани исплати на плати на приватни, дури и на државни претпријатија кои немаат можност да опстанат. Ако таа пратеничка група покренува иницијатива дека се согласни и би требало даноците на претпријатијата кои се профитабилни и работат, ако треба даноците на државата спрема населението - ДДВ, персоналниот данок и тн. - да се зголемуваат за да се покриваат вакви непрофитабилни претпријатија во работењето, тоа може да биде нивна политика и нека им објаснат на граѓаните дека нивна политика е зголемување на даноците и на

стопанството и на населението за да се покриваат непрофитабилни претпријатија кои не можат да останат на пазарот. Оваа Влада нема да поддржува такво работење, нема да покрива плати и придонеси, неисплатени плати на приватни фирми, ниту пак да поддржува покривање на вакви загуби на претпријатија кои не можат понатаму да работат.

Затоа, Владата донесе соодветни заклучоци, се иницира стечајната постапка и постапката на ликвидацијата и како што одговорив во текот на денот, тоа е единствено постапка во која со трансформација на такви претпријатија може да се регулира, да се ослободат од досегашните обврски, затоа што не постои никаков инвеститор на светот кој би купил ваква фабрика каква што е сега “Сувенир”, така организирана со толкав број вработени, за која само покривањето на загубите би било 20 милиони евра. Било кој инвеститор со 20 милиони евра би направил сосема нова фабрика на сосема нова локација. Затоа, Владата покрена таква постапка, обезбеди од постојниот буџет од позициите на четири министерства, и тоа Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, обезбеди средства кои значат покривање и уплата на сите досегашни придонеси, неисплатени придонеси на вработените и исплата на пакет, согласно Законот за работни односи, во зависност од поминатиот работен стаж, најмногу до 8 плати. Средствата се обезбедени, одлуките се потпишани, дури напротив, се очекуваше од “Сувенир” и претпријатието да ги докомплетираат списоците, да ги направат точните пресметки, за да може тоа да биде исплатено. Се очекуваат нивните бројки, така што наредните денови тоа ќе биде завршено.

Според тоа, тоа што Владата ќе го направи во овој дел е, покрај решавањето на придонесите за сите вработени во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, покрај социјалниот пакет, понатаму и преструктуирање на претпријатието низ постапката на стечај и ликвидација и понуда на тендер, што не значи дека на крајот можеби нема да се создаде и едно мало претпријатие, меѓутоа, можеби со 10 души и само со еден погон кој што ќе произведува она што досега се произведуваше, муниција и тн. Меѓутоа, дека 500 души ќе произведуваат производ кој што нема пазар ниту во Република Македонија ниту пак во непосредното соседство, таква работа нема да се толерира затоа што на крајот сите тие цехови треба да ги плаќаат граѓаните или стопанството низ зголемени даноци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Благодарам господине премиер.

Госпоѓо Лалчевска, дали сте задоволна од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Вие господине премиер изгледа си начекавте добра прилика да си објасните што сте зацртале да правите, меѓутоа, јас ги разбирам бројките, ги разбирам и правилата на игра, но не можам да го разберам хуманиот дел, 500 луѓе, еве ќе се поправам во бројките, 500 вработени во еден регион каде што “Сувенир” е единствен субјект каде што можат да остварат егзистенција за живот, со четири плати и еден минимален социјален пакет да се остават. Мојата загриженост беше не за да го задржиме “Сувенир” вака како што е и да продуцираме загуби, туку овие вработени да ги решиме барем за подолг временски период. Тие таму немаат каде да најдат друго вработување, или ќе го иселиме овој регон со затворањето на фирмата, или не знам што понатаму ќе се случува со овие луѓе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине премиер.

ХАРИ КОСТОВ:

Драго ми е што околу правилата на играта се согласуваат дека такви правила на игра треба да постојат. Но социјалниот пакет е утврден согласно Законот и Владата мора да работи согласно законите така како што се предвидени. Потоа, дури и оние кои фактички со одењето во стечај и престанувањето на работниот однос, потоа и со трошењето на социјалниот пакет, луѓето ќе имаат право согласно законите кои ги регулираат социјалните права да остваруваат соодветни надоместоци по тој основ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со прашања.

Сега прашања ќе поставува господинот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитувани присутни, јас ќе го искористам правото денес да поставам три прашања, од кои две до Министерството за економија, иако гледам дека ниту министерот ниту заменикот на министерот не е тука, и едно прашање ќе упатам до Министерството за транспорт и врски. Се разбира, на првите две да добијам одговор во писмена форма.

Еве за што се работи. Прво, до Министерството за транспорт и врски, иако тоа прашање го поставивме и на поранешниот министер. Тоа е барање на граѓаните од Гостивар, Кичево и Тетово. Прашањето е:

Дали и кога ќе профункционира железничката линија, односно возот од Скопје за Кичево. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за економија. Еве за што се работи. Ова е барање на жителите на месните заедници односно селата од мавровскиот дел или поточно селата Маврово, Никифорово и Леуново. Истите прашуваат и прашањето се однесува на дел од нивните имоти кои со градењето на вештачкото  езеро Мавровското езеро во 1948 година, имотите им се одземени и за истите имоти, според нивните кажувања 50% се платени, додека 50% требало да им се издадат обврзници кои не им се издадени. Тие прашуваат дали во некоја идна приватизација на ЕСМ истите ќе имаат соодветен дел од дадените  средства во приватизацијата на ЕСМ.

Третото прашање повторно е до Министерството за економија, а се однесува на еден индустриски капацитет во Гостивар, кој некогаш беше бисер на кланичко-прехранбената индустрија, а тоа е капацитетот "Горни Полог" кој по една извршена транспарентна постапка на продажба, каде по сите одлуки и на Одборот на доверители и на Собрание на доверители и  Стечајниот совет, купувачите на "Горни Полог" веќе трети месец уплатените средства кои се пренесени, околу 500 илјади евра стојат на стечајната жиро сметка, но процедурата некаде е застаната. Затоа, истите прашуваат и упатуваат прашање до Министерството за економија, дали Министерството за економија е во тек со целокупната постапа околу приватизацијата на "Горни Полог" и што има истото преземено во тој правец, за да тоа претпријатие односно соодветниот капацитет во најскоро време да се рестартира и успешно да се рестартира, односно да почне со соодветно производство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСА

Првото прашање беше до министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку:

АГРОН БУЏАКУ:

Веќе одговорив на исто прашање денес. Претпоставувам дека почитуваниот пратеник не бил тука. Јас можам да го повторам тоа што го реков во врска со железничката линија до Кичево заради интересот на граѓаните.

Се работи за еден комплексен процес на трансформација на Јавното претпријатие “Македонски железници”, за кое законот веќе е подготвен и сите процедури околу социјалниот пакет се договараат на Владата. Во врска со трансформацијата на “Македонски железници”, тоа е поврзано со тешката финансиска состојба на ова Јавно претпријатие, поврзано со потребата од модернизација, поврзано со тоа што скоро сите железници во европските земји се субвенционирани од страна на државата и дека со оваа трансформација ќе проасне и економскиот интерес за тоа што се предвидува, транспортот, значи еден дел, ќе се дели, “Македонските железници” ќе се делат на два. Транспортот ќе се приватизира, додека инфраструктурата ќе остане на државата, така што со завршувањето на овој процес ние мислиме дека за сите овие линии прво ќе се подобри финансиската ситуација на “Македонски железници”, ќе се види и интересот кој постои да се услужи или да се сервисира од тие што ќе го  приватизираат транспортниот дел. Имаше многу причини за оваа ситуација во која се наоѓа Јавното претпријатие и повеќето се објективни, во врска со намалениот промет, во врска со конкуренцијата на превозот на стоките преку камиони, во врска со ситуацијата што владееше во Македонија и на Балканот, во врска со изградбата на нафтоводот што доведе до оваа ситуација, но јас мислам дека не само оваа линија туку и другата линија што е прекината, ќе гледаме со санирање на состојбите во што поскоро време да профункционираат во интерес на граѓаните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господин министре.

Господине Арсовски, дали сте задоволен од одговорот?

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Задоволен сум, веројатно во најскоро време ќе профункционира како што рече и самиот министер.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање е до Министерството за економија.

Второто и третото прашање  ќе бидат доставени до Министерството за економија и ќе се добие писмен одговор.

Продолжуваме со поставување прашања.

На ред е г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-ѓо потпретседателке.

Првото прашање мислам дека е до Министерството за транспорт и врски. Се работи за случајот комерцијални станови. Самоволието на директорот на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор на Република Македонија е посилно од Уставот и законите кое самоволие е подржано и од актуелната власт , надлежното Министерство за транспорт и врски и Владата. Јасно и недвосмислено се укажува на еклатантниот пример со купувачите на комерцијалните станови кои скоро три години никако да се доизградат и по четврти пат пролонгираните рокови за вселување кои што само си ги пласираше во јавноста станбеното претпријатие не се испочитувани. Дека горе наведеното според мислењето на купувачите на комерцијалните станови е точно се темели и на фактот што и народниот правобранител до кого се обратиле како група на граѓани за заштита на нивните законски права се гледа барањето со укажувањето и повторната ургенција од народниот правобранител во која истиот врз основа на материјални докази констатира дека, цитирам: “со условувањето да бидат склучени договори за кредит се повредуваат законските права на граѓаните, особено поради фактот дека во пред договорите е дадена сметката на јавното претпријатие на која купувачите по склучувањето на договорите за купопродажба се задолжени да ги плаќаат ануитетите без при тоа да биде предвидена обврската за склучување било какви договори за кредит”. При тоа во истото барање народниот правобранител укажува дека доколку купувачите не ги исполнуваат обврските, јавното претпријатие ќе има можност да постапи согласно одредбите од Законот за облигационите односи и да ги превземе сите мерки меѓу кои и раскинување на договорите поради неисполнување на обврските од истиот. Како што и е познато на јавноста преку печатот и телевизијата директорот на станбеното претпријатие дошол до оригинална идеја како да подигне кеш пари во име на купувачите од Стопанска банка на тој начин што ќе ги натера да земат кредит за преостанатиот долг од 50% кој според пред договорот требаше да се плаќа на сметка на станбеното претпријатие и без никакви условувања, жиранти, меници, административни забрани и сл. Се поставува прашањето кој е тој моќник да го условува купувачот, од која банка исклучиво да подигне кредит и исклучиво да го осигура станот преку Кјуби Македонија, односно како се избрани овие две институции без јавен тендер. Арогантноста на директорот оди до таму што упорно одбива да и соопшти на јавноста како е дојдено до горенаведениот, дали е спроведен таков тендер воопшто за избор на најповолен понудувач како и фактот дека доколку купувачите нема да ги прифатат неговите нови услови ќе останат без становите, односно ќе им се раскинат

договорите. Вредно е да се напомене дека според правни експерти доколку купувачите кои финансирале веќе 50% во изградбата на становите доколку се вселат, истиот нема право принудно да ги исели од становите, ниту да бара интервенција од полицијата се до тогаш додека не добие правосилна судска одлука. Бидејќи околностите поради кои истиот одбива да ги предаде во владение становите, ова се однесува за дел од изградените станови, по ниту еден основ неможат да се препишат на вина на купувачите.

На крај, вредно е да се напомене доколку се одлучат да го тужат станбеното претпријатие сите купувачи само за камати менаџерскиот тим на станбеното претпријатие цел работен век ќе треба да ја плаќа штетата. Во таков случај не би ни помислиле да ги изигруваат законските права на купувачите, а не со насмевка на лицето да кажат дека штетата ќе биде платена од Буџетот на Република Македонија. Доколку го изгубат спорот, на крај да напоменеме , каков кредибилитет би имала Владата и во сегментот на правната држава користењето на правото кога истата таа не го почитува во услови кога се пополнуваат европски прашалници. Истовремено го повикуваме народниот правобранител со соопштение да излезе во јавноста за конкретниот случај со комерцијалните станови и да го извести Собранието. И дали Антикорупциската комисија смета дека нема конфликт на интереси кога истовремено директорот на ова јавно станбено претпријатие е сопственик на приватната фирма Маркони која ги изведува столарските работи во становите, односно дали купувачите на становите треба да бидат жртва и санатори на состојбите во станбеното претпријатие за во нивно име да се подига кредит, пари во кеш за што според груби пресметки само на приватната банка ќе се одлеат 37 милиони евра, наместо тие да се слеат во касата на станбеното претпријатие. Ова е податок од Хелсиншкиот комитет за состојбата на човековите права во Република Македонија во Извештајот јули-август 2004 година за кое што и за едното и за другото постојат известувања.

Второто прашање би било до министерот за образование и наука.

Во последно време сведоци сме дека многу училишта неможат да ги примат своите ученици и да започне школската година поради катастрофално лошите состојби. Во истите посебно би ги спомнал основните училишта од Битолско, Долно Оризари и Могила , Бели, Кочанско и др. училишта за кои што вие подобро знаете од мене.

Прашањето до министерот би било, колку финансиски средства се оделени за поправка на основните училишта. Кои основни училишта се поправени, колку средства се издвоени и што треба според планот на Министерството да се заврши до крајот на 2004 година. За да го направите истото, дали предвидените средства задоволуваат, или има дополнителни побарувања од Буџетот на Република Македонија ?

Третото прашање до министерот за економија.

Владата на Република Македонија на шестата седница, мислам не со сегашниот премиер, на 3.12.2003 година, му одобри на ЕСМ да ги искористи средствата од рускиот долг кон Македонија во висина од 42 милиони долари за ревитализација на Термоелектраната -Битола и опрема за рудниците Осломеј и Суводол. Според таа одлука распределбата на средствата требаше да биде 27 милиони долари за термоелектрана - Битола, 15 милиони долари за рудниците. Во таа програма се предвидуваа повеќе активности. Јас би сакал да добијам информација од министерот за економија, дали воопшто се потпишани вакви договори, колку средства од ова е реализирано и дали рудничката опрема за новоотворениот рудник Брод Неотина ќе биде од оваа помош од рускиот долг, или пак тоа ќе биде кредит како што најави директорот на Јавното претпријатие, или АД ЕСМ кредит од некаде 130 милиони за купување на ваква рударска опрема. Значи третото прашање е до Министерството за економија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше поставено до министерот за транспорт и врски г-дин Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Во прашањето на почитуваниот пратеник Мавровски имаше не едно, туку повеќе прашања и во изнесените одговори на самите тие прашања имаше такви контрадикции што секој мој одговор на одделно прашање од целокупното прашање би бил контрадикторен во смисла на тоа, значи принципиелно да одговорам дека досега Јавното претпријатие и директорот, така било и порано најголемата тешкотија била наплата на кирија и проблемите што настанале врз таа основа. Ова беше замислено како еден начин средствата кои се добиваат со изградба и со продажба на станови сигурно ќе се наплатат. Во случај на некои паушални констатации и оптужби, јас ќе предложам да прифати г-динот Мавровски еден

комплетен писмен одговор од страна на Јавното претпријатие и Министерството за транспорт и врски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека нема основа за коментирање. ќе добиете писмен одговор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Само кратко да прокоментирам. Пред мене ги имам информациите од Хелсиншкиот комитет во кои токму се говори со податоци и бројки за ова што го имате и одлуките на Владата и одлуките на народниот правобранител и одлуката, ургенцијата од него од 5.08. под број 07-995/04. Мислам дека треба да ги имам овие информации, затоа што граѓаните три години очекуваат, се случуваат и останати работи, но за жал на оваа седница можеме да поставиме само по три прашања, дури и да ги доставиме писмено, така што се надевам ќе добиеме одговори за кои што ќе говориме наредната седница.

АГРОН БУЏАКУ:

Јас како што реков имаше повеќе прашања во едно прашање и во таа насока би сакал да нагласам дека за тоа е дискутирано и во Министерството и на Влада и дека има одредени заклучоци. А во врска со иницијативите кои беа, мислам дека и функцијата на Хелсиншкиот комитет е да ги штити правата на граѓаните. Но, сепак , треба да се види проблемот во еден поширок контекст, значо, каква била практиката досега, кој довел до таа практика и какви штети трпела државата до овој момент.

Што се однесува до становите, тие се привршуваат и како што реков со сите детали и статистики одговорот на Министерството и на Јавното претпријатие ќе биде доставен со сите потребни и барани податоци од страна на почитуваниот пратеник.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање е до Министерството за образование и наука.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Прашањето е доста обемно. Министерството за образование и наука има годишен план за санација на постојните капацитети и училишните објекти. Тој годишен план го прави врз основа на барањата на училиштата кои што претходно се доставуваат на крајот на тековната фискална година, буџетска година. Сега ќе ви доставам еден паушален податок дека нивните барања се од прилика 5 милијарди денари, потребите за интервентни санации на постојните објекти, а ние имаме на располагање најчесто на годишно ниво околу 180 милиони денари. Видете колкава

диспропорција постои на потребите и можностите во овој момент. Во овој момент од средствата на телекомот која што програма е започната веќе трета година се завршуваат два проекти на средни училишта, едното е во Тетово, другото е во Скопје. Тоа во Тетово после низа потешкотии ќе биде завршено до крајот на оваа календарска година, тој проект. Додека и покрај обезбедените средства за Скопје за гимназијата "Зеф Љуш Марку" кое што треба да се лоцира во Чаир. Објектот е започнат инфраструктурно, но заради големи правни потешкотии околу нерасчистени имотно-правни односи многу тешко може да биде завршен овој проект во даден временски период.

За училиштата во Бели, Моноспитово кои што почитуваниот пратеник ги спомена, започнати се инфраструктурните работи. Мислиме дека пред трансферирање на надлежностите на локалната самоуправа постои обврска на Министерството да бидат завршени овие проекти. А доколку зборува за состојбите воопштено, да, постои лоша инфраструктурна состојба најчесто во 90% од руралните средини во кои што објектите навистина се во многу лоша состојба. Но, гледано од аспект на број на ученици кои што ја посетуваат наставата, исто така постои алармантен податок дека има голем пад на наталитетот, или силни миграциони движења кои што довеле до драстично намалување на бројот на учениците. Ние се обидувавме со рационализација на паралелките, како што е добро познато на јавноста, делумно да го разрешиме тој проблем, но наидовме на страшни отпори, бидејќи можат да се предизвикаат уште посилни миграциони движења, на преселба на населението во градовите. Во одредени градски општини, особено во североисточниот дел на Македонија имаме обратна појава во која што имаме добри инфраструктурни услови, одлични објекти чии што капацитети не се во целост исполнети. Сметаме дека овие волжувања кои што се одвојуваат за инфраструктурни зафати навистина се недоволни, мали, но тоа се буџетските можности во моментов на Република Македонија. Постои огромна мрежа чие што урамнотежување според потребите на населението ќе биде реално направено кога ќе се трансферираат надлежностите, односно основачките права и управувањето со училишните објекти ќе биде извршено после трансферирањето, значи кога општинските власти, локалната самоуправа ќе ги преземе тие обврски. Доколку почитуваниот пратнеик инсистира на подетални анализи како се трошени тие средства, се разбира дека во овој момент усмено неможе да му се одговори, може да се одговори во писмена форма за оваа година како се потрошени тие средства.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Мавровски дали сте задоволен од одговорот?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам за одговорот, но мислам истиот е заклучокот и вашиот и мојот дека овие средства кои што ги издвојува државата во Буџетот апсолутно не задоволуваат ништо. Она што го говоревме по законите за финансирање на локалната самоуправа и пренесување на ургенциите, ако во овој момент Владата не е во состојба да ги оддели овие средства, тогаш руралните средини, за што говоревме цело време, апсолутно доаѓаат во ситуација овие училишта комплетно да ги затвориме. И она што го кажувавме дека овие рурални средини конечно да ги преселиме, но каде , и самите тие незнаат, затоа што се работи за деца, колку да се, мислам дека нивното патување во никакви услови, во зимски услови, ситуацијата во Струшко, со Луково, пренесување на децата во Битола со автобуси, мислам дека едноставно и она што нешто живее во моментот, ќе направиме да го уништиме. Мислам дека и Владата треба да најде сили, дали тоа ќе бидат некои донации и средства, затоа што сепак и како Влада и како држава поради хуманост и она што се залагаме сите за децата треба да најдеме начин овие училишта да ги оспособиме, барем да имаме едни минимални услови во кои што тие ќе можат да ја продолжат школската година, да не мислиме дека се работи за политика и дека децата не се пуштени на училиште поради тоа. Во овие моменти и по снимките што ги гледаме, апсолутно одиме во ситуација дека животот на тие деца е загрозен. Значи, Министерството и тука пред се премиерот мислам дека мора да изнајдат средства и ова треба да биде примарна работа која што во овие моменти ќе треба да се заврши.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до Министерството за економија. Нема претставник. Ќе биде писмено одговорено.

Прашања ќе постави г-динот Јордан Михаловски.

ЈОРДАН МИХАЛОВСКИ:

Почитувана потретпретседателке, претставници на Владата, колеги пратеници,

Имам две пратенички прашања.

Првото прашање е до Министерството за финансии, незнам дали има претставник, меѓутоа ќе го поставам прашањето.

Пред пет, шест месеци поставив пратеничко прашање во следнава форма.

Кога Министерството за финансии ќе дозволи на граничниот премин Деве Баир стоково царинење? Веќе подолг период на граничниот премин Деве Баир не се врши стоково царинење со што е доведено во прашање рентабилното работење на сите шпедиции за егзистенција на околу 30 луѓе што работат во шпедициите. Меѓутоа, проблемот е уште поширок со оглед на тоа дека овој граничен премин ги има сите стандарди за ваква квалитетна услуга. А одговорот на Владата беше дека таму веќе е завршена едукација на цариниците и дека е извршена и комјутеризација на граничниот премин. Знам дека на овој граничен премин во времето на претходната власт имаше субјективни слабости, царините од стоковото царинење одеа директно во касата на ВМРО-ДПМНЕ,за тоа имам и докази, можам да го потврдам. Меѓутоа, неможе вечно да се казнува овој граничен премин со оглед на тоа дека ги исполнува стандардите. Одговорот на Владата последен пат кога ни беше одговорено беше дека во најскоро време ќе почне стоково царинење. Незнам зошто толку скепса, зошто толку блокади. Мислам дека нецелисходно е да постои овој граничен премин и да биде втор по фреквенција, а оваа услуга да не се дава таму, да се дава услугата во Скопје.

Тоа е едното прашање.

Второто прашање, повторно поврзано за граничниот премин Деве Баир.

Незнам на кого да го насловам, со оглед на тоа дека се измешани ингеренции на повеќе министерства од Владата, меѓутоа ќе најдат кој да ми одговори, бидејќи подолго време пунктот за санитарна дезинфекција на возилата на граничниот премин Деве Баир не работи. Знам дека за вакви стандарди се договараат две држави со оглед на тоа дека на Бугарската страна работи овој пункт и нашите граѓани плаќаат по две евра за поминување.

Зошто државата не сака да ги собира овие пари, а доколку се работи, според мои сознанија, за реципрочна, договорена обврска меѓу двете држави, тогаш реципрочно треба да се спроведува оваа одлука на двете страни. Вака, испаѓа дека македонската страна не само што е оштетена, не само што пунктот не работи, туку и не се слеваат пари во државната каса по овој основ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Првото прашање е упатено до Министерството за финансии. Јас не гледам да има претставник.

Бодејќи нема претставник прашањето ќе биде одговорено во писмена форма.

Второто прашаање е за санитарната инспекција, доставено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Господине Петров дали е тоа во вашиот сектор?

Ако е во здравство, од таму исто така не гледам никого. Тогаш жалам, господине Михајловски и тоа прашање ќе биде одговорено писмено, па на идната седница ќе се произнесете дали сте задоволен од одговорот.

Благодарам.

Одиме понатаму со поставување прашања.

На ред е господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Мислам дека ќе поставам три прашања.

Првото прашање е до министерот за образование, господинот Положани, и конкретно со училиштата во Струга. За жал неколку манифестации по повод ставањето на темелот во училиштето во Доборјам, во Подгорци, во Калиште, каде за жал се уништи полето, спортското поле, изградено од бившата Влада, спортското поле, стадионот, мислам сега и во Радолиште, се отпочна работењето на работите и јас ги поздравувам постапките кои се поврзуваат со такви манифестации. Овие манифестации ни останаа од времето на комунизмот, но обично тие имаат, 21-от ефект е дека сите да се радуваме доколку изградиме нешто но обично се бара или се инсистира и во вториот ефект за да се направи една пропаганда пред јавноста. За жал покрај училиштето во Радолиште, сите училишта што ги спомнав Добовјани, Подгорци, Калиште, има неколку години што се во изградба и никако да се завршат. Дури министерот изјавува дека оваа Влада гради училишта, а не другите влади кои биле претходно.

Да го потсетам министерот дека токму во таа Струга се изградени училишта кои се пример за Македонија. Училиштето во Франгово, во Татеши, училиштата во Ливада, Делогожди. Но моето прашање е во однос на последново. Моево прашање е контрено за овие училишта, кои ги спомнав дали постои техничка документација во која влегува и дозволата за градба. Ова е под еден.

И под два, за изградбата на овие училишта дали е прогласен тендер. Бидејќи позитивните одредби ја обврзуваат средствата, јавните средства да се користат во одредена утврдена постапка.

Второто прашање е следно. Исто така се однесува  до министерот Азис Положани, молам господинот Герамитчиоски, да не се навреди бидејќи сакам да го поштедам, ова е причината што му се обраќам на министерот.

Минатата година имавме една состојба во еден момент кога сосема мега тема беше паралелката на албански јазик во Битола и основањето на јавниот универзитет во Тетово. Јас претпочитам да кажам не легализирање туку основање на новиот универзитет во Тетово.

За жал јавноста во Македонија се подели, македонскиот се сконцентрира во Битола. Значи на секој начин училиштето во Битола да се затвори и резултираше одлуката на министерот да се повлече, дерогира или да се отповика заменикот министер. Сигурно дека министерот мислеше дека со донесувањето на таа одлука не го консултира и заменикот министер, но мислам дека со отповикувањето тие заедно постапувале и дејствуале. Моето прашање е следно и многу конкретно.

Дали овие две основања, условно речено беа случајни коинциденции или ова беше намерна коинциденција. Значи, зборувам за два случаи.

Ќе нагласам, доколку одговорот е случајна коинциденција министерот вети дека таа паралелка ќе се отвори во Битола. Зошто во текот на оваа учебна година не се разговараше и не се оствари тоа што го вети министерот.

Третото прашање повторно е во однос на подрачјето од Битола и се однесува воглавно за заменикот премиер Џафери, кој е одговорен за ресорот јавна администрација, така мислам јас, но истовремено и господинот Положани кој е пратеник донесен од таа зона, зборувам за Битола каде по 50 години условно речено еднаш се избра директор на поштата албанец, се избра директор на Заводот за вработување исто така албанец, Центарот за социјални работи, Центарот за згрижување на деца, се избра директор на социјалниот центар во Ресен, се избраа исто така неколку раководители на секторите по финансии во Битола од редот на албанците,  додека со доаѓањето на оваа власт сите овие се заменија и се поставија македонци на тие работни места.

Не ќе беше толку трагично, доколку се направеа нови вработувања, посебно во Битола, во Ресе, во Црнилиште, во Дебреште, но за жал ниту едно вработување не е реализирано, не е остварено. Прашањето е следно и конкретно.

Како размислува Владата, а посебно албанскиот партиципиент во оваа Влада да го интегрира овој дел на албанците во системот доколку продолжи со политиката на отпуштање на албанците од раководните места, но уште полошо кога немаме

нови вработувања. Посебно и во овој момент кога знаете добро дека и за новиот предлог на децентрализацијата ја нема општина Бистрица која имаше доста албански села, исчезнува општина Житоше која исто така имаше своја политичка тежина. Значи, во овој контекст дали Владата има план и партнерот во Владата овој дел на албанците во Македонија да го интегрира во државниот систем и на кој начин тоа ќе го направи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред да преминеме на одговорите на прашањата би си дозволила во мое и во ваше име почитувани колеги пратеници да го поздравам присуството на господинот Брог Биргман, кој што е раководител, директор на Службата во американската агенција за меѓународна соработка од Вашингтон.

Добродојдовте господине Биргман.

(Поздрав на господинот Бигман од пратениците со аплауз).

Првото прашање беше до Министерството за образование.

Има збор заменик министерот господинот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Иако прашањата беа директно поставено до министерот Положани, јас ќе се обидам да дадам делумен одговор од страна на Министерството за образование и наука.

Во однос на првото прашање за инфраструктурните објекти во Струшко, посебно Радолишта, Подгорци, кои што се отпочнати градбените работи, веќе одреден временски период се изведуваат одредени градежни операции.

По однос на прашањето дали постои техничка документација постапката пред да започнат сите важни градежни операции налага да има соодветен елаборат со соодветна техничка документација која што се приложува до Министерството за образование и наука, поточно до Секторот за инвестиции. Се разбира дека е потребно да биде распишан тендер за избор на изведувачот.

Да нема некоја забуна, овие градежни работи, овие тековни инвестиции се започнати пред околу две години, така да во тој временски период постоеја други услови на начинот на доделување на инвестициите. Зошто каснат работите, или зошто некои работи се пролонгирани се обидов да одговорам на претходното прашање. Недостигот на средства за потребите и постојните можности е евидентна диспропорција и се надеваме, барем така е нашата политика дека пред трансферирање на надлежностите во поглед на инфраструктурата кога ќе ги

преземат надлежностите општините да бидат завршени сите оние објекти кои што биле започнати со градба.

За оваа буџетска година ние предвидовме значителен дел на средства да биде наменски потрошен особено во делот на оние објекти кои што се започнати.

Не е едноставно да се направи едно училиште бидејќи и самите тековни одржувања на постојните објекти бараат огромен дел на средствата да биде пренасочуван за таа намена.

Доколку почитуваниот пратеник смета дека треба министерот Положани да му одговори директно на ова прашање тогаш нека се произнесе во писмена форма дали е потребно тоа дополнително да биде направено.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Насуфи дали сте задоволни од одговорот.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас повторно се заблагодараувам на господинот Герамитчиоски за залагањето, но прашањето е сосема јасно. Дали имало тендер или немало тендер? Дали имало дозвола за градба, или нема дозвола за градба? Ние сите зборуваме за корупцијата. Сите говориме за една постапка која и се заканува на Македонија. Прашањето е многу јасно. За четирите училишта дали има дозвола за градба, дали има распишано тендер и на кој начин?

На ова треба да ни се одговори писмено како и на другите прашања кои што ги поставив.

Тоа го барам од министерот и заменикот премиер на Владата, кој го нагласив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали добро разбрав, на сите други прашања барате писмено да ви се одговори?

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање исто така е до Министерството за образование.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

На првото прашање дополнително ќе ви биде дополнително доставен дополнителен одговор.

На второто прашање,за паралелката на албански јазик за која дополнително се направи дополнително обид да се потвори јасве уверувам дека е случајна коинциденција и не можат да се поврзуваат двата случаи, на Тетовскиот универзитет и  на отворње на паралелка на албански јазик во Битола, бидејќи двата случаи немаат никаква поврзаност еден со друг. Доколку се инсинуира нешто ве уверувам дека е случајна коинциденција, не беа поврзани тие два случаи на некое, условнокажано пазарење.

Зошто не се отвори паралелката во Битола, веќе неколку пати беа давани одговори на оваа позицијаи јас повторно ќе кажам.

Затоа што навистина не постоеа услови за одвивање на настава на тој јазик, бидјеки и тогаш немаше доволн број на ученици, а и не постоеја ниту просторни ниту кадровскиуслови за реализација на таков проект. Без намалувања на законските права на албанската заедница која што живее на тоа подрачје ние посочивме дека тие права ќе бидат остварени со отворање на паралелка дополнителна гимназиска во најблиската средина во која што постојат услови за реализација на ваква програма. Со тоа ставивме крај на тој случај и мислиме дека нема потреба повторно да се отвора бидјеки загарантираните права со Уставот ќе се остварат на тој начин. Значи таа програма ќе биде остварена на тој начин.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Господине Насуфи дали сте задоволен од одговорот.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Не сум задоволен од одговорот бидејки минситерот Положани по повод донесувањето на одлука или отповикувањето на неговата одлука од стран ана заменикот на минситерот изрази дека во поволен момент таа идеја ќе се актуелизира повторно. Затоа јас побарав непосреден одговор од минситеерот.

Затоа нека ми извини г. заменик министер, г. претседател инсистирам од вас од министерот барам писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние ќе го испратиме барањето до Министерството за образование за да добиете од министерот писмен одговор.

И за третото прашање баравте писмен одговор.

Значи, завршивме со вашите три прашања.

(Некој од присутните бара збор).

Во име на што ќе се вклучите?

(Тој што бара збор му објаснува на претседателот зошто сака да се вклучи во расправа).

Јас мислам дека прашањето не беше упатено до вас, туку беше упатено до Владата, до г.Џафери. Писмено ќе се одговори.

Повелете г. Блаже Стојаноски, имате 10 минути.

Бидејки не е тука г. Блаже Стојаноски следниот е Лилјана Поповска.

Повелете.

(Господинот Блаже Стојаноски  влегува во салата).

Јас се извинувам, но сега ќе причекате после госпоѓата Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска имате 10 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. претседателе.

Почитувани господа минситри, почитувнаи колеги пратеници.

Првотопрашање е до Министерството за здравство.

Ме интересира до каде е кадровското екипирање на Домот за терминални случаи Сју Рајдер во Битола, бидјеки објектот е готов со помош на англиската влада. Тој предвидува да се овозможи претстој на околу 75 болни во него, има  огромна потреба за такви болни. Значи, објектот е готов, па докаде е кадровското екипирање.

Второто прашање е до Министерството за образование.

Ме интересира дали Министерството има во план оваа година да направи некое подобрување на инфраструктурата во оснвоните училишта во Чаир. Особено би го спомнала Оснвоното училиште “Васил Главинов” со над 900 ученици, типично мултиетничко училиште, со голема традиција, повеќе од 50 години. Тоа е навистина во лоша состојба, како што се впрочем училиштата во населбите Топаанско поле, Чаир, Бутел и други од општината Чаир.

Ова прашање го поставив минатата година и тогаш минситерот за образование, г. Positioned Положани покажа големо разбирање за оваа проблематика и вети дека ќе се превземат соодветни чекори,па ме интересира дали годинава ќе бидат во можност да превземат нешто.

Тоа би биле моите две прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е до Министерството за здравство, не гледам ни еден претставник, можеби писмено да ви се одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи на првото прашање ќе биде писмено одговорено.

Тука е заменик минситерот за образование, може да одговори за училиштата воЧаир и нивна инфраструктурна подготвеност.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Посочените училишта се во Годишната програма која што сега тековно е реализир. Средствата кои што се обезбедени не се доволни за завршување на тие инфраструктурни зафати и затоа ги дадовме како предлог пред меѓународни институции што изразијА интерес за донации на средства, за подобрување на инфраструктурата. Се надеваме дека, доколку тие средства пристигнат до крајот на годината, се реализираат тие нивни намери, дека ќе бидат завршени зафатеите што беа предвидени за тие тековни училишта. Доколку не, ќе се продолжи и наредната годинана тие објекти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот Поповски  е задоволен од одговорот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Генерално да, добро е што се прават напори, да се надеваме дека ќе вродат со плод.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Блаже Стојаноски ги имате вашите 10 минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе.

Првото прашање сакам да го поставам до премиерот на Владата на Република Македонија, г. Хари Костов. А, тоа е следно:

Министерот за економија ја даде неговата дефиниција за падот на индустриското производство. Интересно е да слушнеме како премиерот го дефинира падот на индустриското производство?

Второто прашање е до Владата, а тоа гласи: - Дали Владата смета дека договорот за дело претставува законски основ за ангажирање на лица во јавната

администрација, во јавните установи, јавните претпријатија и другите организации, колку вакви лица се ангажирани со договор на дело и каде, тоа сигурно во писмена форма ќе биде доставено и, ако не смета дека тоа е законски, до кога мисли да го толерира ваквиот начин на ангажирање на лица?

Третото прашање е за минситерот за внатрешни работи. Се однесува на измените на Законот за безбедност на патниот сообраќај, односно за употреба на светла при возењето на автомобили, односно на превозни средства во населените места. Значи, дали министерот за внатрешни работи или Владата може во негово име да одговори, смета дека законот се однесува и за задолжително употреба на светла на средствата за превоз во населените места, а не само надвор од нив.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија, директно премиерот.

Повелете г-дине Претседателе.

ХАРИ КОСТОВ:

Мојот одговор нема да биде како по прашањето кога беше прашањето за интерпелација на Владата, туку ќе се обидам, навистина во неколку елементи да го сумираме тоа што се однесува на падот на индустриското производство во текот на оваа година.

Прво, уште еднаш, не знам, можеби по десетти пат ќе повторам дека Владата на Република Македонија, не само што верува, туку и стои зад официјалните бројки што Републичкиот завод за статистика ги објави и ги објавува во целиот овој приод. Така што никаква бројка околу тоа што значи пад на производството во април-мај-јуни и т.н. не е причина за билокакви промени во Заводот за статистика. И дури, и покрај тоа што сега производството и натаму е со индекс што покажува пад на производството, тоа нема да биде причина да следуваат и други промени во Заводот за статистика.

Јас ќе укажам на неколку елементи што се причина за падот на тоа индустриско производство.

Прво, не оспорувајќи го репрезентативноста на Примерокот, од аспект на методологиите што се применети и на ЕУРОСТАТ и на други меѓународни прописи што ја пропишуваат методологијата за формирање на Примерокот на претпријатија

што го сочинуваат репрезентативниот примерок за следење на индустриското производство, ќе укажам дека тој индекс, таа структура фактички на Репрезентативниот примерок во Македонија не е променета во последните 5 години.

Тоа е во согласнсот со некоја методологија, м еѓутоа методологија што значи следење на економии, индустриски производства што се помалку динамични, кај кои не настануваат промени. Во Република Македонија тој Примерок не е променет во 5 години и по меѓународните стандарди ќе се менува во текот на наредната година, односно на почетокот на 2005 година.

За разлика од Република Македонија, во некои земји, како што е на пример во Чека, во Бугарија и т.н., каде што промените на Репрезентативниот примерок се почести, заради промените штонастануваат од аспект на трансформации на претпријатија, преструктуирање и т.н., се вршат на 2 години. Во Македонија не е вршено во 5 години и тука не се опфатени претпријатија што отишле во стечај, наместо нив завршила стечајната постапка започнале нови претпријатија да функционираат и тие веќе не се опфатени во овој Примерок, затоа што не биле опфатени ниту пред 5 години кога Примерокто се формирал.

Значи, не оспорувајки дека мметодолошки репрезентативниот примерок на 5 години е законски и методолошки во ред, сепа тој не ги опфаќа сит еоние промени што во изминативе 5 години настанаа во Република Македонија од аспект на структурни преструктуирања, од аспект на стечајни постапки, завршени и формирани нови претпријатија и тие нови претпријатија сега не се опфатени во индексот на индустриското производство.

Понатаму, исто така дел од причините за падот на индустриското производство е што кај значаен дел од претпријатијата, било во делот на постапки што се покажаа како нелегални приватизации, било од постапки што заради аранжманите со загубарите мораа да одат во стечај, а сеуште не се дојдени во фаза да дел од тие претпријатија бидат активирани, како на пример ако зборуваме за незаконска приватизација во Бучим што отиде во стечај па не се активира, во Топилницата и Хемиската индустрија Велес што исто така се покажа со одлуки на судовите дека беа нелегално приватизирани, односно се појваи нелегален сопственик кој наводно, некое време работеше, а сега скоро повеќе од година дена тие два значајни капацитети, на пример во Велес, не работат.

Понатаму рудниците, затоа што ако го погледнете соопштението на Републичкиот завод за статистика во делот на рудниците, во индексот на

производството стои нула. Што значи дека кај нив нема никакво производство и затоа е еден од елементите за намалување на индустриското производство.

Една од причините е и бавноста на стечајните псотапки за што денеска посветивме пвоеќе време и имаше поставено повеќе прашања и тие стечајни постапки, заради, можеби неефикасноста на законските прописи и на судските постапки околу регулирањето на стечајните постапки трајат повеЌе години, да не зборувам и за интересите на стечајните управници кои самите сакаат тие постапки да трајат подолго затоа што на соодветен начин си наоѓаат свои сопствени интереси за работни ангажирања, бавноста во тие постапки исто така влече во делот на она што значи пад на индустриското производство.

Кон ова би го спомнал и примерот во црната металургија каде што во определен значаен период во текот на оваа година, едни од позначајните капацитети од поранешна Рудници и Железарница “Балкан стил” и т.н. не работеше, па токму затоа во почетокот на годината и индексот на падот на индустриското производство беше и најголем. Ако се сеќавате од јануари наваму оди со една динамика 40-30-25 и после тоа, во последниот месец, тоа што фактички ние укажувавме дкеа сега, со активирањето на дел од капацитетите во црната металургија, дека ќе следи намалување на овој пад и дека очекуваме до крајот на годината, најверојатно да може да се приближиме до една состојба каде што ваков репрезентативен примерок, како што е сега утврден за претпријатијата што го сочинуваат индустриското производство, сепак докрајот на годианта можеме да очекуваме пеглање на тој пад на производството и да дојдеме во состојба до бројак што ќе значи, ако не друго, барем некоја нула.

И, независно од тоа како се гледаат резултатите, како тие се појавуваат, презентираат во последниве неколку месеци, факт е дека тоа активирање на дел од капацитети, месечно, води кон набавување на падот на индустриското производство. Затоа, спореден јануари-август 2004 година во однос на јануари-август 2003 година, индексот кај индустриското производство изнесува 84, односно намаленото производство во однос на минатата година на овој примерок е 16 процентни поени. Токму тоа покажува дека од бројката што од почетокот изнесуваше -40, -35, -25, -23, сега е сведено на -16 со наше натамошно очеквуање, затоа што ако погледате каков е индексот само кај “Балкан стил” од индекс 420 и нешто, значи 4 пати зголемено производство вооднос на минатата година во тој период, наше очеквуање е дека ова намалување од 16% во наредниве неколку месеци исто така ќе се намалува уште

повеќе, па так аќе дојде до 14, до 13, до 12 и велам до крајот на годината можеме да очекуваме, ако не друго, барем една позитивна нула во овој дел на структурата на индустриското производство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Иако времето истече, работното време, сепак ќе прашам дали сте задоволни со одговорот г. Стојаноски?

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Покрај овие методолошки причини за кои што кажа премиерот, покрај тоа што беше потврдено дека многу фирми работеле порано, а сега веќе не работат, покрај тоа што е јасно дека нема дирекни инвестиции, со тоа нема ни производство, ново производство, можам да кажам дека, фактички да го дополнам премиерот дека тој не кажа дека е ова последица на неефикасната економска политика на Владата на Република Македонија, на правната несигурност во државата, на постоењето на корупција, како и на недостиг на кредитна поддршка на фирмите и мешањето на владините институции во работењето на овие фирми. Ова се едниод главнит епричини за овој пад.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

На другите две прашања ќе добиете одговор...

(Претседателот на Владата на Република Македонија бара да добие збор да одговори на дополнувањето од пратеникот Блаже Стојаноски).

Повелете претседателе, една минута.

ХАРИ КОСТОВ:

Многу кратко, само тоа дека Валдата воопшто не се меша во работењето на фирмите, а се согласувам околу неефикасноста на некои правни процедури, затоа што, доколку правните процедури беа ефикасни и во времето кога се продаваше Бучим, немаше нкој да ги лаже работниците дека ќе јадат Мекдолнадс сендвичи кога се приватизира така како што се приватизира. А, до тогаш Бучим успешно работеше и без тоа што не јадеа Мегдоналдс сенвичи вработените.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На другите две прашања ќе добиете писмен одговор.

Ја заклучувам 79-та седница на Собранието на Република Македонија.

Потсетувам дека утре имаме свечена седница во 12,00 часот, ќе се обрати г. Романо Проди.

(Седницата со работа заврши во 17,02 часот).